Јасмина Поповска
Jasmina Popovska

80 години Институт за филозофија – 80 години развој на филозофската мисла на македонски јазик

80 years Institute of Philosophy – 80 years Development of Philosophical Thought in Macedonian Language

Издавач:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет

Publisher:
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy

Главен уредник:
Проф. д-р Оливер Бакрески

Editor-in-Chef:
Prof. Oliver Bakreski, PhD

Рецензенти:
Проф. д-р Борче Илиевски
Проф. д-р Ристо Солунчев

Reviewers:
Prof. Borče Ilievski, PhD
Prof. Risto Solunčev, PhD

Лектура:
Валентина Бачваровска

Language Editor:
Valentina Bačvarovska

Превод од македонски на англиски јазик:
Јасмина Поповска

Translation from Macedonian to English:
Jasmina Popovska

Дизајн:
Елизабета Анѓелова Шурбевски

Design:
Elizabeta Angelova Šurbevski

Печати:
Студентски сервис – Скопје

Printing:
Studentski servis - Skopje

Тираж: 22
Скопје, 2026

22 copies
Skopje, 2026



СОДРЖИНА
TABLE OF CONTENTS

7 **ВОВЕД**
INTRODUCTION

12 **1. ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ**
1. HISTORICAL CONTEXT

14 1.1. Институционалната филозофска дејност во Македонија пред формирањето на Институтот (1920-1944)

1.1. Institutional Philosophical Activity in Macedonia Prior to the Establishment of the Institute (1920–1944)

26 1.2. Формирањето на Институтот за филозофија (1946-1991)

1.2. The Formation of the Department of Philosophy (1946–1991)

34 1.3. Институтот за филозофија по осамостојувањето на Македонија (1991-2026)

1.3. The Institute of Philosophy after the Independence of Macedonia (1991–2026)

39 **2. НАСТАВА**
2.1. Додипломски студии
2. STUDIES
2.1. Undergraduate Studies

46 2.2. Последипломски студии
2.2. Graduate Studies

59 2.3. Докторски студии
2.3. Doctoral Studies

72 **3. НАУЧНА ДЕЈНОСТ**
3.1. Развој на филозофските дисциплини
3.1.1. Историја на филозофијата
3. RESEARCH ACTIVITY
3.1. The Development of Philosophical Disciplines
3.1.1. History of Philosophy

82 3.1.2. Логика и филозофија на јазикот
3.1.2. Logic and Philosophy of Language

87 3.1.3. Онтологија и теорија на познанието
3.1.3. Ontology and Theory of Knowledge

89 3.1.4. Естетика
3.1.4. Aesthetics

95 3.1.5. Етика
3.1.5. Ethics

100 3.1.6. Филозофија на политиката
3.1.6. Political Philosophy

102 3.1.7. Филозофија на религијата
3.1.7. Philosophy of Religion

104 3.1.8. Филозофска антропологија
3.1.8. Philosophical Anthropology

107 3.1.9. Методика на наставата по филозофија
3.1.9. Methodics of Philosophy Teaching

109 3.2. Истражувачки центри, лаборатории, публикации, проекти, настани
3.2.1. Естетичка лабораторија

3.2. Research Centers, Laboratories, Publications, Research Projects, and Academic Events
3.2.1. Aesthetic Laboratory

114 3.2.2. Центар за интегративна биоетика
3.2.2. Center for Integrative Bioethics

116 3.2.3. Публикации
3.2.3.1. Списание
3.2.3. Publications
3.2.3.1. Journal

117 3.2.3.2. Други публикации
3.2.3.2. Other Publications

121 3.2.4. Проекти
3.2.4. Projects

132 3.2.5. Конференции, летни школи и други настани
3.2.5. Conferences, Summer Schools, and Other Events

143 3.2.6. Guest Lectures

144 3.2.6. Гостински предавања

149 3.2.7. Мобилност
3.2.7. Mobility

153 4. ФИЛОЗОФСКИ ЖИВОТ
4.1. Соработката со Филозофското друштво на Македонија (ФДМ)
4. PHILOSOPHICAL LIFE
4.1. Cooperation with the Philosophical Society of Macedonia (PSM)

154 4.1.1. Публикации
4.1.1.1. Филозофска трибина
4.1.1. Publications
4.1.1.1. Filozofska Tribina/Philosophical Tribune

156 4.1.1.2. Зборници
4.1.1.2. Proceedings Volumes

158 4.1.2. Светски ден на филозофијата
4.1.2. World Philosophy Day

162 4.1.3. Филозофски филмски фестивал
4.1.3. Philosophical Film Festival

165 4.1.4. Други настани
4.1.4. Other Events

169 4.2. Пошироко општествено и културно значење на Институтот
4.2. The Institute's Broader Social and Cultural Significance

178 4.3. Награди и признанија
4.3. Awards and Distinctions

181 5. СТУДЕНТИ
5. STUDENTS

185 5.1. Истакнати студенти
5.1. Distinguished Students

186 5.2. Студентски научен ангажман (истражувања, конференции, мобилност)
5.2. Student Research Engagement (Research, Conferences, and Mobility)

189 5.3. Алумни
5.3. Alumni

190 6. БИБЛИОТЕКА
6. LIBRARY

192 7. КУРИОЗИТЕТНИ ФАКТИ ЗА НАСТАВАТА И ЗА НАСТАВНИЦИТЕ НА ИНСТИТУТОТ
7. CURIOUS FACTS ABOUT THE TEACHING AND FACULTY OF THE INSTITUTE

197 КУСИ БИОГРАФИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА (1946-2026)
SHORT BIOGRAPHIES OF THE FACULTY OF THE INSTITUTE OF PHILOSOPHY (1946–2026)

230 КУСИ БИОГРАФИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1920 ДО 1944 ГОДИНА
SHORT BIOGRAPHIES OF THE FACULTY MEMBERS (1920–1944)

236 ГАЛЕРИЈА
GALLERY

255 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА
LITERATURE

ВОВЕД

Оваа монографија е изработена со цел на едно место да се слее најзначајната фактографија за осумдесетиската дејност на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје. Токму како што му прилега на едно јубилејно издание направен е напор вредносните и интерпретативните сегменти на ваквиот приказ да бидат сведени на минимум. Сепак, треба да се има предвид дека ниедно подредување, сопоставување, класификација или сукцесија не се случајни и дека секоја реконструкција на минатото е подложна на веќе воспоставени, свесно или несвесно, научни и вредносни критериуми според кои таа се спроведува. Институционалната историја е историја на идеи, дисциплини и методолошки ориентации што имаат потреба за смисловно поврзување. Тоа секогаш подразбира избор на она што ќе биде истакнато, што ќе биде ставено во контекст, а и на она што ќе остане во сенка. Затоа, покрај фактографскиот материјал, оваа монографија ќе ги проследи и концептуалните линии што го обликувале идентитетот на Институтот, развојот на неговите научни подрачја, трансформацијата на теориските парадигми и односот меѓу наставната и истражувачката дејност, без да

INTRODUCTION

This monograph has been prepared with the aim of bringing together, in a single volume, the most important factual record of the eighty-year history of the Institute of Philosophy at the Faculty of Philosophy in Skopje. As befits a jubilee publication, particular care has been taken to keep evaluative judgments and interpretative claims to a minimum. Yet it must be acknowledged that no arrangement, no classification, and no narrative sequence is entirely neutral. Every reconstruction of the past reflects a set of interpretative choices and evaluative criteria, whether consciously embraced or unconsciously inherited. The history of an institution represents a history of ideas, disciplines, and methodological orientations that call for meaningful interpretation and connection. Any account of institutional development therefore entails choices regarding what is emphasized, what is contextualized, and what remains at the margins of the narrative. Accordingly, this monograph seeks not only to document the factual development of the Institute but also to trace the conceptual trajectories that have shaped its identity. Particular attention is devoted to the formation of its disciplinary fields, the evolution of its theoretical paradigms, and the changing relationship between teaching and

претендира на конечна реконструкција.

Оваа монографија опфаќа повеќе аспекти од осумдецениското развој на Институтот за филозофија: неговата институционална историја, развојот на наставата и научноистражувачката дејност, оформувањето на поединечните филозофски дисциплини, меѓународната соработка, издавачката и проектната активност, како и поширокото културно и општествено влијание на неговите членови. Во неа се вклучени податоци за наставниот кадар, студиските програми, научните собири, публикациите, магистерските и докторските истражувања, гостинските предавања, студентските активности и различните форми на јавен и културен ангажман што произлегувале од дејноста на Институтот. На тој начин, монографијата нудикако архивски и документарен преглед, така и поширока слика за местото што Институтот го имал во развојот на македонската филозофска, академска и културна средина.

Во подготовката на оваа монографија беше добиенаподдршка од Државниот архив на Република С. Македонија, како и од архивските и стручните одделенија на Филозофскиот факултет, при што беа темелно и внимателно истражени голем број документи, досиеја и материјали поврзани со раз-

research. While these broader patterns are examined throughout the study, no claim is made to provide a final or definitive reconstruction of the Institute's past.

The monograph encompasses multiple dimensions of the eighty-year development of the Institute of Philosophy, including its institutional history, the evolution of its academic activities, the formation of individual philosophical disciplines, its international collaborations, publishing and project activities, as well as the broader cultural and social contributions of its members. It brings together material on academic staff, study programmes, scholarly conferences, publications, master's and doctoral research, visiting lectures, student initiatives, and the various forms of public and cultural engagement that have emerged from the Institute's work. By documenting these diverse aspects of its development, the monograph aims not only to provide an archival and documentary record of the Institute's history but also to offer a broader perspective on its role in shaping the philosophical, academic, and cultural landscape of Macedonia.

The preparation of this monograph was greatly assisted by the support of the State Archives of the Republic of North Macedonia, as well as by the archival and administrative departments of the Faculty of Philosophy. Their

војот на филозофските студии и Институтот за филозофија. На сите нив им изразувам искрена благодарност за нивната соработка и подготвеност да помогнат во реконструкцијата на оваа институционална историја. Особена благодарност им должам и на колегите професори од Институтот за филозофија и Институтот за историја, кои со своите сугестии и материјали, но и за подготвеноста за нивно споделување, придонесоа за збогатување на овој труд, а посебно на рецензентите проф. д-р Ристо Солунчев и проф. д-р Борче Илиевски.

Сепак, и покрај настојувањето за што поцелосен преглед, остануваат прашања кои не се до крај одговорени, како и аспекти од историјата на Институтот што допрва бараат подетална истражувачка обработка. Во таа смисла, оваа монографија е отворен повик за понатамошни истражувања и преиспитувања на сопствената институционална и филозофска традиција.

Во прво лице еднина

Голема е веројатноста, како-еден од најмладите членови на Институтот за филозофија, дел од фактографијата од поранite фази од развојот на дејноста на Институтот за мене како автор да е недостапна или ненамерно неистражена. Она, пак, што сметам дека ми дава можност

cooperation made possible the thorough examination of a wide range of documents, faculty files, and archival materials relating to the development of philosophical studies and the Institute of Philosophy. I extend my sincere gratitude to all those who contributed their time, expertise, and assistance to this undertaking. I am equally indebted to my colleagues from the Institute of Philosophy and the Institute of History, whose suggestions, materials, and willingness to share their knowledge significantly enriched this work. Special thanks are due to the reviewers, Professor Risto Solunčev and Professor Borče Ilievski, for their valuable comments and support throughout the preparation of the manuscript.

Despite every effort to provide as comprehensive an account as possible, a number of questions remain only partially answered, while certain aspects of the Institute's history continue to await more detailed scholarly investigation. In this respect, the present monograph is intended as a contribution to an ongoing conversation and as an invitation to further research, reflection, and critical engagement with the Institute's intellectual and institutional heritage.

In the First Person Singular

As one of the younger members of the Institute of Philosophy, I

да ја истражувам историјата на Институтот е историско-филозофската, но и личната потреба за осознавање на вредноста на традицијата што ја наследуваме.

Како историчар на филозофијата, чијашто истражувачка работа најчесто е насочена кон старите периоди и временски оддалечените традиции, за првпат се соочувам со задача да пишувам за едно непосредно наследство, за традиција што не му припаѓа на далечното минато, туку на живото паметење. Токму затоа оваа задача за мене претставува посебен професионален и личен предизвик, имено да се сочува потребната научна дистанција, а истовремено да не се изгуби чувството за припадност. Проучувањето на сопствената институционална историја е чин на почит и не претставува само реконструкција на настани. Таквото проучување претставува желба да се разберат напорите, дилемите и концептуалните избори на оние што ја обликувале оваа заедница и да се согледа континуитетот на една мисловна култура што се развивала низ различни историски околности. Во тој процес неизбежно се учи нешто и за самите нас, за насоката по која сакаме да продолжиме, за вредностите што сакаме да ги зачуваме и за оние што сме подготвени повторно да ги преиспитаме. Пишувањето на оваа монографија беше и потсетник

am well aware that parts of the factual record relating to earlier phases of the Institute's development may have remained inaccessible to me or may inadvertently have escaped my attention. What I believe qualifies me to undertake this study is the historico-philosophical—and equally personal—need to understand the value of the tradition that we have inherited.

As a historian of philosophy whose research has largely been devoted to ancient periods and temporally distant traditions, I have found myself, for the first time, confronted with the task of writing about an immediate intellectual inheritance: a tradition that belongs not to the distant past but to living memory. For this reason, the project has represented a particular professional and personal challenge—to maintain the necessary scholarly distance while preserving a sense of belonging to the community whose history I am recounting. The study of one's own institutional history is an act of respect; it is not merely a reconstruction of events. It is an attempt to understand the efforts, dilemmas, and conceptual choices of those who shaped this community, and to appreciate the continuity of an intellectual culture that has developed through changing historical circumstances. In that process, one inevitably learns something about oneself as well: about the direction in which

дека секоја генерација мисли и твори врз темелите поставени од претходните, дека стоиме на плеќите на нашите филозофски џинови чиј труд ја овозможил нашата сегашност.

Во моето професионално созревање особено место има проф. Вера Георгиева, мојата професорка и менторка, со која имам чест и задоволство да соработувам повеќе од две децении. Таа ми ја разви љубовта кон нашата филозофска традиција и ме научи дека нејзиното проучување не е само академска дисциплина. Денес, при пишувањето на оваа монографија, појасно од кога било увидувам дека односот кон традицијата е трансгенерациска задача, нешто што се прима како дар, но и се пренесува како обврска, исто како што таа ја добила од нејзиниот ментор проф. Јонче Јосифовски, а јас ја оставам да ја унапредат наредните генерации. Затоа оваа монографија ѝ ја посветувам нејзе – како завет од еден историчар на филозофијата до друг – во име на живата традиција што ја наследуваме и пренесуваме.

Скопје,
27.2.2026

one wishes to move, the values one hopes to preserve, and those one remains willing to re-examine. Writing this monograph has also served as a reminder that every generation thinks and creates upon foundations laid by those who came before it; that we stand on the shoulders of the philosophical giants whose work made our present possible.

A special place in my own intellectual formation belongs to Professor Vera Georgieva, my teacher and mentor, with whom I have had the privilege of working for more than two decades. It was she who nurtured my appreciation for our philosophical tradition and taught me that its study is more than an academic discipline. While writing this monograph, I have come to appreciate more clearly than ever that our relationship to tradition is a task that transcends generations—something received as a gift, yet carried forward as a responsibility. Just as she inherited this commitment from her mentor, Professor Jonče Josifovski, I now pass it on in the hope that future generations will continue to enrich and develop it. For this reason, I dedicate this monograph to her—as a tribute from one historian of philosophy to another, and in honour of the living tradition that we inherit and transmit.

Skopje,
27 February 2026

1. ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ

Институционалните почетоци на филозофијата во Македонија можат да се лоцираат пред 1946 година, година која се зема како почеток на основањето на Институтот за филозофија. Основањето на студиите по филозофија во 1920 година на Филозофскиот факултет во Скопје, кој функционира во рамки на Филозофскиот факултет во Белград, претставува значаен институционален настан во развојот на филозофијата на овие простори, но сепак, овој период може да се разбере како подготвителна фаза. Вистинскиот почеток на Институтот за филозофија се поврзува со воспоставувањето на студиите по филозофија на македонски јазик во рамки на ослободената и институционално консолидирана Република Македонија по 1946 година. Токму тогаш филозофијата добива автономна образовна и научна рамка со сопствен наставен и истражувачки континуитет.

Навидум, се чини дека разликата меѓу овие два периода е хронолошка, но сепак таа е суштинска. Првиот период означува институционално присуство врамено во несопствени идеолошки рамки и интереси, додека вториот означува појава на самостојна и суверена филозофска култура на македонски

1. HISTORICAL CONTEXT

The institutional beginnings of philosophy in Macedonia can be traced to the period preceding 1946, the year regarded as marking the establishment of the Institute of Philosophy. The founding of philosophy studies at the Faculty of Philosophy in Skopje in 1920, at a time when the Faculty functioned within the framework of the University of Belgrade, constituted an important institutional development in the history of philosophy in the region. Nevertheless, this period may be understood primarily as a preparatory phase. The actual beginnings of the Institute of Philosophy are associated with the establishment of philosophy studies in the Macedonian language within the liberated and institutionally consolidated Republic of Macedonia after 1946. It was at this point that philosophy acquired an autonomous academic framework, together with its own continuity of teaching and research.

At first glance, the distinction between these two periods may appear merely chronological. In reality, however, it is of a more fundamental nature. The first period reflects an institutional presence shaped by externally derived ideological and political frameworks rather than by an autonomous Macedonian philosophical tradition, whereas the second marks the emergence of a philosophical culture articulated in the Macedo-

јазик. Почетокот на една филозофска институција означува формирање на интелектуална заедница, воспоставување на наставен и истражувачки континуитет и постепено артикулирање на дисциплинарен идентитет. Во таа смисла, 1946 година претставува момент во кој филозофијата на овие простори започнува да се развива како автономна визија со сопствен јазик, сопствени приоритети и сопствена научна одговорност. Со тоа се воспоставува историска линија што го поврзува раниот институционален импулс со подоцнежното оформување на Институтот како препознатлива самостојна академска единица.

Во текот на овие осум децении, Институтот поминува низ различни политички системи, идеолошки трансформации и теориски преориентации, но притоа успева да го зачува континуитетот на филозофската настава и научноистражувачката дејност на македонски јазик. Тој континуитет се состои во постепеното создавање на сопствен поимен систем, филозофска терминологија, преведувачка традиција, научни списанија, наставни програми и генерации професори и студенти кои ја обликувале македонската филозофска култура.

Во таа смисла, развојот на филозофијата во Македонија има значење што ги надминува

nian language and supported by its own institutional foundations. The establishment of a philosophical institution entails more than the creation of an administrative structure. It involves the formation of an intellectual community, the development of continuity in teaching and research, and the gradual articulation of a disciplinary identity. In this respect, 1946 represents a turning point at which philosophy in Macedonia began to develop within an autonomous scholarly framework, defined by its own language, priorities, and academic responsibilities. In doing so, it established a historical continuity linking the earlier institutional impulse of the interwar period with the later formation of the Institute as a distinctive and independent academic institution.

Over the course of these eight decades, the Institute has operated within different political systems, ideological climates, and theoretical orientations. Despite these transformations, it has maintained a continuous tradition of philosophical teaching and scholarly research in the Macedonian language. This continuity is reflected in the gradual development of a philosophical vocabulary and conceptual apparatus, a tradition of translation, scholarly journals, academic curricula, and successive generations of professors and students who have contributed to the formation of Macedonian philosophical culture.

In this respect, the development of philosophy in Macedonia carries

академските рамки. Во услови на оформување на современ македонски културен и научен идентитет по Втората светска војна, филозофијата претставува една од дисциплините преку кои се афирмира можноста македонскиот јазик да функционира како јазик на апстрактна мисла, теориска анализа и научна аргументација. Создавањето филозофска терминологија, монографии, преведувањето на класични и современи дела, воспоставувањето на наставата и научната продукција на македонски јазик претставуваат дел од поширокиот процес на културна и интелектуална еманципација како и осмислување на новата македонска реалност. Во таа смисла, Институтот за филозофија несомнено учествува во обликувањето на поширокаата интелектуална самосвест на македонското општество и претставува еден од носечките простори за развој на критичката мисла и хуманистичката култура во современа Македонија.

1.1. Институционалната филозофска дејност во Македонија пред формирањето на Институтот (1920-1944)

Со уредбата на Министерот за просвета, потпишана од кралот на Кралството на СХС, за основање на Филозофски факултет во Скопје, на 2 февруари 1920 година, одлучено е, покрај

a significance that extends beyond the boundaries of academic life. In the context of the post-war formation of a modern Macedonian cultural and academic identity, philosophy became one of the disciplines through which the Macedonian language demonstrated its capacity to function as a language of abstract thought, theoretical analysis, and scholarly argumentation. The creation of philosophical terminology, the publication of monographs, the translation of classical and contemporary works, and the establishment of teaching and research in the Macedonian language formed part of a broader process of cultural and intellectual emancipation that accompanied the consolidation of modern Macedonian society. Within this process, the Institute of Philosophy played an important role in shaping the intellectual self-understanding of Macedonian society. As a centre of teaching, research, and public engagement, it provided a space for the cultivation of critical thought and humanistic scholarship, thereby contributing to the broader development of academic and cultural life in contemporary Macedonia.

1.1. Institutional Philosophical Activity in Macedonia Prior to the Establishment of the Institute (1920–1944)

By a decree of the Minister of Education, signed by the King of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes, establishing the Faculty

предмети од 14 други дисциплини[1], да се предаваат предмети од областа на филозофијата со педагогијата. (Димитријевски и сор., 2007, 53) Од овие дисциплини и предмети се формираат пет групи, меѓу кои и групата за „Филозофија со педагогија, географија, општа историја“[2].

Деканот на Филозофскиот факултет во Белград при Универзитетот во Белград, кој ги има ингеренциите да ги избере првите наставници на Филозофскиот факултет во Скопје, помеѓу четирите првоизбрани професори, го избира и д-р **Светомир Ристиќ**[3]. Дотогашниот професор во гимназија во Бел-

of Philosophy in Skopje on 2 February 1920, it was decided that, alongside subjects from fourteen other disciplines[1], courses in philosophy and pedagogy would also be offered. (Димитријевски et al., 2007, 53) These disciplines and courses were organized into five groups, one of which was the group of “Philosophy with Pedagogy, Geography, and General History”[2].

The Dean of the Faculty of Philosophy of the University of Belgrade, who was responsible for appointing the first members of the faculty at the Faculty of Philosophy in Skopje, selected Dr. **Svetomir Ristić**[3] as one of the

[1] Дисциплините се: географија и физичка географија, антропографија, географија на јужнословенските земји со Балканскиот Полуостров; етнографија; српски јазик со јужнословенски јазици; останати словенски јазици со нивните литератури; историја на српската книжевност со јужнословенска книжевност; класична филологија; историја на Србите, Хрватите и Словенците со историјата на Балканскиот Полуостров; општа историја на Стариот век; општа историја на Средниот и Новиот век; византологија; археологија со историја на старата уметност; ботаника; зоологија; геологија, минерологија. (Димитријевски и сор., 2007, 62, 63)

[2] Останатите се: географија со етнографија, српска историја; српски јазик со книжевност, словенска филологија, историја на српскиот народ; класична филологија, општа историја, историја со уметност; историја на Србите со историја на светот, византологија со археологија, грчки или латински јазик; географија, минерологија, ботаника, зоологија. (Димитријевски и сор., 2007, 64)

[3] Останатите професори се: Степан Кусљаким за редовен професор по словенска филологија, Тихомир Остојиќ за редовен професор по српска книжевност со југословенска книжевност, Радослав Грујиќ за вонреден професор по историја на српскиот народ.

[1] The disciplines included: geography and physical geography; anthropography; the geography of the South Slavic lands together with the Balkan Peninsula; ethnography; the Serbian language together with the South Slavic languages; other Slavic languages and their literatures; the history of Serbian literature together with South Slavic literature; classical philology; the history of the Serbs, Croats, and Slovenes together with the history of the Balkan Peninsula; general history of Antiquity; general history of the Middle Ages and the Modern Age; Byzantology; archaeology with the history of ancient art; botany; zoology; and geology and mineralogy. (Димитријевски et al., 2007, 62–63)

[2] The remaining groups were: geography with ethnography and Serbian history; Serbian language and literature, Slavic philology, and the history of the Serbian people; classical philology, general history, and the history of art; the history of the Serbs together with world history, Byzantology with archaeology, and Greek or Latin language; and geography, mineralogy, botany, and zoology. (Димитријевски et al., 2007, 64)

[3] The remaining professors appointed to the Faculty were: Stepan Kusljakin as Full Professor of Slavic Philology; Tihomir Ostojić as Full Professor of Serbian Literature together with Yugoslav Literature; and Radoslav Grujić as Associate Professor of the History of the Serbian People.

град, сега е избран за вонреден професор по Историја на филозофијата и логика. На списокот на пристапните предавања кои започнуваат од 16 декември 1920 година, не се наоѓа Ристиќ затоа што заедно со Радослав Грујиќ, со решение на Факултетскиот совет, е одлучено да бидат пратени во странство[4] за набавка на книги за факултетската библиотека[5]. Решено е нивните пристапни предавања да се одржат по спроведениот службен пат во текот на летниот семестар, поради, како што заклучува Советот на Факултетот, „блискиот допир и влијание на овој факултет врз средината во која се наоѓа“ (*ДАРСМ*, 01.0323.0020.0051/0109). Предложената тема на Ристиќ е „Етиката на српскиот народ како целина“. Во ноември 1921 година Ристиќ дава оставка од својата позиција.

Во следните неколку години итно се бара да се пополни Катедрата за филозофија со педагогија со професор, а се споменува и името на проф. Василие Ѓениќ. Извесно е дека неколку години имало непостојани наставници на Катедрата поради што и студентите ги напуштале

first four professors appointed to the Faculty. Previously a secondary-school teacher in Belgrade, he was appointed associate Professor of the History of Philosophy and Logic. Ristić's name does not appear on the list of inaugural lectures scheduled to begin on 16 December 1920. Together with Radoslav Grujić, he was sent abroad[4] by decision of the Faculty Council in order to acquire books for the Faculty Library[5]. It was therefore decided that their inaugural lectures would be delivered upon their return, during the summer semester, owing to what the Faculty Council described as the Faculty's need for a "close contact with and influence upon the environment in which it is situated" (*DARSM*, 01.0323.0020.0051/0109). The title proposed for Ristić's inaugural lecture was "The Ethics of the Serbian People as a Whole". In November 1921, Ristić resigned from his position.

Over the following years, efforts were repeatedly made to fill in the Department of Philosophy and Pedagogy with a permanent professor, and the name of Professor Vasilije Đenić was among those considered. It appears that

[4] Ристиќ бил пратен во Германија, а Грујиќ во Чешка, Австрија и Бугарија. (Slankamenac, 1930, 10)

[5] Врз основа на библиотечниот фонд на оваа библиотека (подоцна околу 150000 библиотечни единици) подоцна ќе се развива Народната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

[4] Ristić was dispatched to Germany, whereas Grujić was sent to Czechoslovakia, Austria, and Bulgaria. (Slankamenac, 1930, 10)

[5] The library's holdings (which later expanded to approximately 150,000 items) subsequently served as the foundation for the development of the National and University Library "St. Clement of Ohrid" – Skopje.

1930 – Список на Катедри на Филозофскиот факултет во Скопје, на кој се наведени Катедрата за теориска филозофија (теорија на познанието, логика и историја на филозофијата) и Катедрата за практична филозофија со педагогија (*ДАРСМ* 01.0323.0002.0092/268)

1930 – List of Departments at the Faculty of Philosophy in Skopje, with the Department of Theoretical Philosophy (Theory of Knowledge, Logic, and History of Philosophy) and the Department of Practical Philosophy and Pedagogy (*ДАРСМ* 01.0323.0002.0092/268).



Краљевина ... ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
К. Бр. 2089. г.
15 јула 30 г.

РЕКТОРАТУ УНИВЕРСИТЕТА

Београд

Част ми је известити Ректорат, с обвиром на стварање нове опште уредбе о университету и факултетских уредаба, да је садашње стање катедара на Филозофском Факултету у Скопљу овакво:

1. Теоријска филозофија (теорија сазнава, логика и историја филозофије).
2. Психологија (доценат изабран).
3. Практична филозофија с педагогијом.
4. Физичка географија и антропогеографија, (два професора).
5. Етнологија са етнографијом.
6. Српски језик с југословенским језицима.
7. Историја јужнословенске књижевности.
8. Класична филологија (расписан стечај).
9. Француски језик и књижевност.
10. Немачки језик и књижевност.
11. Упоредна књижевност с теоријом књижевности.
12. Народна историја (два професора).
13. Историја старог века (за сада није заступљена).
14. Историја средњег века.
15. Историја новога века.
16. Византиологија (расписан стечај).
17. Археологија.
18. Историја уметности (ва сада хонорарни наставинк).
19. Словенска филологија (ва сада упражњена).

своите студии. Во 1922 година, за доцент е избран Борислав Лоренц, но пред да се потврди изборот, тој е, исто така, избран на катедрата за филозофски предмети на новооснованиот Богословски факултет на Универзитетот во Белград каде што останува до своето пензионирање (1922-1956). (Калезић, 1980, 101) Во мај истата година се одржуваат часови по предметот Современа филозофија од страна на професорите **Владимир Вуиќ**[6] и **Првош Сланкаменац**.

the Department was occupied by a succession of temporary instructors for several years, a circumstance that contributed to students abandoning their studies. In 1922, Borislav Lorenz was elected assistant professor; however, before his appointment could be confirmed, he was also elected to the Department of Philosophical Subjects at the newly established Faculty of Theology of the University of Belgrade, where he remained until his retirement (1922–1956). (Калезић, 1980, 101) In May of the same year, the course Contemporary Philosophy was taught by Professors **Vladimir**

[6] И покрај информацијата дека заедно со Сланкаменац го држеле овој предмет, нема информација дека Вуиќ предавал на Филозофскиот факултет. Кон крајот на 1921 година е поставен

Збирката есеи издадена под насловот „Нов хуманизам“ произлегува од предавањата што ги држеле на овој предмет. (Вујић & Сланкаменац, 1923; Јосифовски, 105) Катедрата за теориска филозофија е основана во 1922 година и се одделува од Катедрата за практична филозофија со педагогија. Катедрата за практична филозофија со педагогија во 1926 година ја пополнува Првош Сланкаменац како доцент, а во тоа време и Катедрата станува Семинар за педагогија.

На почетокот на 1922 година за доцент е избран **Душан Недељковиќ**, кој ќе има подолг професорски стаж на Филозофскиот факултет и кој речиси петнаесет години сам ќе ја изведува наставата по филозофија на Катедрата. Покрај предметот Историја на филозофијата[7], ги предава и предметите Теорија на познанието, Етика, Естетика, Преглед на филозофската терминологија, Формална логика, логистика[8] и дијалектика, а одржувал и семинари посветени на посебни филозофи, дела или

како суплент во гимназијата во Скопје, каде што од следната 1922 година е професор. Во 1924 година е преместен во Учителската школа во Скопје, а од 1925 до 1928 година работи како професор во Четвртата машка гимназија во Белград. (Димитријевиќ, 34)

[7] Секоја година содржинскиот фокус на предметот бил ставан на различен историско-филозофски период. На пример, во учебната 1928/29 фокусот бил на историјата на филозофијата од источната филозофија до Декарт, а во учебната 1929/30 од Лајбниц до Хјум.

[8] Тука станува збор за математичка логика, но го оставаме терминот во оригинал.

Vujić[6] and **Prvoš Slankamenac**. The collection of essays published under the title “New Humanism” originated from the lectures they delivered in this course. (Вујић & Сланкаменац, 1923; Јосифовски, 105) In 1922, the Department of Theoretical Philosophy was established and separated from the Department of Practical Philosophy and Pedagogy. In 1926, Prvoš Slankamenac was appointed assistant professor to the Department of Practical Philosophy and Pedagogy, which at that time was reorganized as the Seminar for Pedagogy.

At the beginning of 1922, **Dušan Nedeljković** was elected assistant professor. He would have the longest teaching tenure in philosophy at the Faculty and, for nearly fifteen years, would single-handedly carry out instruction in philosophy within the Department. In addition to the course History of Philosophy[7], he taught Theory of Knowledge, Ethics, Aesthet-

[6] Despite the information that he taught this course together with Slankamenac, there is no evidence that Vujić held a teaching position at the Faculty of Philosophy. Toward the end of 1921, he was appointed as a substitute teacher at the Gymnasium in Skopje, where he became a full teacher the following year, in 1922. In 1924, he was transferred to the Teacher Training School in Skopje, and from 1925 to 1928 he worked as a teacher at the Fourth Boys’ Gymnasium in Belgrade. (Димитријевиќ, 34)

[7] The course content focused on a different period in the history of philosophy each year. For example, in 1928/29 the course covered the history of philosophy from Eastern philosophy to Descartes, while in 1929/30 it covered the period from Leibniz to Hume.



Преглед на ангажираност на Недељковиќ во учебната 1928/29 година. Ги предава предметите Основи на психологијата, Краток преглед на целокупната историја на филозофијата и Толкување на филозофски дела („За државата божја“, „За причините, принципите и едното“, „Метафизички медитации“). Исто така, држи практични вежби по Етнопсихологија. (*ДАРСМ* 01.0323.0002.0092/225

Overview of Nedeljković's teaching responsibilities in the academic year 1928/29. He taught the courses Fundamentals of Psychology, A Brief Survey of the Entire History of Philosophy, and Interpretation of Philosophical Works ("The City of God", "On Cause, Principle and Unity", "Meditations on First Philosophy"). He also conducted practical exercises in Ethnopsychology. (*ДАРСМ* 01.0323.0002.0092/225)

теми (Конт – „Курс по позитивна филозофија“, Августин – „За божјата држава“, Бруно – „За причината, принципот и едното“; Декарт „Метафизички медитации“, Спиноза – „Етика“; Принципи на општата биологија и современата филозофија на животот, Значајноста на филозофскиот систем на Фрањо Петриќ). Дел од семинарите биле отворени за поширока публика и се смета дека на некои од нив присуствувал и Кочо Рацин. (Темков, 1980, 21) Предавањата по историјата на филозофијата од учебната 1930/1931 до учебната 1937/1938 година, се издадени во книгата „Историја на филозофијата (Скопски предавања)“ (Недељковиќ, 1984)[9]. Исто така, тој предава и предмети од дисциплината психологија (Основи на психологијата, Психологија на интелектуалниот живот), а одржува и практични вежби по експериментална (етно)психологија. Спроведувал интензивни теренски истражувања од областа на етнопсихологијата, а на некои од нив учествувале и негови студенти, меѓу кои бил и Димитар Ѓузелев[10]. Од ја-

ics, Overview of Philosophical Terminology, and Formal Logic, Logistics[8] and Dialectics. He also conducted seminars devoted to particular philosophers, works, or topics (Comte – “Course of Positive Philosophy”; Augustine – “The City of God”; Bruno – “On Cause, Principle and Unity”; Descartes – “Meditations on First Philosophy”; Spinoza – “Ethics”; Principles of General Biology and Contemporary Philosophy of Life; The Significance of the Philosophical System of Frane Petrić). Some of these seminars were open to the wider public, and it is believed that Kočo Racin attended some of them (Темков, 1980, 21). The lectures on the history of philosophy delivered between the academic years 1930/1931 and 1937/1938 were later published in the two-volume work “History of Philosophy (Skopje Lectures)”[9] (Недељковиќ, 1984). Nedeljković also taught courses in psychology, including Fundamentals of Psychology and Psychology of Intellectual Life, and conducted practical exercises in experimental (ethno)psychology. He carried out extensive field research in ethnopsychology, some of which involved the participation of his students, among them Dimitar

[9] Овие предавања претставуваат забелешки од студентот Радивоје Миловановиќ. Тие се чувани под земја за да се заштитат за време на Втората светска војна. Потоа се редактирани од Недељковиќ и се објавени на македонски јазик во 1984 година. (Недељковиќ, 1984, 5).

[10] Димитар Ѓузелев се смета за првиот доктор на филозофски науки роден во Македонија. Во 1943 година ја одбранил докторската дисертација на Филозофскиот факултет во Загреб на тема „Шопенхауеровата прагматистичка крити-

[8] Although the term refers to mathematical logic, it is retained here in its original form.

[9] These lectures survive in the form of notes taken by the student Radivoje Milovanović, which were kept underground during the Second World War. They were later edited by Nedeljković and published in Macedonian in 1984 (Недељковиќ, 1984, 5).

нуари до декември 1940 година Недељковиќ, со уште тројца студенти (Блажо Орландиќ, Боро Чушкар и Антун Колендиќ), бил конфиниран во логорот во Билеќа, а неговиот предмет во овој период бил незастапен. (Пачемска, 173). Испитите ги одржува комисија составена од Милош Ѓуриќ и Каица Миланов, двајцата професори на Филозофскиот факултет во Белград.

Од подоцнежното екипирање на Катедрата се споменува уште едно име, имено **Вуко Павиќевиќ**. Откако дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје во 1937 година, во 1938 година, Вуко Павиќевиќ е избран за асистент и работел на оваа позиција до 1941 година.

Во услови на војна и окупација, во април 1941 година, ректоратот на Универзитетот во Белград носи уредба за престанок со работа на Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основите на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот во Белград, во 1943 година се формира новиот Историско-филолошки факултет при Бугарскиот државен Универзитет „Цар Борис III - Обединител“ – Скопје. Во учебната 1943/1944 година во рамки на деветте

ка на умот“. Во неа се забележуваат влијанија од Недељковиќ и од Сланкаменац. Неговата политичка дејност ќе добие контроверзен тек и по ослободувањето на Скопје во 1945 година ќе биде осуден на смрт како соработник на окупаторската власт.

Gjuzelov[10]. From January to December 1940, Nedeljković, together with three students—Blažo Orlandić, Boro Čuškar, and Antun Kolendić—was interned in the camp at Bileća, during which period his courses were not offered. (Пачемска, 173) Course examinations were conducted by a committee composed of Miloš Đurić and Kaica Milanov, both professors at the Faculty of Philosophy in Belgrade.

Among the later additions to the Department, one further name deserves mention, namely **Vuko Pavićević**. After graduating from the Faculty of Philosophy in Skopje in 1937, Pavićević was appointed assistant in 1938 and remained in that position until 1941.

In April 1941, following the outbreak of war, the Rectorate of the University of Belgrade issued a decree terminating the activities of the Faculty of Philosophy in Skopje.

On the foundations of the Faculty of Philosophy in Skopje, which had operated within the University of Belgrade, a new His-

[10] Dimitar Gjuzelov is generally regarded as the first holder of a doctoral degree in philosophy born in Macedonia. In 1943, he defended his doctoral dissertation at the Faculty of Philosophy in Zagreb under the title “Schopenhauer’s Pragmatist Critique of Reason”. The dissertation reveals the influence of both Nedeljković and Slankamenac. The subsequent course of Gjuzelov’s political activity proved controversial. Following the liberation of Skopje, in 1945 he was sentenced to death on charges of collaboration with the occupying authorities.

воспоставени катедри[11], се основа и Катедра за филозофија. На почетокот насоката филозофија претставува насока од втор ранг, а за следната учебна година се бара да биде вброена во главната група на насоки. За ректор и декан, како и за доцент при Катедрата за филозофија, се избира **Атанас Илиев**, дотогашен директор на Институтот за подготовка на детски учителки во Софија. (Димитријевски и сор., 131; Јовановиќ, 39) Тој ги предава предметите: Психологија, Филозофија на културата и Вежби по филозофија. Наставата на овој Факултет се одржува до септември 1944 година, именно до капитулацијата на Бугарија.

Посочените историски факти укажуваат дека во периодот меѓу двете светски војни, Филозофскиот факултет во Скопје се развива како централна образовна и културна институција во регионот. Уште од неговото основање во 1920 година, факултетот е замислен како клучен инструмент за имплементација на државната политика во новоприсоединетиот југ на Кралството СХС, но и како противтежа на веќе присутните грчки и бугарски пропаганди. Кога ги наведува разлозите за

torico-Philological Faculty was established in 1943 as part of the Bulgarian State University "Tsar Boris III – Unifier" in Skopje. In the academic year 1943/1944, a Department of Philosophy was established among the nine departments[11] of the newly founded Faculty. Initially, philosophy was classified as a secondary field of study, but a request was subsequently made for it to be included among the principal fields in the following academic year. **Atanas Iliev**, previously Director of the Institute for the Training of Women Primary-School Teachers in Sofia, was appointed Rector and Dean, as well as assistant professor in the Department of Philosophy. (Димитријевски et al., 131; Јовановиќ, 39) He taught the courses Psychology, Philosophy of Culture, and Philosophy Exercises. Instruction at this Faculty continued until September 1944, that is, until the capitulation of Bulgaria.

The historical facts outlined above indicate that during the interwar period the Faculty of Philosophy in Skopje developed into a central educational and cultural institution in the region. From its establishment in 1920, the Faculty was conceived both as an instrument for implement-

[11] Останатите осум се: Историја и граматика на бугарскиот јазик; Бугарска и славјанска литература; Споредбена граматика на славјанските јазици; Бугарска историја; Стара историја и археологија; Антропогеографија; Литературна историја на романските народи; Педагогија.

[11] The remaining eight were: History and Grammar of the Bulgarian Language; Bulgarian and Slavic Literature; Comparative Grammar of the Slavic Languages; Bulgarian History; Ancient History and Archaeology; Anthropogeography; Literary History of the Romance Nations; and Pedagogy.

отворањето на Филозофскиот факултет, тогашниот ректор на Белградскиот универзитет, Јован Цвијиќ, ја потврдува оваа замисла: „потребно е во Скопје да има силен центар на нашата цивилизација“ (Димитријевски и сор., 42). Кај студентите, пак, целта е да се „создава посилна заемност и нивелирање на менталитетот, покрај јакнењето на здраво национално чувство“ (Димитријевски и сор., 114).

Ваквата политичка ориентација се огледува и во идејната рамка на делото „Нов хуманизам“ на Сланкаменац и Вујиќ заснована врз идеите на Анри Бергсон и на Вилијам Џејмс. Новохуманистичкиот проект кој тие го предлагаат е антирационалистички и бергсонистички, антимодернистички и прагматички, насочен кон развивање на еден комунален élan vital. Тој

ing state policy in the newly incorporated southern territories of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes and as a counterweight to the already established Greek and Bulgarian cultural and political influence. In explaining the reasons for the establishment of the Faculty, the then Rector of the University of Belgrade, Jovan Cvijić, explicitly articulated this objective, stating that “it is necessary for Skopje to have a strong centre of our civilisation” (Димитријевски et al., 42). The aim with regard to the students was likewise to foster “stronger mutuality and the levelling of mentality, together with the strengthening of a healthy national sentiment” (Димитријевски et al., 114).

This political orientation is also reflected in the intellectual framework of „New Humanism“,



„Нов хуманизам“
- Владимир Вујиќ,
Првош Сланкаменац

“New Humanism” -
Vladimir Vujić, Prvoš
Slankamenac

е опозиција на западниот рационализам, затоа што наспроти него ја афирмира целоста на животот и истовремено ја одбира практичката цел на вистината. Според Јосифовски, Вујиќ во некои свои други списи експлицитно укажува дека врз основата на овие претпоставки треба да се насочи јужнословенската мисла за да дојде до развивање на една специфична словенска филозофија. (Јосифовски, 106)

Истовремено, но строго контролирано и ограничено, се јавува и извесен степен на плурализам, особено во рамки на интелектуалниот круг кој се развива околу дејноста на Душан Недељковиќ. Првично наклонет кон бергсонизмот, а подоцна со сè поизразени левичарски и марксистички ставови, тој внесува критички дух во институцијата. Левичарската ориентација на Недељковиќ е прифатлива за институционалната поставеност поради тоа што неговите истражувања, особено во областа на етнопсихологијата, никогаш не ја доведуваат во прашање официјалната интерпретација на регионот како дел од „јужно-српскиот“ културен простор. (Недељковић, 1929) Сепак, политичката клима на доцните 1930-ти го претвора во фигура чија дејност станува субверзивна, особено затоа што околу себе собира широк круг студенти и културни дејци, што

developed by Slankamenac and Vujić on the basis of the ideas of Henri Bergson and William James. The neo-humanist project they proposed was anti-rationalist and Bergsonian, anti-modernist and pragmatist, directed toward the cultivation of a communal élan vital. It stood in opposition to Western rationalism by affirming the wholeness of life and, at the same time, embracing the practical function of truth. According to Josifovski, Vujić explicitly indicated in some of his other writings that, on the basis of these assumptions, South Slavic thought should be directed toward the development of a distinctive Slavic philosophy. (Јосифовски, 106)

наставни потреби како скрипта, претставува систематизиран и содржаен преглед на една од клучните етапи во развојот на нововековната филозофија.

although prepared for instructional purposes, offers a systematic and substantial account of one of the key stages in the development of modern philosophy.

Загорка Миќиќ - „Германска класична филозофија“

Zagorka Mićić - “German Classical Philosophy”

Јонче Јосифовски ја продолжува и продлабочува марксистичката ориентација во историско-филозофските истражувања, но со настојување таа да се ослободи од догматски поедноставувања. (Јосифовски, 1982) Неговиот средношколски учебник „Филозофија за IV клас гимназија“ (1967) претставува прв сеопфатен преглед на историјата на филозофијата на македонски јазик од марксистичка перспектива што јасно се увидува подоцна во насловот на ревидираната верзија – „Марксистичка филозофија: со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови“ (1977). Во овие дела, како и во неговите текстови за дијалектиката во антиката (Јосифовски, 1977, 1978; Јосифовски и сор., 1982), исто-

Jonče Josifovski continued and deepened the Marxist orientation in historico-philosophical research, while at the same time seeking to free it from dogmatic simplifications. (Josifovski, 1982) His secondary-school textbook “Philosophy for the Fourth Year of Gymnasium” (1967) represents the first comprehensive survey of the history of philosophy in the Macedonian language from a Marxist perspective, a standpoint that later became even more explicit in the title of its revised version – “Marxist Philosophy with an Overview of the History of Philosophy and Selected Texts” (1977). In these works, as well as in his studies on dialectics in antiquity (Josifovski, 1977, 1978; Josifovski et al. 1982), the history of philosophy is un-

ријата на филозофијата се разбира како дијалектички развој на идеите, во кој филозофските учења се разгледуваат и според нивната внатрешна логика

derstood as a dialectical development of ideas, in which philosophical doctrines are examined both according to their internal logic and in relation to their so-

Јонче Јосифовски - „Марксистичка филозофија: со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови“

Jonče Josifovski - “Marxist Philosophy with an Overview of the History of Philosophy and Selected Texts”

и според нивната општествено-историска условеност. Јосифовски особено инсистира на поимно-проблемскиот пристап, преку кој историјата на филозофијата не се сведува на хронолошки преглед, туку станува простор за критичко преиспитување на основните филозофски категории (како, на пример, космос, паидеија и дијалектика). Со раководењето на проектите „Историја на филозофијата во Македонија“ и „Историја на дијалектиката“ во 1980-тите години, тој придонесува дисциплината да добие и национална историографска димензија.

По 1990-тите, со слабеењето на марксистичката доминација, историјата на филозофијата се отвора кон нови интерпретативни модели. Според Попо-

cio-historical conditioning. Josifovski placed particular emphasis on a conceptual and problem-oriented approach, through which the history of philosophy is not reduced to a chronological survey but becomes a space for the critical examination of fundamental philosophical categories (such as cosmos, paideia, and dialectic). Through his leadership of the projects “History of Philosophy in Macedonia” and “History of Dialectics” during the 1980s, he also contributed to the development of a national historiographical dimension within the discipline.

After the 1990s, with the decline of Marxist predominance, the history of philosophy became increasingly open to new interpretive models. According to Popovska, several common features

вска, може да се детектираат неколку заеднички точки на овие пристапи: се задржува историцистичката позиција; се забележуваат изразени антианалитички тенденции; се јавува потреба од преиспитување на метафилозофските дискусии за историјата на филозофијата; и се обработуваат историско-филозофски „нестандардни“ периоди. (Поповска, 2023, 149)

Ферид Мухиќ со повеќетомното дело „Расата на филозофите“ („Потомци на боговите“, 2005, „Филозофи утешители“, 2010, 2014 „Филозофи аскети“, 2016, 2020) дава препознатлив и оригинален придонес во областа на историјата на филозофијата. Во овие дела, историјата на филозофијата се гледа како обид за реконструкција на духовниот, егзистенцијалниот и културниот хоризонт во кој се појавуваат филозофите и

can be identified across these approaches: the persistence of a historicist orientation; the presence of pronounced anti-analytic tendencies; a renewed interest in metaphilosophical discussions concerning the nature of the history of philosophy; and a focus on historically “non-standard” periods and traditions. (Поповска, 2023, 149)

Ferid Muhić has made a distinctive and original contribution to the history of philosophy through his multi-volume work “The Race of Philosophers” (“Descendants of the Gods”, 2005; “Philosophers Consolers”, 2010, 2014; “Philosopher Ascetics”, 2016, 2020). In these works, the history of philosophy is conceived as an attempt to reconstruct the intellectual, existential, and cultural horizons within which philosophers and their ideas emerge. Rather than treating philosoph-

Ферид Мухиќ - „Потомци на боговите“, „Филозофи утешители“, „Филозофи аскети“

Ferid Muhić - “Descendants of the Gods”, “Philosophers Consolers”, “Philosopher Ascetics”

нивните мисли. Наместо да ги третира филозофските позиции како затворени историски формации, Мухиќ настојува да ги покаже како трајни облици на мислење што остануваат интерпретативно релевантни и надвор од сопствениот историски контекст. Притоа, особено место имаат личноста на филозофот, неговиот животен став и внатрешната поврзаност меѓу мислата и духовното искуство, со што историјата на филозофијата добива подинамичен и антрополошки продлабочен карактер.

Личносната и духовната димензија на филозофската мисла, како важен аспект на историско-филозофската интерпретација, е присутна и кај **Вера Георгиева**, но нејзиниот најизразен придонес се остварува во проширувањето на тематскиот и цивилизацискиот опфат на дисциплината. Таа, преку докторската дисертација „Антрополошки импликации во филозофијата на исихазмот“ (1990), објавена како „Филозофија на исихазмот“ (1993), и преку учебникот „Византиска филозофија“ (2001), спроведува дестереотипизација на канонските историографски поделби и ја воведува византиската мисла како автономно и концептуално релевантно поле. Со воведувањето на предметот Византиска филозофија (1997/98; 1999/2000) за првпат на Балканот, како

ical positions as closed historical formations, Muhić seeks to present them as enduring modes of thought that remain interpretively relevant beyond their original historical contexts. Particular emphasis is placed on the personality of the philosopher, his existential orientation, and the internal connection between thought and lived experience, thereby endowing the history of philosophy with a more dynamic and anthropologically enriched character.

The personal and intellectual dimensions of philosophical thought as important aspects of historico-philosophical interpretation are also present in the work of **Vera Georgieva**. Her most significant contribution, however, lies in expanding the thematic and civilizational scope of the discipline. Through her doctoral dissertation “Anthropological Implications of the Philosophy of Hesychasm” (1990), later published as “The Philosophy of Hesychasm” (1993), and through the textbook “Byzantine Philosophy” (2001), she challenged established historiographical stereotypes and introduced Byzantine thought as an autonomous and conceptually significant field of inquiry. By introducing the course Byzantine Philosophy (1997/98; 1999/2000), the first course of its kind in the Balkans, as well as the courses Arabic (Islamic) Philosophy and Jewish Philosophy, she broadened the Institute’s historico-philo-

Вера Георгиева - „Византиска филозофија“

Vera Georgieva - “Byzantine Philosophy”

и со предметите Арапска (исламска) филозофија и Еврејска филозофија, таа го проширува историско-филозофското интересирање на Институтот кон дотогаш маргинализирани историско-филозофски периоди. Исто така, го воведува и методолошкиот предмет Пристапи кон историјата на филозофијата, со што ја продлабочува теориската свест за различните начини на толкување и разбирање на филозофската традиција.

Во најновиот период, **Ристо Солунчев** ја поврзува историјата на филозофијата со современата постмодернистичка мисла. Неговите монографии „Археологија на субјектот“ (2020) и „Ниче и постмодерната машина“ (2022) ја развиваат историско-филозофската анализа во насока на критичко читање на модерноста, субјективитетот и трансформациите на европската традиција. Во овој контекст, преку дијалог со мислители како Ниче и Фуко, Солунчев ја тематизира судбината

sophical interests to include periods and traditions that had previously remained marginalized. She also introduced the methodological course Approaches to the History of Philosophy, thereby deepening theoretical awareness of the diverse ways in which the philosophical tradition may be interpreted and understood.

In the most recent period, **Risto Solunčev** has connected the history of philosophy with contemporary postmodern thought. His monographs “Archaeology of the Subject” (2020) and “Nietzsche and the Postmodern Machine” (2022) develop historico-philosophical analysis through a critical reading of modernity, subjectivity, and the transformations of the European intellectual tradition. Through engagement with thinkers such as Nietzsche and Foucault, Solunčev explores the status of the subject under conditions of postmodernity, raising questions concerning the relationship between freedom, power, and political

Ристо Солунчев - „Археологија на субјектот“

Risto Solunčev - “Archeology of the Subject”

на субјектот во услови на постмодерност, отворајќи прашања за односот меѓу слободата, моќта и политичката егзистенција. **Јасмина Поповска**, пак, ја артикулира метафилозофската и методолошката саморефлексија на дисциплината. Во монографијата „Целите и методите на историјата на филозофијата: Платон како парадигма“ (2023) историјата на филозофијата се анализира како дисциплина со сопствени цели и методи, при што античката мисла се користи како огледало за современите методолошки дилеми. Воедно,

existence. **Jasmina Popovska**, in turn, has articulated the metaphilosophical and methodological self-reflection of the discipline. In the monograph “The Aims and Methods of the History of Philosophy: Plato as Paradigm” (2023), the history of philosophy is examined as a discipline with its own aims and methods, while ancient thought serves as a mirror through which contemporary methodological dilemmas may be explored. At the same time, her research extends into the field of history of ethics, particularly through tracing the development

Јасмина Поповска - „Целите и методите на историјата на филозофијата: Платон како парадигма“

Jasmina Popovska - “The Aims and Methods of the History of Philosophy: Plato as Paradigm”

нејзините истражувања се движат и во историско-етичка насока, особено преку следењето на развојот на поимот „phronesis“ од предаристотеловската традиција, преку Аристотел, до неговите современи реконцептуализации.

3.1.2. Логика и филозофија на јазикот

Развојот на логиката и филозофијата на јазикот на Институтот за филозофија претставува еден од најконзистентните и теориски најпрофилирани процеси во современата македонска филозофија. Овој развој се одвива како постепено проширување на поимот на логиката: од нејзино строго формално разбирање (Јосифовски), преку интегрално филозофско толкување и современи истражувања на јазикот (Панзова), до аргументацијата и дискурзивната рационалност (Димишковска).

Темелите на оваа традиција ги поставува **Јонче Јосифовски**, кој ја воведува логиката како самостојна научна дисциплина и ја втемелува нејзината институционална и концепциска позиција во македонската филозофија. Во своите дела, особено во „Увод во симболичката логика“ (1970) и „Историја на логиката“ (1973), Јосифовски инсистира на сфаќањето дека предметот на логиката не се психолошките процеси на мислењето, туку логичките форми и законите на

of the concept “phronesis” from the pre-Aristotelian tradition, through Aristotle, to its contemporary reconceptualizations.

3.1.2. Logic and Philosophy of Language

The development of logic and philosophy of language at the Institute of Philosophy represents one of the most consistent and theoretically distinctive trajectories within contemporary Macedonian philosophy. This development may be understood as a gradual expansion of the concept of logic itself: from its strictly formal understanding (Josifovski), through its integration with philosophical investigations of language and contemporary linguistic research (Panzova), to the study of argumentation and discursive rationality (Dimiškovska).

The foundations of this tradition were laid by **Jonče Josifovski**, who established logic as distinct field of inquiry and secured its institutional and conceptual position within Macedonian philosophy. In his works, particularly “Introduction to Symbolic Logic” (1970) and “History of Logic” (1973), Josifovski insisted that the subject matter of logic is not the psychological processes of thinking but rather logical forms and the laws of valid inference. His well-known thesis that logic is a “science of logical forms” liberated logic from psychologism



Јончe Јосифовски - “Историја на логиката“

Jonče Josifovski - “History of Logic”

валидното логичко следство. Неговата позната теза дека логиката е „наука за логичките форми“ ја ослободува логиката од психологизмот и ја поставува како нормативна и критичка дисциплина. Исто така, логиката кај Јосифовски е нераздвојна од историјата на филозофијата и од марксистичката филозофија, сфатена антидогматски и дијалектички, што создава трајна матрица на критичка рационалност во рамки на Институтот. (Ѓошевски, 1981)

Втората клучна фаза е поврзана со делото на **Виолета Панзова**, која ја проширува логиката кон филозофијата на јазикот, семантиката, и методологијата. Нејзиното влијателно разбирање на логиката како „општа теорија на рационалноста“ реафирмира некои аспекти на нововековното сфаќање на логиката како medicina mentis (медицина на умот) (Димишковска, 2020). Во книгата „Универзалната граматика и македонскиот јазик“ (1996), Панзова го реализира пионерскиот проект на примена на

and established it as a normative and critical discipline. At the same time, in Josifovski’s work, logic remained inseparable from both the history of philosophy and Marxist philosophy, understood in an anti-dogmatic and dialectical sense. This orientation created a lasting framework of critical rationality within the Institute. (Ѓошевски, 1981)

The second major phase is associated with the work of **Violeta Panzova**, who expanded logic toward the philosophy of language, semantics, and methodology. Her influential conception of logic as a “general theory of rationality” reaffirms certain aspects of the early modern understanding of logic as medicina mentis (“medicine of the mind”) (Димишковска, 2020). In the book “Universal Grammar and the Macedonian Language” (1996), Panzova carried out the pioneering project of applying Montague grammar to the Macedonian language. Her analyses of semantic paradoxes and of the problems of meaning and truth

Монтеѓуовата логичка граматика врз македонскиот јазик. Нејзините анализи на семантичките парадокси и проблемите на значењето и вистината дополнително ја зацврстуваат филозофијата на јазикот како централно подрачје на логичките истражувања. Виолета Панзова има значајна улога и во развојот на општата методологија каде што логиката ја разработува како поширока теорија на рационалноста и на научното истражување. Со делата „Науката како занает“ (2003) и „Вештината на истражувањето: општите постапки во научната работа“ (2018), таа придонесува во систематизирањето на логичко-методолошките постапки на научното мислење и во јакнењето на методолошката култура во високото образование. Исто така, значајно е и оформувањето на македонската логичка терминологија кое го заокружува со објавувањето на „Логички лекси-

further consolidated the philosophy of language as a central area of logical inquiry. Panzova also played a significant role in the development of general methodology, elaborating logic as a broader theory of rationality and scientific inquiry. Through the works “Science as a Craft” (2003) and “The Craft of Research: General Procedures in Scientific Work” (2018), she contributed to the systematization of the logico-methodological procedures of scientific thinking and to the strengthening of methodological culture within higher education. Equally significant was her contribution to the development of Macedonian logical terminology,

Виолета Панзова - „Науката како занает“

Violeta Panzova -”Science as a Craft”

a project she brought to fruition with the publication of “Logical Lexicon” (2005), the first Macedonian lexicon of its kind. Panzova also contributed to secondary-school instruction in logic as the author of the textbook “Log-

кон“ (2005), прв македонски лексикон од ваков вид. Панзова придонесува и за средношколската настава по логика, како автор на учебникот „Логика: за четврта година на реформираното гимназиско образование” (2005). Во рамки на оваа истражувачка линија, значаен придонес има **Анета Маркоска-Чубриновска**, која ја развива логичката семантика на македонскиот јазик преку апаратурата на интензионалната логика. Со делото „Логиката на јазикот: логичка семантика на македонскиот јазик“ (2011), таа го надградува проектот на Панзова, систематски обработувајќи го семантичкото ниво на јазикот и со тоа ја заокружува логичко-граматичката анализа на македонскиот стандарден јазик.

Третата, современа фаза е обележана со воведувањето и развојот на теоријата на аргументацијата, прагматички ориентираната логика и некласичните логики, пред сè преку делото на **Ана Димишковска**. Логиката се проширува кон анализата на прагматичките аспекти на природниот јазик, дискурзивната рационалност и нормативните димензии на аргументирањето. Во книгата „Прагматиката и теоријата на аргументацијата“ (2001), Димишковска покажува дека современата теорија на аргументацијата претставува важен чекор кон интегралната концепција на логиката, која ги

ic: For the Fourth Year of Reformed Gymnasium Education” (2005). Within this line of research, an important contribution was made by **Aneta Markoska-Čubrinovska**, who developed the logical semantics of the Macedonian language through the apparatus of intensional logic. In the work “The Logic of Language: Logical Semantics of the Macedonian Language” (2011), she expanded upon Panzova’s project by providing a systematic treatment of the semantic level of language, thereby completing the logico-grammatical analysis of the Macedonian standard language.

The third, contemporary phase is marked by the introduction and development of argumentation theory, pragmatically oriented logic, and non-classical logics, primarily through the work of **Ana Dimiškovska**. During this period, logic expanded beyond its traditional boundaries toward the analysis of the pragmatic dimensions of natural language, discursive rationality, and the normative aspects of argumentation. In the book “Pragmatics and Argumentation Theory” (2001), Dimiškovska argues that contemporary argumentation theory represents an important step toward an integral conception of logic, one that encompasses both analytic and non-analytic forms of rationality. By connecting speech-act

опфаќа и аналитичките и неаналитичките облици на рационалноста. Поврзувајќи ја теоријата на говорните чинови со прагма-дијалектичката перспектива, таа укажува дека прагматиката и теоријата на аргументацијата се темелат врз заедничка основа: интерсубјективноста, комуникацискиот контекст и дијалошката структура на расудувањето како негова суштинска одлика. (Cf. van Eemeren, и сор. 2014) Оваа линија понатаму се продлабочува во „Логиката на правното расудување: дијалошка перспектива“ (2011), каде што логиката и аргументацијата се применуваат врз правниот дискурс како специфична форма на институционализирана рационалност. Исто така, во делото „Основи на некласичните логики“ (2013), Димишковска покажува како, во рамки на современите логички истражувања, класичната логичка рамка се проширува преку конструирање на некласични логички системи (модални, по-

theory with the pragma-dialectical approach, she demonstrates that pragmatics and argumentation theory share a common foundation in intersubjectivity, communicative context, and the dialogical structure of reasoning as one of its essential features. (Cf. van Eemeren et al., 2014) This line of inquiry is further developed in “The Logic of Legal Reasoning: A Dialogical Perspective” (2011), where logic and argumentation theory are applied to legal discourse as a specific form of institutionalized rationality. In addition, in “Foundations of Non-Classical Logics” (2013), Dimiškovska shows how contemporary logical research extends the framework of classical logic through the construction of non-classical logical systems (modal, many-valued, paraconsistent, intuitionistic, and others), thereby supporting the thesis that rationality cannot be fully accounted for by the resources of classical logic alone.

Ана Димишковска - „Основи на некласичните логики“

Ana Dimiškovska - “Foundations of Non-Classical Logics”

ливалентни, паракомзистентни, интуиционистички, итн.), поткрепувајќи ја тезата дека рационалноста не може исцрпно и без остаток да се опише со средствата на класичната логика.

3.1.3. Онтологија и теорија на познанието

Развојот на онтологијата и теоријата на познанието на Институтот за филозофија се темели врз систематската дејност на **Митко Илиевски** кој ги поставува концептуалните и наставните основи на овие дисциплини, особено во неговите дела „Идеализам и материјализам“ (1961), „Теорија на познанието“ (во рамки на „Основи на марксистичка филозофија“, 1974) и во предговорите кон Лениновите текстови („Филозофски тетратки“, 1968, 1981 и „Материјализмот и емпириокритицизмот“, 1968, 1981). Во нив се обликува јасна позиција според која односот меѓу битието и мислењето претставува основно филозофско прашање, а онтологијата и гносеологијата се во дијалектичко единство, без да се сведуваат една на друга, став кој е различен од оној на Јосифовски. (Симоновска, 1994) Особено значајно е неговото инсистирање на практиката како излезна и критеријална категорија во теоријата на познанието, со што се надминува пасивистичкото сфаќање на „одразот“ и се артикулира антрополошко-хуманистичка варијанта

3.1.3. Ontology and Theory of Knowledge

The development of ontology and theory of knowledge at the Institute of Philosophy is grounded in the systematic work of **Mitko Ilievski**, who established the conceptual and pedagogical foundations of these disciplines, particularly in his works “Idealism and Materialism” (1961), “Theory of Knowledge” (included in “Foundations of Marxist Philosophy”, 1974), and in his introductions to Lenin’s texts (“Philosophical Notebooks”, 1968, 1981, and “Materialism and Empirio-Criticism”, 1968, 1981). In these works, he articulated the view that the relationship between being and thought constitutes the fundamental philosophical question, while ontology and theory of knowledge stand in a dialectical relationship without being reducible to one another—a position that differs from that of Josifovski. (Симоновска, 1994) Particularly significant is his insistence on practice as both the point of departure and the criterion of knowledge, thereby overcoming passive conceptions of “reflection” and articulating an anthropological and humanist variant of Marxist philosophy in which praxis appears as a conscious, creative, and historically situated form of human activity. (Симоновска, 1995) Equally important is his contribution to methodology through the doc-

на марксистичката филозофија, во која праксисот се појавува како свесна, творечка и историски конкретна човечка дејност. (Симоновска, 1995) Значаен е и неговиот придонес во областа на методологијата преку докторската дисертација „Дефиниција“ (1965), во која проблемот на дефинирањето се разработува како суштинско прашање на научното познание. Илиевски ја надминува тесната формално-логичка рамка и дефиницијата ја разбира како инструмент на поимно разјаснување, комуникација и научно обликување на предметот на истражување.

toral dissertation “Definition” (1965), in which the problem of definition is examined as a fundamental issue of scientific knowledge. Ilievski moves beyond a narrowly formal conception of logic and understands definition as an instrument of conceptual clarification, communication, and the scientific constitution of the object of inquiry.

Митко Илиевски - „Дефиниција“

Mitko Ilievski - “Definition”

Оваа традиција добива понатамошна систематизација и проширување во делото на **Мирко Ѓошевски**, чиј научен опус е концентриран врз методологијата, теоријата на познанието и онтологијата како фундаментални дисциплини. Неговите книги „Логика и егзистенција“ (2002) и „Онтологија – прилог кон систе-

This tradition was subsequently systematized and further developed in the work of **Mirko Gjoševski**, whose scholarly output is concentrated on methodology, theory of knowledge, and ontology as fundamental philosophical disciplines. His books “Logic and Existence” (2002) and “Ontology: A Contribution to the System of First Philosophy” (2012) represent an attempt to rearticulate classical ontological questions in a contemporary context, with particular emphasis on the concept “existence” and

Мирко Ѓошевски - „Онтологија – прилог кон системот на првата филозофија“

Mirko Gjoševski - “Ontology: A Contribution to the System of First Philosophy”

мот на првата филозофија“ (2012) претставуваат обид за современа реартикулација на класичните онтолошки прашања, со особен акцент на поимот „постоење“ и на систематизацијата на онтолошките категории. Посебно место во развојот на наставата и дисциплинарната стабилизација има учебникот „Основи на теоријата на познанието“ (2009) што претставува прв систематски и концептуално заокружен учебник по теорија на познанието во современата македонска филозофска литература, кој овозможува јасно артикулирање на основните теориско-познавателни поими, проблеми и правци.

3.1.4. Естетика

Првичното присуство на предметот Естетиката во наставата е уште во периодот од учебната 1951/52 до 1953/54 година, кога предметот го предава Богдан Шешиќ. Сепак, вистинскиот институционален и теориски почеток на естетиката во рамки на Институтот за филозофија

the systematization of ontological categories. A special place in the development of teaching and the disciplinary consolidation of theory of knowledge belongs to the textbook “Foundations of the Theory of Knowledge” (2009), the first systematic and conceptually comprehensive textbook on theory of knowledge in contemporary Macedonian philosophical literature. It provided a clear articulation of the fundamental concepts, problems, and schools of thought.

3.1.4. Aesthetics

The course Aesthetics first appeared in the curriculum during the academic years 1951/52–1953/54, when it was taught by Bogdan Šešić. The true institutional and theoretical beginning of aesthetics at the Institute of Philosophy, however, is associated with the arrival of Pavao Vuk-Pavlović in Skopje in 1958, when aesthetics acquired a systematic academic form for the first time.

се врзува за доаѓањето на Павао Вук-Павловиќ во Скопје во 1958 година, кога естетиката за првпат добива систематска академска форма.

Павао Вук-Павловиќ естетиката ја сфаќа како дел од пошироката филозофија на културата, надминувајќи ја рамката на теоријата на уметноста. Во неговите скопски години се напишани клучните расправи што подоцна ќе бидат заокружени во делото „Душевноста и уметноста“ (1976), како и влијателната студија „Уметноста и музејската естетика“ (1963), во која тој ја проблематизира „музеализацијата“ како историски услов на современото естетичко искуство. Уметничкото дело се гледа како живо духовно дејствување, а творештвото како настан во кој се кондензираат вредностите и историската самосвест на заедницата. Како практична реализација на неговите резултати од постдокторските истражувања во Берлин за естетското воспитување, во Ско-

Pavao Vuk-Pavlović conceived aesthetics as part of a broader philosophy of culture, thereby moving beyond the confines of a mere theory of art. During his years in Skopje, he wrote the key studies that were later collected in “The Spirituality and Art” (1976), as well as the influential essay “Art and Museum Aesthetics” (1963), in which he problematized “musealization” as a historical condition of modern aesthetic experience. The work of art is understood as a living spiritual activity, while artistic creation is conceived as an event in which the values and historical self-awareness of a community become condensed. As a practical realization of the results of his postdoctoral research in Berlin on aesthetic education, he established the Aesthetic Laboratory in Skopje (1959/60). The Laboratory embodied the idea of an “open aesthetics,” oriented toward the direct exploration of art, the integration of the cul-

Павао Вук-Павловиќ - „Творештвото и музејската естетика“

Pavao Vuk-Pavlović - “Art and Museum Aesthetics”

пје ја создава Естетичката лабораторија (1959/60). Лабораторијата претставува остварување на идејата за една „отворена естетика“ насочена кон непосредно истражување на уметноста, кон поврзување на културата на трудот и културата на творештвото и кон надминување на пасивната рецепција на уметничкото дело. Со Естетичката лабораторија, која продолжува да дејствува и по заминувањето на Вук-Павловиќ во пензија, понатаму ќе ја раководи и теориски ќе ја осмислува **Кирил Темков**.

Втората етапа се обликува со **Георги Стардeлов**, кој како асистент и наследник на Вук-Павловиќ го презема естетичкиот корпус предмети, постепено градејќи ја нивната концептуална автономија. Во раниот период, неговата мисла се развива во рамки на марксистичката естетика, но уште веднаш е видлива критичката дистанција кон догматскиот пристап. Подоцна, сè поизразено во духот на херменевтиката, тој ја артикулира уметноста како простор на смисла, толкување и духовно самоосвестување. Стардeлов настојува естетиката да ја заснова врз самото уметничко дело и врз изворното естетско искуство (Џепароски, 2021), развивајќи ја истовремено како филозофија на уметноста, филозофија на културата и херменевтика на книжевното и уметничкото творештво. Неговиот придонес е особено значаен во естетичкото

ture of labor with the culture of creativity, and the overcoming of passive reception of the work of art. The Aesthetic Laboratory continued its activities even after Vuk-Pavlović's retirement, and was subsequently directed and theoretically developed by **Kiril Temkov**.

The second stage is shaped by **Georgi Stardelov**, who, as Vuk-Pavlović's assistant, succeeded him in teaching aesthetics and gradually established its conceptual independence. In its early phase, his thought developed within the framework of Marxist aesthetics, yet a critical distance from dogmatic approaches was evident from the outset. Later, increasingly under the influence of hermeneutics, he articulated art as a sphere of meaning, interpretation, and intellectual self-understanding. Stardelov sought to ground aesthetics in the work of art itself and in original aesthetic experience (Џепароски, 2021), developing it simultaneously as a philosophy of art, a philosophy of culture, and a hermeneutics of literary and artistic creation. His contribution is particularly significant in the aesthetic interpretation of Macedonian literature, where, through studies devoted to Blaže Koneski, Aco Šopov, Slavko Janevski, Mateja Matevski, and Ante Popovski, he connected aesthetics with questions of language, cultural identity, and

то толкување на македонската книжевност, во чии рамки преку студиите за Блаже Конески, Ацо Шопов, Славко Јаневски, Матеја Матевски и Анте Поповски естетиката ја поврзува со прашањата на јазикот, културниот идентитет и историската самосвест. Во поширок план, со делата „Есеи“ (1958), „Избрани дела“ во девет тома (2000) „Искушенијата на естетичкиот ум: XX век“ (2003), „Балканска естетика: една друга естетика“ (2004) и тритомната „Summa Aestheticae“ (2015), Старделов ја вградува македонската естетичка мисла во јужнословенски, балкански и европски контекст. Надоврзувајќи се на веќе воспоставената естетичка традиција на Институтот, **Кица Барџиева-Колбе** отвора нов теориски хоризонт преку систематско толкување на естетичката мисла на Теодор Адорно и на критичката теорија. Во својата докторска дисертација, објавена како „Принципот коп-

historical self-awareness. More broadly, through works such as “Essays” (1958), the nine-volume “Selected Works” (2000), “The Temptations of the Aesthetic Mind: The Twentieth Century” (2003), “Balkan Aesthetics: Another Aesthetics” (2004), and the three-volume “Summa Aestheticae” (2015), Stardelov situated Macedonian aesthetic within a broader South Slavic, Balkan, and European context. Building upon the already established aesthetic tradition of the Institute, **Kica Bardžieva-Kolbe** opened a new theoretical horizon through her systematic interpretation of the aesthetic thought of Theodor Adorno and Critical Theory. In her doctoral dissertation, published as ”The Principle of Desire: The Possibilities and Limits of Aesthetics” (1990), she explored the conditions for the constitution of aesthetics as an autonomous philosophical discipline within eighteenth-cen-

Георги Стардeлов - „Искушенијата на естетичкиот ум - XX век“

Georgi Stardelov - “The Temptations of the Aesthetic Mind: The Twentieth Century”

неж: можностите и границите на естетиката“ (1990), таа ги истражува условите за конституирање на естетиката како самостојна филозофска дисциплина во германската филозофија од XVIII век. Во средиштето на нејзината анализа се наоѓа категоријата „копнеж“, сфатена како специфичен облик на однос кон светот што го надминува непосредното и се насочува кон можните, отсутните и утописките хоризонти на човечкото искуство.

Во следната генерација, **Иван Џепароски** ја продлабочува и ја проширува естетиката во повеќе насоки. Во книгите „Арго плови по Аксиј“ (1984), „Уметничкото дело: во втората половина на XX век“ (1998), „Естетика на возвишеното“ (2008), „Дискурси на визуелното“ (2014), „Филозофија и книжевност“ (2023) и „Комичното и хуморот“ (2024); како и хрестоматиите „Естетика на играта“ (2003) и „Убавина и уметност“ (2005), тој ги преиспитува класичните прашања за статусот и структурата на уметничкото дело, но разработува и нови аспекти на естетичкото искуство, особено категориите на возвишеното, комичното и играта како гранични и креативни модуси на естетичкото доживување. Исто така, неговата дејност се насочува и кон посебните уметности. Визуелните практики и книжевноста се разгледуваат од перспектива на естетичката рефлексија, како

tury German philosophy. At the center of her analysis stands the category of “desire”, understood as a distinctive mode of relating to the world that transcends the immediate and reaches toward the possible, the absent, and the utopian horizons of human experience.

In the next generation, **Ivan Džeparoski** further deepened and expanded aesthetics in several directions. In books such as “Argo Sails along the Axios” (1984), “The Artwork in the Second Half of the Twentieth Century” (1998), “The Aesthetics of the Sublime” (2008), “Discourses of the Visual” (2014), “Philosophy and Literature” (2023), and “The Comic and Humour” (2024), as well as in the anthologies “The Aesthetics of Play” (2003) and “Beauty and Art” (2005), he re-examines classical questions concerning the status and structure of the work of art while also developing new aspects of aesthetic experience, particularly the categories of the sublime, the comic, and play as liminal and creative modes of aesthetic experience. His work also extends into the sphere of the individual arts. Visual practices and literature are examined from the perspective of aesthetic reflection as distinctive media of meaning that require their own interpretative approaches. Within this broader theoretical framework, the books “Aesthetics: Aesthetic

специфични медиуми на смисла што бараат сопствен интерпретативен пристап. Во таа широка теориска рамка, книгите „Естетика: естетички категории“ (2020) и „Историја на естетиката: од Питагора до Хјум“ (2025) имаат посебно значење како систематски и учебнички помагала. Првата ја обезбедува поимната архитектура на дисциплината, а втората ја поставува естетиката во историски континуитет што ги поврзува античките почетоци со посовремените концепции на субјективноста и вкусот.

Иван Џепароски - „Историја на естетиката: од Питагора до Хјум“

Ivan Džeparoski - “History of Aesthetics: From Pythagoras to Hume”

Во поновата фаза од развојот на дисциплината, **Вангел Ноневски** ја проширува естетиката кон медиумските и културолошките истражувања, со особено интересирање за ремиксот, интерактивните уметности, модерната уметност, семиологијата и медиологијата. Неговите трудови ја преиспитуваат современата судбина на уметничкото дело во услови на техничка репро-

Categories” (2020) and “History of Aesthetics: From Pythagoras to Hume” (2025) occupy a special place as systematic scholarly and pedagogical works. The former provides the conceptual architecture of the discipline, while the latter situates aesthetics within a historical continuum linking its ancient beginnings with later conceptions of subjectivity and taste.

In the more recent phase of the discipline’s development, **Vangel Nonevski** has expanded aesthetics toward media and cultural studies, with particular interest in remix, interactive arts, modern art, semiology, and mediology. His work reconsiders the contemporary state of the work of art under conditions of technical reproduction, digital transformation, and media hybridity, where categories such as “authorship,” “originality,” “performance,” and “intervention” acquire new meanings. In books

дукција, дигитална трансформација и медиумска хибридност, при што категориите како „авторство“, „оригинал“, „изведба“ и „интервенција“ добиваат нова смисла. Во книгите „Музички бриколаж“ (2003), „Грамофонот како метаинструмент“ (2014) и „Киборшка естетика“ (2018), естетиката се развива како анализа на културните и технолошките услови на современото уметничко искуство. На тој начин,Ноневски ја внесува дисциплината во дијалог со современата теорија на медиумите, културолошките студии и теоријата на јавниот простор.

such as “Musical Bricolage” (2003), “The Gramophone as a Meta-Instrument” (2014), and “Cyborg Aesthetics” (2018), aesthetics is developed as an analysis of the cultural and technological conditions of contemporary artistic experience. In this way, Nonevski brings the discipline into dialogue with contemporary media theory, cultural studies, and theories of public space.

Вангел Ноневски - „Грамофонот како метаинструмент“

Vangel Nonevski - “The Gramophone as a Meta-Instrument”

3.1.5. Етика

Раното присуство на етиката во наставата, меѓу другото и преку ангажманот на Богдан Шешиќ, му претходи на нејзиното темелно теориско и наставно обликување, кое на Институтот за филозофија се врзува за **Павао Вук-Павловиќ**. Тој во скопскиот период го предава предметот Етика, паралелно со предметите Естетика и Историја на филозо-

3.1.5. Ethics

The early presence of ethics in the curriculum through the engagement of Bogdan Šešić, preceded its systematic theoretical and pedagogical development, which at the Institute of Philosophy is associated with **Pavao Vuk-Pavlović**. During his Skopje years, he taught Ethics alongside Aesthetics and the History of Philosophy. Although he did not de-

фијата. Иако не создава посебен етички систем како што и самиот истакнува (Temkov, 1987, 121), неговата мисла е суштински проникната со етичката проблематика. Кај Вук-Павловиќ, филозофирањето е еминентно етички чин; имено, според него, смислата на филозофијата не е функционална, туку вредносна (Vrednota u svijetu, 1962). Основното прашање на етиката не е среќата и дали животот има смисла, туку како да му се даде смисла. Човекот ја остварува својата човечност во заедницата и во одговорното дејствување кон другиот, а љубовта се појавува како највисока мера на човечноста и темел на воспитувањето. Така, етиката, кај него, се обликува како морална антропологија и хуманистичка филозофија на достоинството и вредноста.

Во следната етапа, **Кирил Темков** го развива систематскиот третман на етиката како посебна дисциплина и ѝ дава јасна поимна, наставна и културна рамка. Во делата „Етика“ (1998), „Етиката денес“ (1999), „Етика на културата“ (2009), „Професионална етика“ (2011), „Градот и етиката“ (2020), тој ги разработува клучните категории на вредноста, должноста, слободата, одговорноста, достоинството и совеста, настојувајќи да ја поврзе теориската анализа со конкретни морални ситуации на современиот човек. Кај Темков

velop a distinct ethical system, as he himself acknowledged (Temkov, 1987, 121), his work is deeply engaged with ethical questions. For Vuk-Pavlović, philosophizing is an eminently ethical act. The purpose of philosophy, in his view, is not functional but value-oriented (“Vrednota u svijetu”, 1962). The central question of ethics is not happiness, nor whether life has meaning, but how meaning can be given to life. Human beings realize their humanity within a community and through responsible action toward others, while love emerges as the highest measure of humanity and the foundation of education. Ethics thus takes the form of a moral anthropology and a humanistic philosophy of dignity and value.

In the next stage, **Kiril Temkov** developed the systematic treatment of ethics as a distinct discipline, providing it with a clear conceptual, pedagogical, and cultural framework. In works such as “Ethics” (1998), “Ethics Today” (1999), “The Ethics of Culture” (2009), “Professional Ethics” (2011), and “The City and Ethics” (2020), he elaborates the key categories of value, duty, freedom, responsibility, dignity, and conscience, seeking to connect theoretical analysis with the concrete moral situations of contemporary life. In Temkov’s thought, ethics does not remain at the level of abstract normativity but is understood as a culture

Кирил Темков -
„Етиката денес“

Kiril Temkov -
“Ethics Today”

етиката не останува на нивото на апстрактна нормативност, туку се разбира како култура на живеење и како форма на духовна зрелост. Тој инсистира на воспитната функција на моралот, на значењето на карактерот и на односот меѓу личната и општествената одговорност, при што етичката рефлексија се поставува како основа на граѓанското и културното самоосвестување, особено кај младите („Како да се биде добар: етика за млади“ 2007 и „Етички речник за младите“ 2001). Во таа насока, Темков е познат по залажбите за воведување на етичкото и биоетичкото образование во основниот и средношколскиот систем, за кои предмети напиша учебни помагала („Етика за VI одделение“, 2010; „Етика за VII одделение, 2020; „Етика за II клас гимназија“, 2004; „Етика за III клас гимназија“, 2004; Филозофија: учебник за IV година на реформираното гимназиско образование, 2005 – заедно со Стефан Сидовски).

of living and as a form of intellectual maturity. He emphasizes the educational function of morality, the importance of character, and the relationship between personal and social responsibility, presenting ethical reflection as a foundation of civic and cultural self-understanding, particularly among young people (“How to Be Good: Ethics for Young People” [2007] and “An Ethical Dictionary for Young People” [2001]). In this regard, Temkov is also known for his efforts to introduce ethical and bioethical education into primary and secondary schooling, for which he authored a number of educational textbooks and teaching materials (“Ethics for Grade Six” [2010], “Ethics for Grade Seven” [2020], “Ethics for the Second Year of Gymnasium Education” [2004], “Ethics for the Third Year of Gymnasium Education” [2004], and “Philosophy: A Textbook for the Fourth Year of Reformed Gymnasium Education” [2005], co-authored with Stefan Sidovski).

Иванчо Атанасовски ја проширува дисциплината етика во историско-филозофска, интеркултурна и егзистенцијлистичка насока. Во делата „Магијата на егзистенцијализмот“ (1994), „Антички културолошки бедекер“ (I и II, 2011, 2014), „Етички поими и мисли на источните култури“ (2014) и „Појмовен бревијар на источната етика“ (2011), тој ги истражува античките, источните и егзистенцијалистичките етички традиции, отворајќи простор за компаративно читање на моралните концепции.

Ivančo Atanasovski broadened the field of ethics in historico-philosophical, intercultural, and existentialist directions. In works such as “The Magic of Existentialism” (1994), “An Ancient Cultural Guidebook” (vols. I and II, 2011, 2014), “Ethical Concepts and Reflections of Eastern Cultures” (2014), and “A Conceptual Breviary of Eastern Ethics” (2011), he explores ancient, Eastern, and existentialist ethical traditions, opening space for comparative readings of moral concepts.



Иванчо Атанасовски - „Магија на егзистенцијалимот“

Ivančo Atanasovski - “The Magic of Existentialism”

Во најновиот период, **Дејан Донев** ја профилира дисциплината во насока на применета етика - еколошката, менаџерската и медиумската етика, а посебно со воведувањето и имплементирањето на биоетиката како специфично поле и дисциплина. Неговата дејност ја поврзува нормативната анализа со конкретни општествени по-

In the most recent period, **Dejan Donev** has shaped the discipline in the direction of applied ethics, particularly environmental ethics, management ethics, media ethics, and, above all, through the introduction and implementation of bioethics as a distinct field and discipline. His work connects normative analysis with concrete social domains

линња, како што се екологијата, биомедицината, менаџерството, комуникацијата, медиумите и образованието, при што етиката се артикулира како јавна и критичка рефлексија на современите морални дилеми. Истовремено, неговите истражувања се насочени и кон историските и културните основи на „нашата“ етичка традиција („За нашите етички основи“, 2024), при што ги преиспитува вредносните темели обликувани во словенско-христијанскиот културен хоризонт и нивната улога во формирањето на современата морална самосвест. Значајна е неговата високошколска учебникарска дејност („Етика во новинарството, 2011, „Филозофија на менаџерството“, 2014; „Водство и етика“ 2017, „Вовед во етиката“ 2018, „Прирачник за етика“ 2020). Заложбите за пошироко етаблирање на биоетиката се рефлектираат во неговата улога како основач

such as ecology, biomedicine, management, communication, media, and education, whereby ethics is articulated as a public and critical reflection on contemporary moral dilemmas. At the same time, his research is directed toward the historical and cultural foundations of “our” ethical tradition (“On Our Ethical Foundations” [2024]), where he re-examines the value foundations shaped within the Slavico-Christian cultural horizon and their role in the formation of contemporary moral self-understanding. His contribution as an author of university-level textbooks is also significant (“Ethics in Journalism” [2011], “Philosophy of Management” [2014], “Leadership and Ethics” [2017], “Introduction to Ethics” [2018], and “Handbook of Ethics” [2020]). His efforts to establish bioethics more firmly as a field of study are reflected in his role as founder and director of the

Дејан Донев - „Вовед во етиката“

Dejan Donev - “Introduction to Ethics”

и раководител на Центарот за интегративна биоетика при Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет.

3.1.6. Филозофија на политиката

Филозофијата на политиката на Институтот за филозофија започнува да се оформува како посебно наставно и истражувачко подрачје со воведувањето на истоимениот предмет од страна на **Кирил Темков**, а понатаму се развива и преку наставната и научната дејност на **Ферид Мухиќ**. Во неговите дела „Доминација и револуција: обид за синтеза на историското револуционерно искуство“ (2005) и „Логос и/или хиерархија: теорија и историја на доктрините на политичката филозофија“ (2006) се воспоставува широка синтетичка перспектива што ги поврзува историјата на политичките идеи и нормативната анализа на власта, хиерархијата и револуционерното искуство.

Во поновиот период, Филозофијата на политиката добива изразита критичка, интердисциплинарна и општествено релевантна насока преку научната и јавната дејност на **Бранислав Саркањац**. Неговите дела „По свое: македонски катахрезис или како да се зборува за Македонија“ (2009), „Идеологијата и поединецот“ (2009) и „Јавно здравје и здравствена реформа – политички и социолошки аспекти“ (2008)

Centre for Integrative Bioethics at the Institute of Philosophy, Faculty of Philosophy.

3.1.6. Political Philosophy

Political philosophy at the Institute of Philosophy began to take shape as a distinct field of teaching and research with the introduction of the course by **Kiril Temkov**, and was subsequently developed through the teaching and scholarly work of **Ferid Muhić**. In works such as “Domination and Revolution: An Attempt at a Synthesis of Historical Revolutionary Experience” (2005) and “Logos and/or Hierarchy: Theory and History of the Doctrines of Political Philosophy” (2006), he establishes a broad synthetic perspective that brings together the history of political ideas and the normative analysis of power, hierarchy, and revolutionary experience.

In the more recent period, political philosophy has acquired a distinctly critical, interdisciplinary, and socially engaged orientation through the scholarly and public work of **Branislav Sarkanjac**. His books “In One’s Own Way: Macedonian Catachresis, or How to Speak about Macedonia” (2009), “Ideology and the Individual” (2009), and “Public Health and Healthcare Reform: Political and Sociological Aspects” (2008) analyze the condition of transition, institutional crisis, and the problems of public policy, con-

Бранислав Саркањац - „По свое: македонски катахрезис или како да се зборува за Македонија“

Branislav Sarkanjac - “In One’s Own Way: Macedonian Catachresis, or How to Speak about Macedonia”

ја анализираат транзициската состојба, институционалната криза и проблемите на јавната политика, поврзувајќи ја политичката теорија со конкретниот историски контекст. Во книгите „Дома: идејата на конзерватизмот“ (2011) и „Како да разберам човек“ (2017), тој ја продлабочува врската меѓу политичките структури и субјективноста, разгледувајќи го формирањето на поединецот во услови на идеолошки дискурси, транзициски процеси и општествени норми и механизми на моќ. Во овие истражувања политичката филозофија се развива како анализа на односот меѓу институционалната моќ и поединецот, меѓу идеологијата и автономијата, но и како испитување на поимите „дом“, „припадност“, „традиција“ и „конзервативизам“ во услови на модерна и постмодерна општествена фрагментација. Кај Саркањац, филозофијата на политиката се развива како критичка анализа на современите облици на доминација, легитимност и

necting political theory with concrete historical circumstances. In “Home: The Idea of Conservatism” (2011) and “How to Understand a Human Being” (2017), he further develops the relationship between political structures and subjectivity, examining the formation of the individual within ideological discourses, transitional processes, social norms, and mechanisms of power. In these studies, political philosophy develops as an analysis of the relationship between institutional power and the individual, between ideology and autonomy, but also as an inquiry into the concepts of “home,” “belonging,” “tradition,” and “conservatism” under conditions of modern and postmodern social fragmentation. In Sarkanjac’s work, political philosophy emerges as a critical analysis of contemporary forms of domination, legitimacy, and public responsibility, with particular attention to the relationship between the state, civil society, and the individual.

јавна одговорност, со особено интересирање за односот меѓу државата, граѓанското општество и поединецот.

3.1.7. Философија на религијата

Развојот на философијата на религијата на Институтот за философија се одвива како континуитет што започнува со институционално воспоставување на дисциплината. Предметот Философија на религијата е воспоставен од **Ферид Мухиќ**, со што ова подрачје добива своја наставна и концептуална рамка во рамки на студиската програма на Институтот. Подоцна тој ја објавува книгата „Философија на религија во германскиот идеализам“ (2009).

Во следната фаза, **Љубомир Цуцуловски** ја продлабочува и афирмира дисциплината преку својата наставна и научна дејност, вклучително и преку воведувањето на изборниот предмет Историја на источните философии. Кај него, философијата на религијата се развива во тесна врска со антрополошката и марксистички инспирирана проблематика. Прашањата за теодикејата, доказите за Божјото постоење, односот разум–вера и проблемот на злото се разгледуваат во поширок контекст на човековата природа, моралот и феноменот на отуѓувањето. Овие тематски насоки се разработени во низа негови текстови, меѓу

3.1.7. Philosophy of Religion

The development of philosophy of religion at the Institute of Philosophy exhibits a clear continuity, beginning with the institutional establishment of the discipline. The course Philosophy of Religion was introduced by **Ferid Muhić**, thereby providing this field with a distinct pedagogical and conceptual framework within the Institute's study programme. He later published the book "Philosophy of Religion in German Idealism" (2009).

In the next phase, **Ljubomir Cuculovski** further developed and consolidated the discipline through his academic work, including the introduction of the elective course History of Eastern Philosophies. In his approach, philosophy of religion develops in close connection with anthropological questions and themes inspired by the Marxist tradition. Questions concerning theodicy, proofs of the existence of God, the relationship between reason and faith, and the problem of evil are examined within the broader context of human nature, morality, and the phenomenon of alienation. These thematic orientations are elaborated in a number of his studies, among which the following are particularly noteworthy: "The Problem of Theodicy in Ancient Skepticism" (1997), "Anselm's Omnipotent and Not Omnipotential God"

кои се издвојуваат: „Проблемот на теодицејата во античкиот скептицизам“ (1997), „Семоќниот и сенеможниот Анселмов Бог“ (1998), „За човековата несовршеност и извесноста на Божјата егзистенција кај Рене Декарт“ (1998) и „Онтолошкиот доказ на Анселм Кентерберијски“ (1999), во кои се комбинира историско-филозофската анализа со систематско преиспитување на основните теолошко-етички проблеми.

Во поновиот период, со делото на **Марија Тодоровска**, филозофијата на религијата добива изразито систематска, историско-филозофски продлабочена и методолошки комплексна разработка. Таа филозофијата на религијата ја развива како концептуално кохерентно поле што ги поврзува историско-филозофските анализи со онтолошки, антрополошки и културолошки прашања, со особен акцент на проблемот на светото, негативната теологија и религискиот јазик. Нејзините монографии „Митот како света сказна“ (2015), „Дијаболичната природа на светото“ (2016), „Неискажливата природа на божественото“ (2020), „Амбивалентноста на демонското во Месопотамија и во Стар Египет“ (2022) и „Падот на ангелите и потеклото на злото во ранохристијанските извори“ (2025) претставуваат темелни истражувања на негативната теологија, апофатичката традиција

(1998), “On Human Imperfection and the Certainty of God’s Existence in René Descartes” (1998), and “Anselm of Canterbury’s Ontological Proof” (1999). In these works, historico-philosophical analysis is combined with a systematic examination of fundamental theological and ethical problems.

In the more recent period, the work of **Marija Todorovska** has given philosophy of religion a distinctly systematic character, marked by historico-philosophical depth and methodological complexity. She develops philosophy of religion as a conceptually coherent field that connects historico-philosophical inquiry with ontological, anthropological, and cultural questions, placing particular emphasis on the problem of the sacred, negative theology, and religious language. Her monographs “Myth as a Sacred Tale” (2015), “The Diabolical Nature of the Sacred” (2016), “The Ineffable Nature of the Divine” (2020), “The Ambivalence of the Demonic in Mesopotamia and Ancient Egypt” (2022), and “The Fall of the Angels and the Origin of Evil in Early Christian Sources” (2025) constitute substantial studies of negative theology, the apophatic tradition, and ancient religious concepts, closely connected with ontological questions concerning being, the One, and the Absolute.

и древните религиски концепции, во тесна врска со онтолошките прашања за битието, Едното и апсолутот.

Марија Тодоровска - „Дијаболичната природа на светото“

Марија Тодоровска - „Дијаболичната природа на светото“

3.1.8. Филозофска антропологија

Филозофската антропологија на Институтот за филозофија се оформува како самостојна дисциплина со воведувањето на предметот од страна на **Ферид Мухиќ**. Иако неговиот опус не е доминантно насочен кон ова подрачје, во текстови како „Две апории на теоријата на дезалиенација“ (1977) антрополошката проблематика е јасно присутна преку прашањата за отуѓувањето, човековата суштина и можностите на еманципација. Во поширока смисла, неговата мисла е обележана со изразена антрополошка и херменевтичка ориентација, насочена кон разбирањето на човекот, неговата природа, слобода и место

3.1.8. Philosophical Anthropology

Philosophical anthropology at the Institute of Philosophy emerged as a distinct discipline with the introduction of the course by **Ferid Muhić**. Although his scholarly work was not primarily devoted to this field, anthropological questions are clearly present in texts such as “Two Aporias of the Theory of De-alienation” (1977), through discussions of alienation, human essence, and the possibilities of emancipation. More broadly, his thought is characterized by a pronounced anthropological and hermeneutical orientation directed toward understanding the human being, human nature, freedom, and humanity’s place in the world

во светот. (Ѓошевски, 2024) Но, систематската, проблемската и категоријалната разработка на Филозофската антропологија се остварува во делото на **Коле Јовановски**.

Во центарот на неговото научно интересирање стои прашањето за човекот, за неговата суштина, смисла и вредност. Уште во магистерскиот труд „Марксовиот концепт за човековите потреби“ (1985) тој ја анализира човековата природа преку категориите потреба, опредметување и отуѓување, поставувајќи ја антропологијата во дијалог со марксистичката традиција. Со докторската дисертација „Проблемот на смислата во југословенската филозофија“ (1989), подоцна објавена како „Проблемот на смислата“ (2005), Јовановски ја утврдува смислата како централна антрополошка категорија. Тој не смета дека смислата е апстрактен поим, туку дека претставува антрополошки процес преку кој човекот ја обликува сопствената егзистенција. Во книгата „Филозофска антропологија“ (2000), која претставува прв систематски учебник по оваа дисциплина во Македонија, тој дава концептуално организиран преглед на клучните прашања: штоството и којството на човекот; односот на човекот кон неговото дело; слободата и одговорноста; алиенацијата и дезалиенацијата; смислата на потребите, вредностите,

(Ѓошевски, 2024). However, the systematic, problem-oriented, and categorical elaboration of philosophical anthropology was accomplished in the work of **Kole Jovanovski**.

At the centre of Jovanovski's scholarly interests stands the question of the human being—its essence, meaning, and value. Already in his master's thesis, "Marx's Concept of Human Needs" (1985), he examined human nature through the categories of need, objectification, and alienation, placing anthropology in dialogue with the Marxist tradition. In his doctoral dissertation, "The Problem of Meaning in Yugoslav Philosophy" (1989), later published as "The Problem of Meaning" (2005), Jovanovski established meaning as a central anthropological category. For him, meaning is not an abstract concept but an anthropological process through which human beings shape their own existence. In "Philosophical Anthropology" (2000), the first systematic textbook in this discipline published in Macedonia, he provides a conceptually organized treatment of key questions: the whatness and whoness of the human being; the relationship between human beings and their creations; freedom and responsibility; alienation and de-alienation; and the meaning of needs, values, culture, and technology. Particularly significant is the fact that his anthro-

културата и техниката. Особено е значајно што антрополошката анализа кај него е неразделно поврзана со аксиологијата затоа што прашањето за човекот секогаш се поставува како прашање за вредноста и валоризацијата на животот. Со тоа, за првпат Јовановски систематски и теориски ја поставува дисциплината аксиологија. Исто така, тој темелно ја истражува историската генеза на филозофската антропологија – од античките мислители до современите антрополози како Шелер, Плеснер, Гелен и Хајдегер.

pological analysis is inseparable from axiology, since the question of the human being is always posed as a question of value and the valuation of life. In this way, Jovanovski also became the first scholar to establish axiology as a distinct discipline in a systematic and theoretical manner. He further explored the historical genesis of philosophical anthropology, from ancient thinkers to modern anthropologists such as Scheler, Plessner, Gehlen, and Heidegger.

In the more recent period, the discipline was developed ped-

Коле Јовановски - „Филозофска антропологија“

Kole Jovanovski - “Philosophical Anthropology”

Во поновиот период, дисциплината во наставна смисла ја развива **Јасмина Поповска** (2013 – 2018, кога го предава предметот), како и **Вера Хаџи Пуља** (2014 – 2020, кога е асистент по овој предмет) која ја насочува во феноменолошка насока. Денес филозофската антропологија во наставна и теориска смисла ја развива **Вангел Ноневски**, со што се обезбедува нејзино отворање кон нови пристапи.

agogically by **Jasmina Popovska** (2013–2018, when she taught the course), as well as by **Vera Hadji Pulja** (2014–2020, when she served as teaching assistant for the course), who oriented it toward phenomenological approaches. Today, philosophical anthropology is being developed both pedagogically and theoretically by **Vangel Nonevski**, ensuring its continued openness to new perspectives and approaches.

3.1.9. Методика на наставата по филозофија

Развојот на дисциплината методика на наставата по филозофија се одвива постепено, преку спојување на практичко-педагошкото искуство со теориско-методолошка рефлексија, при што клучна улога имаат Стојан Јордановски и Олга Пешевска-Заревска.

Почетоците на дисциплината се поврзани со дејноста на **Стојан Јордановски**, чија дејност е насочена кон наставата по предметите поврзани со марксистичкото образование. Како коавтор на учебниците на предметот „Марксизам и самоуправување“ за I-IV клас средно училиште (1982, 1983, 1977, 1978), како и на низа стручни трудови од методско-педагошка проблематика, тој активно учествува во обликувањето на наставните содржини и нивната дидактичка трансформација. Неговите анализи се насочени кон конкретните тешкотии во наставната практика, особено во однос на усогласувањето на наставните програми со динамичните општествени промени и со потребата од нивна континуирана актуелизација. Посебно значајно место во неговите дела има проблемот на користењето на учебниците, односно нивната соодветност како средство за посредување на наставните содржини, како што тоа се гледа од статијата „Некои методски и

3.1.9. Methodics of Philosophy Teaching

The development of the methodics of philosophy teaching has proceeded gradually through the integration of practical pedagogical experience with theoretico-methodical reflection, with Stojan Jordanovski and Olga Peševska-Zarevska playing particularly important roles.

The beginnings of the discipline are associated with the work of **Stojan Jordanovski**, whose activities were primarily focused on teaching subjects related to Marxist education. As co-author of the textbooks “Marxism and Self-Management” for the first through fourth years of secondary education (1982, 1983, 1977, 1978), as well as numerous professional publications on methodical and pedagogical issues, he actively participated in shaping curricular content and its didactic transformation. His analyses focused on concrete difficulties encountered in teaching practice, particularly the challenge of aligning curricula with rapidly changing social conditions and the need for their continual revision and updating. A particularly important place in his work is occupied by the question of textbook use and their adequacy as instruments for mediating educational content, as reflected in the article “Some Methodical and Methodological Questions Concerning

методолошки прашања во врска со наставата по марксизам и самоуправување во училиштата за средно насочено образование и проблемот на учебниците и нивното користење“ (1981).

Надоврзувајќи се на овие почетоци, дисциплината добива посистематски облик со работата на **Олга Пешевска-Заревска**. Нејзиниот придонес се состои во трансформацијата на методиката од претежно практична област во развиена научно-истражувачка дисциплина. Со магистерскиот труд „Тематско планирање и методичко подготвување на наставата по филозофија во средните училишта“ (1996), како и со докторската дисертација „Филозофска едукација во средните училишта“ (1998), таа воспоставува теориска рамка за проучување на филозофското образование, третирајќи го како комплексен педагошко-филозофски процес. Во нејзините истражувања методиката се проширува кон анализа на целите на филозофската едукација, наставните содржини, методите и формите на работа, како и кон вредносните и воспитните аспекти на наставата. Особено значајно е инсистирањето на интердисциплинарниот карактер на методиката, нејзината поврзаност со педагогијата и психологијата, како и нејзината улога во развојот на критичкото мислење, демократската култура и интелектуалната автономија кај младите луѓе.

the Teaching of Marxism and Self-Management in Secondary Vocational Education and the Problem of Textbooks and Their Use” (1981).

Building on these foundations, the discipline acquired a more systematic form through the work of **Olga Peševska-Zarevska**. Her contribution lies in the transformation of methodics from a predominantly practical field into a developed scholarly discipline. Through her master’s thesis, “Thematic Planning and Methodical Preparation of Philosophy Teaching in Secondary Schools” (1996), and her doctoral dissertation, “Philosophical Education in Secondary Schools” (1998), she established a theoretical framework for the study of philosophical education, treating it as a complex pedagogical and philosophical process. In her research, the methodics of philosophy teaching expands beyond classroom practice to encompass the analysis of the aims of philosophical education, curricular content, teaching methods, and forms of instruction, as well as the evaluative and educational dimensions of teaching. Particularly significant is her emphasis on the interdisciplinary character of the discipline, its connections with pedagogy and psychology, and its role in fostering critical thinking, democratic culture, and intellectual autonomy among young peo-

алната автономија кај младите. Преку учебници („Современа методика на наставата по филозофија“, 2010), прирачници и научни трудови, Пешевска-Заревска ја кодифицира дисциплината и ја афирмира како посебна област на филозофското и педагошкото истражување.

ple. Through textbooks, including “Contemporary Methodics of Philosophy Teaching” (2010), teaching manuals, and scholarly publications, Peševska-Zarevska codified the discipline and established it as a distinct field of philosophical and educational research.

Олга Пешевска-Заревска - „Современа методика на наставата по филозофија“

Olga Peševska-Zarevska -“Contemporary Methodics of Philosophy Teaching”

3.2. Истражувачки центри, лаборатории, публикации, проекти, настани

3.2.1. Естетичка лабораторија

Инспириран од естетичко-психологистичките теориски ставови развиени на почетокот на XX век во Лајпциг од страна на Јоханес Фолкелт и Вилхелм Вунт, во учебната 1959/1960 година Павао Вук-Павловиќ ја основа Естетичката лабораторија. Дејноста на лабораторијата е насочена кон компаративно-естетички истражувања, особено од македонското современо уметничко творештво. Во духот

3.2. Research Centers, Laboratories, Publications, Research Projects, and Academic Events

3.2.1. Aesthetic Laboratory

Inspired by the aesthetico-psychological theories developed in Leipzig at the beginning of the twentieth century by Johannes Volkelt and Wilhelm Wundt, Pavao Vuk-Pavlović founded the Aesthetic Laboratory in the academic year 1959/1960. The activities of the Laboratory were directed toward comparative aesthetic research, particularly in the field of contemporary Macedonian ar-

на психологистичките корени и нејзината поврзаност со науката и новите технологии, лабораторијата ја поддржува идејата за уметничкото репродуцирање за широките маси, а првенствено за студентите на Филозофскиот факултет. Во нејзиното практично дејствување се отсликуваат идеите на Маркузе за општеството како уметничко дело, на Дифрен за естетизацијата на секојдневното и за можниот колективизам при творењето, како и на идеите на Шмит за концептуалната естетика и комуникативниот момент на уметноста (Џепароски, 1998, 231-236) Низ акции, манифестации, дискусии, разговори и анкетирања во различни видови институции и простори (аулата на Филозофскиот факултет, музеи, галерии, ателјеа, театри, филмски претпријатија, Кинотека, телевизија, како и студентски домови, фискултурни сали, фабрички хали, ложилници) се остварува „создавањето нова свест во истражувањето и доживувањето на уметностите, изградувањето автентичен приод кон уметничкото дело, воспитувањето нова публика која на уметничкиот чин му приоѓа со човечка одговорност, бидејќи го смета за егзистенцијален, а не за церемонијален чин“. (Барџиева, 1980, 24) Се смета дека Вук-Павловиќ основањето на лабораторијата го согледувал како поставување

tistic production. In keeping with its psychological roots and its connection with science and new technologies, the Laboratory supported the idea of making artistic reproduction accessible to wider audiences, especially to students of the Faculty of Philosophy. Its practical activities reflected the ideas of Marcuse concerning society as a work of art, Dufrenne's conception of the aestheticization of everyday life and the possibilities of collective creativity, as well as Schmidt's ideas regarding conceptual aesthetics and the communicative dimension of art (Џепароски, 1998, 231–236). Through actions, public events, discussions, conversations, and surveys conducted in a variety of institutions and venues—the atrium of the Faculty of Philosophy, museums, galleries, artists' studios, theatres, film enterprises, the Cinematheque, television stations, as well as student dormitories, sports halls, factory facilities, and boiler rooms—the Laboratory pursued the aim of "creating a new awareness in the exploration and experience of the arts, cultivating an authentic approach to the work of art, and educating a new audience that approaches the artistic act with human responsibility, considering it an existential rather than a ceremonial act" (Барџиева, 1980, 24). Vuk-Pavlović is believed to have regarded the establishment of the Laboratory as laying the

на темелите на Скопската филозофска школа.

Со договор склучен со Македонскиот народен театар, Естетичката лабораторија ја презема функцијата на театролошки институт. Од 1975 година започнува да работи и „Отвореният театарски универзитет“ – општествена и културна акција насочена кон популаризација на театарската уметност не само во Македонија, туку и во Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Русија, Велика Британија и Романија. Од активностите организирани во рамки на „Отвореният театарски универзитет“, подоцна во соработка со Домот на младите, ќе се развие идејата за основање на фестивалот „Млад отворен театар“ под водство на Љубиша Никодиновски-Биш. Покрај театарската, во лабораторијата се вклучени и ликовната, филмската, музичката и архитектонската трибина. Значајни се посетите на естетичарите Микел Дифрен и Зигфрид Шмит кои ја посетуваат Лабораторијата по проследувањето на репортажата за Отвореният театарски универзитет во Германија, поддржувајќи ја оваа естетичко-културна-педагошка дејност со нивни предавања. (Никодиновски, 2007) Од настаните од овој период особено внимание предизвикуваат двата концерта на „Леб и сол“, изведбата на претставата „Пофалба на лудоста“ во изведба на

foundations for a Skopje School of Philosophy.

Through an agreement concluded with the Macedonian National Theatre, the Aesthetic Laboratory performed the function of a theatrological institute. In 1975, the “Open Theatre University” was established as a cultural and educational initiative aimed at promoting theatre not only in Macedonia but also in Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Russia, the United Kingdom, and Romania. Activities organized within the framework of the “Open Theatre University” later gave rise, in cooperation with the Youth Centre (Dom na mladi), to the idea of founding the festival “Young Open Theatre” under the leadership of Ljubiša Nikodinovski-Biš. Alongside its theatrical activities, the Laboratory also included visual arts, film, music, and architecture forums. Particularly significant were the visits of the aestheticians Mikel Dufrenne and Siegfried J. Schmidt, who came to the Laboratory after seeing a television report about the Open Theatre University in Germany and supported this aesthetic, cultural, and educational initiative through their lectures (Никодиновски, 2007). Among the events that attracted particular attention during this period were two concerts by the group “Leb i Sol”, a performance of “In Praise of Folly” by the actress Rada Đuričin from Belgrade, a

актерката Рада Ѓуричин од Белград, претставата „За војната и мирот“ во изведба на Љуба Тадиќ, и многу други.

performance of “On War and Peace” by Ljuba Tadić, and many others.

Претстава според филозофскиот текст на Еразмо Ротердамски „Пофалба на лудоста“ во изведба на актерката Рада Ѓуричин од Белград

A performance of “In Praise of Folly”, based on the philosophical text by Erasmus of Rotterdam and performed by the Belgrade actress Rada Đuričin

Под раководство на Кирил Темков, кој од 1971 до 1994 година стои на чело на лабораторијата, во 1978 година се формира театарска работилница која подоцна ќе стане позната како „Зелената гуска“ поради насловот на нејзината прва претстава под режија на Владимир Милчин.

Under the leadership of Kiril Temkov, who headed the Laboratory from 1971 to 1994, a theatre workshop was established in 1978. It later became known as “The Green Goose”, after the title of its first production directed by Vladimir Milčin. Aneta Markoska, then an assistant at the Insti-

„Зелената гуска“
“The Green Goose”



ДРАГИ КОЛЕГИ!

по повод Денот на студентите и крајот на учебната 1979/80. година

ЕСТЕТИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА и КОНСТАНТИН ИЛИЈЕВСКИ ГАЛЧИНСКИ

не согласувајќи се дека старата дама Толија е на умирачка и обидувајќи се да ја разбијат нејзината осаменост

имаат чест да Ве поканат да дојдете

во вторник, 27 мај 1980 година, во 12 часот

во холот на Филозофскиот и Филолошкиот факултет

каде ќе Ви го претстават

НАЈМАЛОТО ТЕАТАРЧЕ НА СВЕТОТ

"З Е Л Е Н А Г У С К А"

превод и режија

ВЛАДИМИР МИЛЧИН

сцена, костими, маски, плакат и бец

Слободан Живковски, Драган Петковиќ, Симон Узуновски, К.Тенчев-Динка

играат

Кире Печијаревски

Анета Марковска, Ема Марковска, Гордана Петровска, Светлана Ристовска, Сузана Ристовска, Славица Стефановиќ

Луан Бајреми, Нино Леви, Љубиша Николиновски, Љубиша Николовски, Дime Петрески, Славомир Продановски, Златко Ристевски, Николче Стојанов

музичари

Лилјана Блажевска, Јордан Живковски, Илија Печијаров, Перко Стефанов

техника

Марија Андреева, Крста Цидров

(Досега, на нејзините 16 изведби: на најразлични сценски простори во Скопје, како и на Деновите на театарот на младите во Мостар, МЕС'80 во Сарајево, Меѓународниот фестивал на новиот театар во Италија и во Кочани на Републичката аматерска драмска смотра - претставите на Театарската работилница при Естетичката лабораторија ја виделе околу 12500 гледачи.)

Настапуваме секаде и во секое време, бесплатно и вон конкуренција, достапни сме за сите и очекуваме учество на секого, ПОВЕЛЕТЕ!

Нашата претстава НАЈМАЛОТО ТЕАТАРЧЕ НА СВЕТОТ "ЗЕЛЕНА ГУСКА" се надоврзува на искуствата од петгодишната работа на ОТУ - СТОЈРЕНИОТ ТЕАТАРСКИ УНИВЕРЗИТЕТ.

ТЕАТАРСКА РАБОТИЛНИЦА ЕСТЕТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА

Продуцент

Љубиша Николиновски Кирил Темков

Покана за претставата „Зелената гуска“

Invitation to the performance “The Green Goose”

Во неа улога има и Анета Марковска, асистентка на Институтот. Во рамки на Отворениот ликовен салон истата година на Универзитетскиот кампус е направен оригинален творечки ликовен експеримент – сликање на „Големата слика“, во чие создавање учествуваат дваесетина најпознати македонски ликовни уметници, како и аматери. Од овој период, до средината на 1980-тите години, лабораторијата станува клучен двигател на теориско-уметничката дејност. Поради тоа, во 1979 година, Естетичката лабораторија ја добива наградата „13 Ноември“ на град Скопје од областа на културата. По повод 100-годишнината од

tute, also participated in its activities. In the same year, within the framework of the Open Art Salon, an original artistic experiment was carried out on the university campus: the creation of the “Great Painting”, produced collectively by around twenty of Macedonia’s most prominent visual artists together with amateur participants. From this period until the mid-1980s, the Laboratory became a major driving force behind artistic and theoretical activity. In recognition of its contribution, the Aesthetic Laboratory received the City of Skopje’s “13 November Award” in the field of culture in 1979. On the occasion of the centenary

раѓањето на Вук-Павловиќ, Темков покренува едиција „Естетичка лабораторија“ во рамки на културната агенција „Метафорум-Епоха“, во која како прво издание е издадена збирката од трудови на Вук-Павловиќ „Творештвото и музејската естетика“ (1994), книга која е воедно прва книга на авторот целосно објавена на македонски јазик.

Активноста на лабораторијата, под влијание на новите општествени состојби, постепено почнува да замира кон почетокот на 1990-тите години.

3.2.2. Центар за интегративна биоетика

На иницијатива на Дејан Донев, со цел да се следат современите трендови во истражувањето на биоетичките проблеми во научната јавност на светско и на европско рамниште, во рамки на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет, во 2017 година е основан Центарот

of Vuk-Pavlović's birth, Temkov launched the "Aesthetic Laboratory" publication series within the cultural agency "Metaforum-Epoha". Its first volume was Vuk-Pavlović's collection of essays "Creativity and Museum Aesthetics" (1994), which was also the first of his books to be published in its entirety in Macedonian.

Under the influence of changing social conditions, the activities of the Laboratory gradually declined in the early 1990s.

3.2.2. Center for Integrative Bioethics

At the initiative of Dejan Donev, and with the aim of following contemporary trends in bioethical research at both the international and European levels, the Center for Integrative Bioethics was established within the Institute of Philosophy at the Faculty of Philosophy in 2017. Since 2018, the Center has been a member of

Постер за „Биоетичко кафе - Биоетиката и литературата“ - Промоција на книгите: „Меѓу дрвјата: поезијата и флората“ Иван Џепароски (приредувач) и „Биоетички есеи“ од Фриц Јар (преведувач: Дејан Донев). Промотори на изданијата се Владимир Мартиновски и Денко Скаловски

Poster for the "Bioethics Café – Bioethics and Literature" event, featuring the promotion of "Among the Trees: Poetry and Flora" (ed. Ivan Džeparoski) and "Bioethical Essays" by Fritz Jahr (trans. Dejan Donev). The books were presented by Vladimir Martinovski and Denko Skalovski.

за интегративна биоетика. Од 2018 година Центарот станува членка при меѓународната мрежа на UNESCO Chair of Bioethics (Haifa), а потпишува и договори за соработка со слични центри во Хрватска, Грција и Албанија. Целта на Центарот е да прерасне во центар за извонредност кој би бил меѓународно сертифициран.

Центарот организира разни видови настани: конференции („Биоетика – знакот на новото време“, Охрид, 2018), научни трибини („ГМО, етика и биоетика“, „Сурогат мајчинство – Биоетички, правни и психолошки дилеми“, „Биоетиката како општествен проект“, „Биоетичка едукација“, „Правата и етиката на животните“, „Евтаназија“, „Биоетиката и холокаустот“, „Веганска етика“), биоетичко кафе („Биоетиката и литературата“),

the UNESCO Chair of Bioethics (Haifa) international network and has concluded cooperation agreements with similar centers in Croatia, Greece, and Albania. Its long-term objective is to develop into an internationally certified center of excellence.

The Center organizes a variety of events, including conferences (“Bioethics – The Sign of the New Age”, Ohrid, 2018), scholarly forums (“GMOs, Ethics and Bioethics”, “Surrogate Motherhood: Bioethical, Legal and Psychological Dilemmas”, “Bioethics as a Social Project”, “Bioethical Education”, “Animal Rights and Ethics”, “Euthanasia”, “Bioethics and the Holocaust”, “Vegan Ethics”), bioethics cafés (“Bioethics and Literature”), and other activities. The Center for Bioethics also maintains its own publishing programme. To date, it has published

2018 –Меѓународна конференција „Биоетиката – знакот на новото време“

2018 - International Conference “Bioethics – The Sign of the New Age”

итн. Центарот за биоетика има и своја издавачка дејност, а досега е објавен превод на книгата „Прирачник за биоетиката и холокаустот“ од Теса Челуш и Џефри Брамер (2019), како и зборникот од конференцијата „Биоетиката – знакот на новото време“ (2019).

3.2.3. Публикации

3.2.3.1. Списание

Од 2013 година Институтот го презема издавањето на списанието **„Филозофија“/Philosophy“** од издавачката куќа Аз-Буки со цел да прерасне во меѓународно списание чија цел е негување и развој на филозофската мисла во македонската интелектуална средина, низ воспоставување продуктивен дијалог со дострелите на светската филозофска традиција и сегашност.



„Филозофија“/ ”Philosophy”

Првобитно, списанието е основано од група ентузијасти во јуни 2002 година. Заклучно со декември 2013 година се објаthe Macedonian translation of Tessa Chelouche and Geoffrey Brahmer's "Handbook on Bioethics and the Holocaust" (2019), as well as the conference proceedings "Bioethics – The Sign of the New Age" (2019).

3.2.3. Publications

3.2.3.1. Journal

In 2013, the Institute took over the publication of the journal **"Filozofija/Philosophy"** from the publishing house Az-Buki, with the aim of developing it into an international journal dedicated to fostering and advancing philosophical thought within the Macedonian intellectual milieu through the establishment of a productive dialogue with both the historical achievements and contemporary developments of world philosophy.

The journal was originally founded in June 2002 by a group of enthusiasts. By December 2013, a total of thirty-five issues

вени 35 броја. Од јуни 2002 до октомври 2010 година главен и одговорен уредник на списанието е Љупчо Митковски, а од март 2011 до јуни 2013 година – Лазар Фотев. Од 2013 година главен уредник на списанието е Ана Димишковска, а неговата редакција ја сочинуваат Јасмина Поповска, Марија Тодоровска, Силвана Балнат, Анета Маркоска-Чубриновска и Мартин Поповски. Списанието има Меѓународен уредувачки одбор и Меѓународен советодавен одбор, тела во кои учествуваат триесетина истакнати професори и истражувачи од областа на филозофијата од дванаесет земји во светот.

Списанието излегува во печатена форма, а од 35. број и во електронска верзија (УДК 1(091), ISSN: 1409-9985 и ISSN: 1857-9701). По излегувањето на 35. број списанието стагнира. Од 2026 година Јасмина Поповска ја презема улогата на главен и одговорен уредник.

3.2.3.2. Други публикации

Во рамки на издавачката дејност на Филозофскиот факултет, Институтот за филозофија развива континуирана и разновидна публикациска активност. Покрај бројните монографии и авторски изданија на речиси сите негови наставници, се објавуваат и публикации што ја одразуваат колективната научна дејност на Институтот – зборовни 35 broja. Od juni 2002 do oktomvri 2010 godina glaven i odgovoren urednik na spisanieto e Ljupčo Mitkovski, a od mart 2011 do juni 2013 godina – Lazar Fotev. Od 2013 godina glaven urednik na spisanieto e Ana Dimišhovska, a negovata redakcija ja sočinuvaat Jasmina Popovska, Marija Todorovska, Silvana Balnat, Aneta Markoska-Čubrinovska i Martin Popovski. Spisanieto ima Meѓunaroden uredувački odbor i Meѓunaroden sovetodaven odbor, tela vo koi učestvuvaat triesetina istaknati profesori i istražuvači od oblasta na filozofijata od dvanaeset zemji vo svetot.

Spisanieto izlegува vo pečatena forma, a od 35. broj i vo elektronska verzija (UDK 1(091), ISSN: 1409-9985 i ISSN: 1857-9701). Po izlegувaњeto na 35. broj spisanieto stagnira. Od 2026 godina Jasmina Popovska ja prezema ulogata na glaven i odgovoren urednik.

3.2.3.2. Other Publications

Within the publishing activities of the Faculty of Philosophy, the Institute of Philosophy has developed a continuous and diverse publication programme. In addition to the numerous monographs and authored volumes published by nearly all of its faculty members, the Institute also produces publications that reflect its collective scholarly activity, including conference proceedings,

ници од научни собири, тематски колективни изданија, јубилејни публикации и изданија во чест на поединечни професори.

Зборникот „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија“ (2013) е објавен како резултат на научниот симпозиум одржан по повод Светскиот ден на филозофијата во 2012 година, во организација на Филозофското друштво на Македонија и Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје. Тематски публикацијата се насочува кон едно од клучните прашања на современата академска филозофија – односот меѓу аналитичката и континенталната традиција. Во зборникот се вклучени прилози што ја разработуваат оваа проблематика низ општи теориски согледби, логиката, филозофијата на науката, посебни дисциплини и компаративни интерпре-

thematic edited volumes, jubilee publications, and volumes dedicated to individual professors.

The volume **“Philosophy at the Crossroads: Analytic and/or Continental Philosophy”** (2013) was published as an outcome of the scholarly symposium held on the occasion of World Philosophy Day in 2012, organized by the Philosophical Society of Macedonia and the Institute of Philosophy at the Faculty of Philosophy in Skopje. Thematically, the publication addresses one of the central questions of contemporary academic philosophy—the relationship between the analytic and continental traditions. The volume contains contributions that examine this issue through general theoretical reflections, logic, philosophy of science, particular philosophical disciplines, and comparative interpretations of authors and concepts. One of its particular merits lies in the

Зборникот „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија“

“Philosophy at the Crossroads: Analytic and/or Continental Philosophy”

тации на автори и концепти. Посебна вредност на изданието е што ја покажува истражувачката и тематската разноликост на домашната филозофска сцена како и нејзината отвореност кон современите методолошки и дисциплинарни дебати. Уредници на Зборникот се Јасмина Поповска и Марија Тодоровска.

Зборникот „2.400 години од основањето на Платоновата Академија“ (2016) е објавен како резултат на меѓународната конференција одржана на 25 и 26 октомври 2013 година, во организација на Институтот за филозофија. Публикацијата е посветена на одбележувањето на големиот јубилеј на Платоновата Академија и ја афирмира трајната актуелност на Платоновата мисла во современата филозофска и хуманистичка рефлексија. Во неа се застапени трудови од домашни и странски автори, групирани во четири тематски целини: онтологија, етика/политика/образование,

way it demonstrates the thematic and research diversity of the Macedonian philosophical community, as well as its openness to contemporary methodological and disciplinary debates. The volume was edited by Jasmina Popovska and Marija Todorovska.

The proceedings volume **“2400 Years of Plato’s Academy”** (2016) was published as a result of the international conference organized by the Institute of Philosophy and held on 25–26 October 2013. The publication commemorates the major anniversary of Plato’s Academy and affirms the enduring relevance of Platonic thought for contemporary philosophical and humanistic reflection. It contains contributions by both domestic and international scholars, organized into four thematic sections: ontology; ethics, politics, and education; historico-philosophical receptions; and interpretative studies of Plato’s philosophy. A particular strength of the volume



Зборникот „2.400 години од основањето на Платоновата Академија“

Proceedings Volume “2400 Years of Plato’s Academy”

историско-филозофски одзиви и толкувачки осврти кон Платоновата филозофија. Особена вредност на Зборникот е неговата интердисциплинарност, бидејќи покрај филозофските пристапи вклучува и прилози од класичната филологија, историјата, историјата на уметноста, педагогијата и теологијата. Претседател на Уредувачкиот одбор е Вера Георгиева.

Публикацијата **„Testimonia Philosophica: зборник во чест на проф. д-р Вера Георгиева по повод 70 години од раѓањето“** (2020) е посветена на Вера Георгиева, како израз на почит кон нејзиниот долгогодишен и плоден научен, педагошки и институционален придонес кон развојот на филозофијата и Институтот за филозофија.

is its interdisciplinary character, bringing together not only philosophical approaches but also contributions from classical philology, history, art history, pedagogy, and theology. Vera Georgieva served as Chair of the Editorial Board.

The publication **“Testimonia Philosophica: A Volume in Honor of Professor Vera Georgieva on the Occasion of the Seventieth Anniversary of Her Birth”** (2020) was dedicated to Vera Georgieva as a tribute to her long-standing and distinguished scholarly, pedagogical, and institutional contribution to the development of philosophy and the Institute of Philosophy. The volume brings together contributions by her colleagues, collaborators, and former students,



„Testimonia Philosophica: зборник во чест на проф. д-р Вера Георгиева по повод 70 години од раѓањето“

“Testimonia Philosophica: A Volume in Honor of Professor Vera Georgieva on the Occasion of the Seventieth Anniversary of Her Birth”

Зборникот ги обединува прилозите на нејзини непосредни колеги, соработници и ученици, кои преку своите истражувања сведочат за трајното влијание на нејзината академска дејност. Тематската разновидност и методолошката отвореност на прилозите во „Testimonia Philosophica“ ја одразуваат широчината на научните интересирања на Георгиева во областа на историјата на филозофијата, особено во античката и во византиската мисла. Главен уредник на зборникот е Јасмина Поповска.

3.2.4. Проекти

Во рамки на својата научно-истражувачка и апликативна дејност, Институтот за филозофија реализира низа индивидуални и колективни проекти преку кои се артикулираат неговите истражувачки приоритети во различни периоди од неговиот развој. Покрај историско-филозофските и логичко-терминолошките истражувања, во поновиот период проектната дејност се проширува и кон образовно-апликативните проекти и меѓународната академска соработка, што сведочи за поширокаta општествена релевантност на Институтот.

Во рамки на проектот „Историја на филозофијата на народите во Југославија“ во 1980-тите години се развива проектот **„Историја на фило-**

whose research bears witness to the lasting influence of her academic work. The thematic diversity and methodological openness of the contributions in “Testimonia Philosophica” testify to the diversity of Georgieva’s scholarly interests, particularly in the history of philosophy and especially in the fields of ancient and Byzantine thought. The volume was edited by Jasmina Popovska.

3.2.4. Projects

As part of its academic and applied activities, the Institute of Philosophy has carried out a number of individual and collective projects through which its research priorities have been articulated during different periods of its development. Alongside research in the history of philosophy and logical terminology, in more recent decades the Institute’s project activities have expanded to include educational and applied initiatives, as well as international academic cooperation, demonstrating its broader social relevance.

Within the framework of the project “History of the Philosophy of the Peoples of Yugoslavia”, the project **“History of Philosophy in Macedonia”**, headed by Jonče Josifovski, was developed during the 1980s. The project was structured around eight thematic areas: philosophical views of the founders of Slavic literacy;

зофијата во Македонија“ со кој раководи Јонче Јосифовски. Овој проект е конципиран во осум подрачја: Филозофските погледи на создавателите на словенската писменост, Филозофските погледи на богомилите, Исихазмот во Македонија, Филозофските погледи во македонската преродба, Теориските основи на народноослободителната борба на македонскиот народ кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, Филозофијата во Македонија меѓу двете светски војни, Развиток на филозофијата во СР Македонија по Втората светска војна и Развиток на естетичките погледи во Македонија. Според Темков, како почеток на овој проект се трите докторски дисертации одбранети кај Вук-Павловиќ: Јонче Јосифовски („Теоријата на познанието и формалната логика кај Југословените од XIX век до Втората светска војна“ - 1964), Георги Стардeлов („Развитокот на естетиката кај југословенските народи“ - 1965) и на Милоје Петровиќ („Марксистичка филозофија у Југославији“ - 1970). (Темков, 1985, 14). Резултатите од проектот во форма на статии, истражувачки материјали, преводи, се објавувани во списанието „Филозофска трибина“.

Проектот **„Историја на дијалектиката“** го раководи Јонче Јосифовски. Првиот дел од проектот, „Историја на дијалекти-

philosophical views of the bogomils; hesychasm in Macedonia; philosophical views embedded in the Macedonian national revival; theoretical foundations of the Macedonian people's national liberation struggle at the end of the nineteenth and the beginning of the twentieth century; philosophy in Macedonia between the two world wars; the development of philosophy in the Socialist Republic of Macedonia after the second world war; and the development of aesthetic thought in Macedonia. According to Temkov, the origins of this project can be traced to three doctoral dissertations supervised by Vuk-Pavlović: Jonče Josifovski's "Theory of Knowledge and Formal Logic among the Yugoslav Peoples from the Nineteenth Century to the Second World War" (1964), Georgi Stardelov's "The Development of Aesthetics among the Yugoslav Peoples" (1965), and Miloje Petrović's "Marxist Philosophy in Yugoslavia" (1970) (Темков, 1985, 14). The results of the project, in the form of articles, research materials, and translations, were published in the journal "Filozofska tribina".

The project **"History of Dialectics"** was also directed by Jonče Josifovski. Its first phase, "The History of Dialectics in Ancient Philosophy", was published in the journals "Delo 74" (Josifovski, 1977) and "Filozofska tribina" (Josifovski, 1978;

ката во античката филозофија“, е реализиран во списанијата „Дело 74“ (Јосифовски, 1977) и „Филозофска трибина“ (Јосифовски, 1978; Јосифовски и сор., 1982), при што во обработката на дијалектиката кај Хераклит и Елејците Јосифовски соработува со Вера Георгиева и со Виолета Панзова. Проектот е концептуализиран во перспективата на дијалектичкиот материјализам, чии методолошки претпоставки Јосифовски ги извлекува од Енгелс и од Ленин. Во тој контекст, античката филозофија се разгледува како почеток на артикулацијата на дијалектичкото мислење, преку систематска реконструкција на неговите облици кај Хераклит, Елејците, софистите, Сократ, Платон и Аристотел. Во проектот дијалектиката се третира како историски променлива форма на мислење, која во античката филозофија се појавува како онтолошки, логички и методолошки принцип. Нејзиното јадро Јосифовски го пронаоѓа во противречноста и во односот меѓу мислењето и битието, при што посебно внимание посветува на разграничувањето меѓу софистичката и филозофската дијалектика и на значењето на античката традиција за подоцнежните облици на модерната дијалектика.

Проектот **„Логичка анализа и формализација на македонскиот литературен јазик“** Josifovski et al., 1982). In the sections devoted to Heraclitus and the Eleatics, Josifovski collaborated with Vera Georgieva and Violeta Panzova. The project was conceived within the framework of dialectical materialism, whose methodological premises Josifovski derived from Engels and Lenin. In this context, ancient philosophy was interpreted as the point of origin of dialectical thinking through a systematic reconstruction of its forms in the works of Heraclitus, the Eleatics, the Sophists, Socrates, Plato, and Aristotle. Dialectics was treated as a historically variable form of thought that appeared in ancient philosophy as an ontological, logical, and methodological principle. Josifovski located its core in contradiction and in the relationship between thought and being, devoting particular attention to the distinction between sophistic and philosophical dialectics, as well as to the significance of the ancient tradition for later forms of modern dialectical thought.

Since the launch of the International Week of the Faculty of Philosophy in the 2018/2019 academic year, the Institute of Philosophy has welcomed a number of distinguished guests, including Marina Calloni (University of Milan), Radmila Jovanović Kozlovski (University of Belgrade), Petar Bojanić (University of Belgrade), Tomasz Drewniak (University of Applied Sciences in Nysa, Poland), Mariusz Drożdżal (University of Applied Sciences in Nysa, Poland), Michał Kozłowski (University of Warsaw), Patrice Canivez (University of Lille), Ján Hrkut (Catholic University in Ružomberok), Ljubiša Bojić (Uni-

2026 – Меѓународна недела на Филозофскиот факултет. Од лево кон десно: Желко Калуѓеровиќ, Ивица Келам, Дејан Донев, Јасмина Поповска, Бојан Жалец, Ана Димишковска, Марија Тодоровска, Роман Глобокар

2026 – International Week of the Faculty of Philosophy. From left to right: Željko Kaluđerović, Ivica Kelam, Dejan Donev, Jasmina Popovska, Bojan Žalec, Ana Dimiškovska, Marija Todorovska, and Roman Globokar

во Варшава), Патрис Каниве (Универзитет во Лил), Јан Хркут (Католички Универзитет во Ружомберок), Љубиша Бојиќ (Универзитет во Белград), Бојан Жалец (Универзитет во Љубљана), Ивица Келам (Универзитет во Осиек), Стивен Фридман (алумнус на Универзитет Харвард), Роман Глобокар (Универзитет во Љубљана) и Желько Калуѓеровиќ (Универзитет во Нови Сад).

Во рамки на гостинските предавања и академската размена, покрај наставници и истражувачи, се остварува и мобилност на студенти (ERASMUS+ и CEEPUS), што дополнително придонесува за интернационализација на наставниот процес.

versity of Belgrade), Bojan Žalec (University of Ljubljana), Ivica Kelam (University of Osijek), Stephen Friedman (Harvard University alumnus), Roman Globokar (University of Ljubljana), and Željko Kaluđerović (University of Novi Sad).

Alongside the mobility of faculty members and researchers, guest lectures and academic exchange have also included student mobility through the Erasmus+ and CEEPUS programmes, further contributing to the internationalization of the teaching process.

1976 - Група студенти од Филозофскиот факултет во Белград во посета на предавањата на Ферид Мухиќ. Од лево кон десно, прв - Зоран Гиќиќ, четврт (свртен со грб) – Митко Илиевски, петти – Слободан Жуњиќ.

1976 – A group of students from the Faculty of Philosophy, University of Belgrade, attending Ferid Muhić's lectures. From left to right: first, Zoran Đinđić; fourth (seen from the back), Mitko Ilievski; fifth, Slobodan Žunjić

3.2.7. Мобилност

Членовите на Институтот за филозофија во текот на деценииите остварале значајна меѓународна академска мобилност преку студиски престои, специјализации, предавања и наставни ангажмани во бројни универзитетски центри. Покрај блиската соработка со универзитетите во земјите од поранешната СФРЈ, тие престојувале и дејствувале во Велика Британија, Франција, Германија, Русија, Белгија, Норвешка, Шведска, Полска, Словачка, Унгарија, Шпанија, Португалија, Холандија, Чешка, Словачка, Бугарија, САД, Канада, Малезија, Кина, Јапонија.

Тука се вбројуваат студиски престои во странство (Јосифовски – St. David's College, Велс, 1964/65, Саркањац – Универзитет „Карл Маркс" во Лајпциг, 1989), како и учество во престижни програми и стипендии, како што се Хумболтовите стипендии (Германија – Старделов 1970, Темков 1988), Фулбрајтовата програма (Њујорк, САД – Мухиќ, 1979), Tempus Phare (Марсеј, Франција – Георгиева, 2000; Париз, Франција, Универзитет Сорбона 1 – Димишковска, 2000), JFDP (Флорида, САД – Поповска, 2012), како и учество во меѓународни образовни и истражувачки иницијативи (Политичка школа „Ј. Б. Тито" – Кумровец - Темков, 1980, Цуцуловски, 1983, 1987; Bioethics

3.2.7. Mobility

Over the decades, members of the Institute of Philosophy have engaged in extensive international academic mobility through study visits, research fellowships, lectures, and visiting professorships at numerous universities and research centres. In addition to maintaining close cooperation with universities in the countries of the former Yugoslavia, they have pursued academic activities in the United Kingdom, France, Germany, Russia, Belgium, Norway, Sweden, Poland, Slovakia, Hungary, Spain, Portugal, the Netherlands, the Czech Republic, Bulgaria, the United States, Canada, Malaysia, China, and Japan.

These activities include study visits abroad (Josifovski – St David's College, Wales, 1964/65; Sarkanjac – Karl Marx University Leipzig, 1989), as well as participation in prestigious fellowship and scholarship programmes, including the Humboldt Fellowships (Germany – Stardelov, 1970; Temkov, 1988), the Fulbright Program (New York, USA – Muhić, 1979), Tempus Phare (Marseille, France – Georgieva, 2000; Paris, Sorbonne I University – Dimiškovska, 2000), JFDP (Florida, USA – Popovska, 2012), and a number of international educational and research initiatives, such as the Josip Broz Tito Political School in Kumrovec (Temkov, 1980; Cuculovski, 1983, 1987), the Bioethics Program of Union Graduate

2018 – Ана Димишковска на 24. Светски конгрес по филозофија во Пекинг, Кина

2018 – Ana Dimiškovska at the 24th World Congress of Philosophy in Beijing, China

Program, Union Graduate College-Vilnius University, Тодоровска, 2013; „Research Ethics Education in the Balkans and Black Sea Region“, Icahn School of Medicine at Mount Sinai/ University of Belgrade School of Medicine – Донев, 2013–2016, и др.).

Покрај истражувачката и образовната мобилност, членовите на Институтот одржувале предавања и реализирале наставна соработка на високообразовни институции како: Државниот универзитет во Флорида (Мухиќ, 1998), Меѓународниот институт за исламска мисла и цивилизација во Куала Лумпур (Мухиќ, 1998), Универзитетот Париз Сорбона 8 (Мухиќ), Универзитетот во Ниш (Темков, 1987-1991; Старделов, 1982/1983; Георгиева, 2000/2001), Универзитетот во Приштина (Мухиќ), Универзитетот во Белград (Џепароски,

College and Vilnius University (Todorovska, 2013), and the programme “Research Ethics Education in the Balkans and Black Sea Region” jointly organized by the Icahn School of Medicine at Mount Sinai and the University of Belgrade School of Medicine (Donev, 2013–2016) etc.

In addition to research and educational exchanges, members of the Institute have delivered lectures and participated in teaching activities at a number of higher education institutions, including Florida State University (Muhić, 1998), the International Institute of Islamic Thought and Civilization in Kuala Lumpur (Muhić, 1998), Université Paris VIII (Muhić), the University of Niš (Temkov, 1987–1991; Stardelov, 1982/1983; Georgieva, 2000/2001), the University of Priština (Muhić), and the University of Belgrade (Džeparoski, 2023). As part of

1998 - Комисија за одбрана на докторска дисертација под менторство на Ферид Мухиќ, каде претседател е Саед Ал Атас. Куала Лумпур, Малезија

1998 – Doctoral dissertation defense under the supervision of Ferid Muhić, with Syed Al-Attas serving as Chair of the Examination Committee. Kuala Lumpur, Malaysia.

2023) и други академски центри. Во рамки на соработката со Катедрата за марксистичко-ленинистичка филозофија на Универзитетот „Мартин Лутер“ во Хале, повеќе наставници од Институтот реализирале и предавачки и студиски престои во Хале, меѓу кои се престоите на Виолета Панзова (1983) и Кирил Темков (1987).

Особено значајна е вклученоста на Ана Димишковска во рамки на Европската интеруниверзитетска франкофонска мрежа OFFRES, каде што како член на Советот и координатор за Македонија (2001–2015) има клучна улога во развојот на франкофонската академска соработка. Преку оваа мрежа таа учествува во организацијата на меѓународна конференција и летна школа на Институтот, како и на повеќе летни школи и академски активности во стран-

the cooperation with the Department of Marxist-Leninist Philosophy at Martin Luther University Halle-Wittenberg, several members of the Institute also undertook teaching and study visits in Halle, including Violeta Panzova (1983) and Kiril Temkov (1987).

Particularly noteworthy is the involvement of Ana Dimiškovska in the European Inter-University Francophone Network OFFRES, where, as a member of the Council and national coordinator for Macedonia (2001–2015), she played a key role in the development of Francophone academic cooperation. Through this network, she contributed to the organization of the Institute's international conference and summer school, as well as numerous summer schools and academic activities abroad (France, Romania, the Czech Republic, Albania, Serbia, Croatia, and other

ство (Франција, Романија, Чешка, Албанија, Србија, Хрватска и др.). Исто така, особено се издвојува и ангажманот на Дејан Донев во рамки на CEEPUS мрежите, преку кој реализира над 30 наставни и истражувачки мобилности во повеќе европски земји (Србија, Хрватска, Словенија, Чешка, Полска, Словачка, Романија и Австрија).

countries). Equally significant is the engagement of Dejan Donev within the CEEPUS networks, through which he has completed more than thirty teaching and research mobilities across a number of European countries, including Serbia, Croatia, Slovenia, the Czech Republic, Poland, Slovakia, Romania, and Austria.

4. ФИЛОЗОФСКИ ЖИВОТ

4.1. Соработката со Филозофското друштво на Македонија (ФДМ)

Значајна улога во поширокиот развој на филозофската култура во Македонија има долгогодишната и плодна соработка меѓу Институтот за филозофија и Филозофското друштво на Македонија. Оваа соработка се остварува преку организација на научни собири, конференции, јавни предавања, работилници, студентски активности, одбележувања на Светскиот ден на филозофијата, издавачки проекти и други академски и културни иницијативи. На тој начин се создава простор за поврзување на наставно-научната дејност на Институтот со поширокаta професионална филозофска заедница, при што заемно се зајакнуваат и академската институција и професионалната филозофска фела.

Од посебна важност е што меѓу основачите и најактивните членови на Филозофското друштво на Македонија се вбројуваат професори од Институтот за филозофија, со што од самиот почеток се воспоставува тесна врска меѓу развојот на академската филозофија и организирањето на филозофскиот јавен и професионален живот

4. PHILOSOPHICAL LIFE

4.1. Cooperation with the Philosophical Society of Macedonia (PSM)

The longstanding and fruitful cooperation between the Institute of Philosophy and the Philosophical Society of Macedonia has played a significant role in the broader development of philosophical culture in Macedonia. This cooperation has been realized through the organization of scholarly gatherings, conferences, public lectures, workshops, student activities, celebrations of World Philosophy Day, publishing projects, and various other academic and cultural initiatives. In this way, a space has been created for connecting the Institute's academic activities with the wider professional philosophical community, thereby strengthening both the academic institution and the philosophical profession.

Of particular importance is the fact that professors from the Institute of Philosophy were among the founders and most active members of the Philosophical Society of Macedonia. As a result, a close connection was established from the outset between the development of academic philosophy and the organization of philosophical public and professional life in Macedonia. In this respect, the cooperation between

во Македонија. Во таа смисла, соработката меѓу Институтот и Друштвото претставува важен фактор во одржувањето на континуитетот на филозофската мисла, научната комуникација и јавната видливост на филозофијата во македонското општество.

4.1.1. Публикации

4.1.1.1. Филозофска трибина

Институтот за филозофија (тогаш: Наставно-научна студиска група за филозофија) и Филозофското друштво на Македонија (тогаш: Секцијата за филозофија при Друштвото за филозофија, социологија, и политикологија на СРМ) во 1978 година одлучуваат да создадат „една скромна трибина преку која ќе ги соопштуваат на јавноста резултатите од својата дејност“ (*Билтен*, 1). Со насловот „Билтен“ во првиот број, а потоа како **„Философска трибина“** (Filozofska tribina), it

the Institute and the Society has constituted an important factor in maintaining the continuity of philosophical thought, scholarly communication, and the public visibility of philosophy within Macedonian society.

4.1.1. Publications

4.1.1.1. Filozofska Tribina/ Philosophical Tribune

In 1978, the Institute of Philosophy (then: Teaching and Research Study Group in Philosophy) and the Philosophical Society of Macedonia (then: Philosophy Section within the Society for Philosophy, Sociology, and Political Science of the Socialist Republic of Macedonia) decided to establish “a modest forum through which they could communicate the results of their activities to the public” (*Билтен*, 1). Published under the title “Bilten” in its first issue and subsequently as **“Philosophical Tribune”** (Filozofska tribina), it

„Билтен“
“Bilten”

бина“, започнува да се објавува првото филозофско списание во Македонија. Како иницијатор за негово основање и како негов главен и одговорен уредник до 1983 година е Јонче Јосифовски, а од 1984 година е избран Митко Илиевски. Како уредници на посебни броеви се Кирил Темков, Љубомир Цуцуловски, Ферид Мухиќ, Митко Илиевски, Мирко Ѓошевски. Покрај македонски автори, во „Филозофска трибина“ свои текстови објавуваат и Мартина Том (Martina Thom) и Херман Леј (Hermann Ley). Списанието е структурирано во повеќе тематски рубрики: студии и есеи; прикази и осврти; тематски блокови; одбележувања на јубилеи; прилози посветени на филозофската мисла во Македонија; текстови од наставно-образовната дејност и од научни средби; *in memoriam* прилози; преводи; полемики; информатор (за работата на Секцијата); библиографија и писма.

Списанието во оваа прва фаза доживува 13 броја со тоа што помеѓу 10 (1985 година) и 11 број (1996 година) има пауза од 11 години. Двобројот 11&12 и бројот 13 се објавени со финансиска помош од Институтот Отворено општество. Поради недостиг на финансиски средства престанува да излегува во 1997 година. Неговата традиција ја продолжува списанието „Филозофија“. Во 2013 година, Филозофското друштво на Македонија одлу-

became the first philosophical journal in Macedonia. The principal initiator of the journal and its Editor-in-Chief until 1983 was Jonče Josifovski, while in 1984 Mitko Ilievski was appointed to this position. Editors of individual thematic issues included Kiril Temkov, Ljubomir Cuculovski, Ferid Muhić, Mitko Ilievski, and Mirko Gjoševski. In addition to Macedonian authors, the journal also published contributions by Martina Thom and Hermann Ley. Its contents were organized into a number of thematic sections, including studies and essays, reviews, thematic blocks, jubilee commemorations, contributions devoted to philosophical thought in Macedonia, texts related to teaching and educational activities and scholarly meetings, *in memoriam* contributions, translations, polemics, news from the Society's activities, bibliographies, and correspondence.

During this initial phase, the journal published thirteen issues, although an eleven-year hiatus separated Issue 10 (1985) from Issue 11 (1996). The double issue 11–12 and Issue 13 were published with the financial support of the Open Society Institute. Owing to a lack of financial resources, the journal ceased publication in 1997. Its tradition was subsequently continued by the journal "Filozofija/Philosophy". In 2013, the Philosophical Society of Macedonia decided to revive the jour-

чува да го оживее списанието и да ја продолжи традицијата на „Филозофската трибина“ да биде гласило на македонската мисла во Македонија. Почнувајќи од 14 број, во издание на Друштвото, досега се излезени вкупно 38 броја.

4.1.1.2. Зборници

Соработката меѓу Институтот за филозофија и Филозофското друштво на Македонија се остварува и преку заеднички научно-издавачки проекти, кои овозможуваат поврзување на филозофијата со класичните студии, културната теорија и хуманистичките науки воопшто. Во рамки на оваа соработка и преку партнерства со други здруженија од областа на хуманистичките дисциплини, се реализираат тематски симпозиуми и зборници посветени на специфични и ретко обработувани филозофски и културноисториски теми.

Меѓу позначајните проекти се издвојува зборникот **„Античкиот идеал на kalokagathia“** (2016), произлезен од истоименото научен симпозиум одржан во 2014 година, во организација на Здружението на класични филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија. Уреден е од Елена Џукеска и Јасмина Поповска. Зборникот обединува трудови од областа на античката филозофија, етиката, естетиката, филозофијата на

nal and continue the tradition of “Filozofska Tribina” as a forum for Macedonian philosophical thought. Beginning with Issue 14, published by the Society, a total of thirty-eight issues have appeared to date.

4.1.1.2. Proceedings Volumes

The cooperation between the Institute of Philosophy and the Philosophical Society of Macedonia has also found expression in joint publishing projects that have fostered connections between philosophy, classical studies, cultural theory, and the humanities more broadly. Through this collaboration, as well as through partnerships with other associations active in the humanities, a number of thematic symposia and proceedings have been produced, devoted to specialized and relatively understudied philosophical and cultural-historical topics.

Among the most significant of these projects is the proceedings volume **“The Ancient Ideal of Kalokagathia”** (2016), which emerged from the symposium of the same name held in 2014 and organized by the Association of Classical Philologists “Antika” and the Philosophical Society of Macedonia. The volume was edited by Elena Džukeska and Jasmina Popovska. It brings together contributions from the fields of ancient philosophy, ethics, aesthetics, philosophy of religion,



„Античкиот идеал на kalokagathia“

“The Ancient Ideal of Kalokagathia”

религијата и класичната филологија, посветени на античкиот идеал на καλοκἀγαθία како единство на доброто и убавото. Значајно место имаат филолошките анализи на поимот καλοκἀγαθία во старогрчката книжевност, реториката и образовниот идеал на paideia, како и прашањата за рецепцијата и трансформацијата на овој идеал во подоцнежните културни и хуманистички контексти.

Во оваа насока се издвојува и зборникот **„Logos и tropos“** (2020), произлезен од истоиме-

and classical philology, all devoted to the ancient ideal of kalokagathia (καλοκἀγαθία) as the unity of the good and the beautiful. Particular attention is given to philological analyses of the concept in ancient Greek literature, rhetoric, and the educational ideal of paideia, as well as to questions concerning the reception and transformation of this ideal in later cultural and humanistic contexts.

Another notable publication is the proceedings volume **“Logos and Tropos”** (2020), which orig-

„Logos и tropos“

“Logos and Tropos”

ниот научен симпозиум организиран во соработка со Здружението на класични филолози „Антика“, во 2017 година, а е уреден од Ристо Солунчев, Светлана Кочовска-Стевовиќ, Милан Ѓорѓевиќ и Марија Чичева-Алексиќ. Зборникот обединува трудови посветени на различните значења и интерпретации на logos и tropos во античката филозофија, книжевност и култура. Зборникот обединува трудови од областа на филозофијата и класичната филологија, кои преку различни методолошки пристапи ги истражуваат односите меѓу јазикот, мислењето, значењето, интерпретацијата и човечкото искуство. Во текстовите се отвораат онтолошки, херменевтички и антрополошки прашања, како и проблеми поврзани со субјективноста, идентитетот, смислата и облиците на изразување во античката и современата традиција. Значајно место имаат и филолошките читања на клучни антички текстови.

4.1.2. Светски ден на филозофијата

Институтот за филозофија и Филозофското друштво на Македонија од 2004 година заеднички го организираат одбележувањето на Светскиот ден на филозофијата, кој се одржува секој трет четврток во ноември. Оваа иницијатива започнува само две години по прогласу-

inated from the symposium of the same name organized in cooperation with the Association of Classical Philologists “Antika” in 2017. The volume was edited by Risto Solunčev, Svetlana Kočovska-Stevović, Milan Đorđević, and Marija Čičeva-Aleksić. It brings together contributions devoted to the various meanings and interpretations of logos and tropos in ancient philosophy, literature, and culture. Drawing on diverse methodological approaches, the contributors explore the relationships between language, thought, meaning, interpretation, and human experience. The volume addresses ontological, hermeneutical, and anthropological questions, as well as issues related to subjectivity, identity, meaning, and forms of expression in both ancient and contemporary traditions. Philological readings of key ancient texts also occupy an important place within the collection.

4.1.2. World Philosophy Day

Since 2004, the Institute of Philosophy and the Philosophical Society of Macedonia have jointly organized World Philosophy Day, celebrated annually on the third Thursday of November. This initiative began only two years after the celebration was proclaimed by UNESCO and gradually became established as a regular academic and cultural event dedicated to contemporary

2018 – По повод Светскиот ден на филозофијата, уметникот Живко Поповски – Цветин го слика својот препознатлив мотив – цветот, како симбол на мирот, хуманоста и духовната убавина

2018 – On the occasion of World Philosophy Day, artist Živko Popovski – Cvetin painting his signature floral motif, symbolizing peace, humanity, and spiritual beauty

вањето на празникот од страна на УНЕСКО и постепено се утврдува како редовна академска и културна манифестација посветена на актуелните филозофски теми и годишнини од значајни мислители. Во одделни години, манифестацијата има и институционална поддршка на највисоко ниво, како што е покровителството на претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, во 2013 и 2014 година.

Во рамки на ова одбележување се организираат научни симпозиуми, но исто така и традиционалната беседа за филозофијата, предавања, пригодни обраќања и промоции на книги. Меѓу позначајните теми на симпозиумите се: „Филозофската, политичката и педагошката мисла на Џон Лок“ (2004), „Хегел – предизвик на современоста“ (2007), „Филозофијата и македонскиот јазик“ (2008), „Дарвин денес“ (2009), „Делото на Артур

philosophical issues and anniversaries of major thinkers. In certain years, the celebration also received support at the highest institutional level, including the patronage of the President of the Republic of Macedonia, Gjorge Ivanov, in 2013 and 2014.

The celebration has included scholarly symposia, as well as the traditional philosophical address, lectures, commemorative speeches, and book promotions. Among the most notable symposium themes were: “The Philosophical, Political, and Educational Thought of John Locke” (2004), “Hegel: A Challenge to Modernity” (2007), “Philosophy and the Macedonian Language” (2008), “Darwin Today” (2009), “The Philosophy of Arthur Schopenhauer” (2010), “The Philosophy of David Hume” (2011), “Philosophy at the Crossroads: Analytic and/or

2018 - Светски ден на филозофијата - Беседа за филозофијата - Сузана Симоновска

2018 – World Philosophy Day. Philosophical Address by Suzana Simonovska

Шопенхауер“ (2010), „Делото на Дејвид Хјум“ (2011), „Филозофијата на крстопат: аналитичка и/или континентална филозофија“ (2012), „Филозофијата денес“ (2013), „Филозофијата и образованието“ (2014), „Филозофија и политика“ (2015), „Слободата и современоста“ (2016), „Филозофијата и мирот“ (2017), „Култура, историја, политика – Џанбатиста Вико и Карл Маркс: 350 и 200 години од раѓањето“ (2018), „Човекот како мера: 2500 години од раѓањето на Протагора“ (2019), „Промислување на пандемиите“ (2020), „Филозофската мисла во Македонија“ (2021), „Современите предизвици на филозофијата и/на науката“ (2022), „Адам Смит: 300 години од раѓањето“ (2023), „300 години Кант“ (2024) и „Филозофијата во образованието“ (2025).

Во одделни години одбележувањето има и пофлексибилен формат, со пригодни предавања и културни настани. Така, во 2005 година се одржуваат беседи посветени на значајни

Continental Philosophy” (2012), “Philosophy Today” (2013), “Philosophy and Education” (2014), “Philosophy and Politics” (2015), “Freedom and Modernity” (2016), “Philosophy and Peace” (2017), “Culture, History, Politics: Giambattista Vico and Karl Marx – 350 and 200 Years Since Their Births” (2018), “Man as the Measure: 2500 Years Since the Birth of Protagoras” (2019), “Reflecting on Pandemics” (2020), “Philosophical Thought in Macedonia” (2021), “Contemporary Challenges of Philosophy and/of Science” (2022), “Adam Smith: 300 Years Since His Birth” (2023), “Kant 300 years” (2024), and “Philosophy in Education” (2025).

In some years, the celebration assumed a more flexible format, consisting of commemorative lectures and cultural events. Thus, in 2005, a series of addresses was devoted to significant anniversaries: Ivan Džeparoski spoke on Friedrich Schiller (marking the bicentenary of his

јубилеи – Иван Џепароски за Фридрих Шилер (по повод 200 години од неговата смрт), Ферид Мухиќ за Сорен Кјеркегор (150 години од смртта) и Бранислав Саркањац за Жан-Пол Сартр (100 години од раѓањето), придружени со промоции на книги. Во 2006 година манифестацијата се одржува во Битола со беседа на Ферид Мухиќ за филозофијата и излагања на Виолета Панзова, Мирко Ѓошевски и Ферид Мухиќ, како и со промоција на „Логички лексикон“ од Панзова. Покрај тематските симпозиуми, во рамки на ова одбележување се организираат и настани посветени на јубилеи на истакнати македонски филозофи, како што се одбележувањата посветени на Георги Старделов (85 години од раѓањето) и Јордан Поп Јорданов (90 години од раѓањето) во 2015 година.

death), Ferid Muhić on Søren Kierkegaard (150 years since his death), and Branislav Sarkanjac on Jean-Paul Sartre (100 years since his birth), accompanied by book promotions. In 2006, the event was held in Bitola and featured a keynote address by Ferid Muhić on philosophy, presentations by Violeta Panzova, Mirko Gjoševski, and Ferid Muhić, as well as the promotion of Panzova's "Logical Lexicon". Alongside thematic symposia, the celebration has also included events dedicated to anniversaries of distinguished Macedonian philosophers, such as the commemorations of Georgi Stardelov (85 years since his birth) and Jordan Pop Jordanov (90 years since his birth) in 2015.

2015 – Од одбележувањата на јубилеите посветени на Старделов и Поп Јорданов

2015 – Celebration of the anniversaries of Georgi Stardelov and Jordan Pop Jordanov

4.1.3. Филозофски филмски фестивал

Во рамки на соработката со Филозофското друштво на Македонија, Институтот за филозофија има значајна улога и во развојот на Филозофскиот филмски фестивал, меѓународна културна манифестација посветена на односот меѓу филмот и филозофијата. Фестивалот започнува како мала студентска иницијатива во 2010 година - „Филозофско филмско фестивалче“ на Институтот за филозофија - со цел да се создаде неформална средина за размена на идеи меѓу студентите поттикната од филмската нарација. Од 2014 година Фестивалот се организира во рамки на Филозофското друштво на Македонија како неговa годиш-

4.1.3. Philosophical Film Festival

As part of its cooperation with the Philosophical Society of Macedonia, the Institute of Philosophy has also played a significant role in the development of the Philosophical Film Festival, an international cultural event dedicated to the relationship between film and philosophy. The festival began in 2010 as a small student initiative at the Institute of Philosophy, entitled the “Philosophical Mini Film Festival” (Filozofsko filmsko festivalče), with the aim of creating an informal environment for the exchange of ideas inspired by cinematic narratives. Since 2014, the Festival has been organized by the Philosophical Society of

2018 – Организаторите, селекторите и волонтерите на 8. издание на ФФФ

2018 – Organizers, selectors, and volunteers of the 8th edition of the Philosophical Film Festival

на културна манифестација. Од 2017 година прераснува во меѓународен филмски фестивал во соработка со Кинотеката на Македонија и во коорганизација на Филозофскиот факултет – Скопје. Фестивалот има востановена награда „Златен був“ за најдобар долгометражен и краткометражен филм од жири-комисијата и од публиката, како и специјално признание „Стефан Сидовски-Сидо“ за краткометражен филм. Основачи на фестивалот се Ана Дишлиеска-Митова и Јасмина Поповска.

Со текот на времето фестивалот се развива во препознатлива платформа за филозофска рефлексија на филмската уметност и за дијалог меѓу филозофската заедница и културната јавност во Македонија и пошироко. Фестивалската програма е структурирана во повеќе сегменти, меѓу кои се: Главната програма (Официјална селекција на долгометражни и краткометражни филмови, Селекција на есеј-филмови, Ревијална програма: филозофија и филм), Придружна програма (Ретроспектива/Фокус на одреден режисер, Презентација на истражување, ФФФ Doc. – сегмент за документарен филм, музичка програма, специјални проекции итн.), Едукативна програма (Фил(м)ософија со деца, Работилници за млади, Средношколска видео-лектира). Во рамки на фестивалот (во 2021 и 2023 година) се организира меѓународна конференција за филозофија и филм, која ги собира филозофите и филмските теоретичари од Македонија и од странство. Фестивалот е член на Меѓународната федерација на филмски клубови (FICC).

Macedonia as its annual cultural event. In 2017, it developed into an international film festival in cooperation with the Cinematheque of Macedonia and with the Faculty of Philosophy in Skopje as a co-organizer. The Festival presents the Golden Owl Award for the best feature-length and short film, as selected by both the jury and the audience, as well as the special Stefan Sidovski – Sido Award for short film. The Festival was founded by Ana Dišlieska Mitova and Jasmina Popovska.

Over time, the Festival has evolved into a recognizable platform for the philosophical reflection on film and for dialogue between the philosophical community and the broader cultural public in Macedonia and beyond. Its programme is structured into several segments, including the Main Programme (Official Selection of Feature and Short Films, Essay Film Selection, and the Review Programme: Philosophy and Film), the Accompanying Programme (Retrospectives and Director Focus Programmes, Research Presentations, FFF Doc. – a documentary film segment, music events, special screenings, and others), and the Educational Programme (Phil(m)osophy with Children, workshops for young people, and the High School Video Reader). In 2021 and 2023, the Festival also hosted an international conference devoted to film-philosophy, bringing

родна конференција посветена на филм-филозофијата, на која учествуваат истражувачи од различни академски средини од цела Европа, САД и Канада. Значајна димензија на фестивалот претставува и неговата издавачка дејност, во рамки на која се објавуваат книги од областа на филм-филозофијата („Манчевски: пет есеи“ – Манчевски, „Замислување на мирот: дијалог за перцепцијата“ – Вендерс и Зурнази), како и зборници од меѓународните конференции.

Во поширок историски контекст, оваа иницијатива може

together researchers from academic institutions across Europe, the United States, and Canada. An important dimension of the Festival is its publishing activity, which includes books in the field of film-philosophy, such as “Mančevski: Five Essays” by Milčo Mančevski and “Inventing Peace: A Dialogue on Perception” by Wim Wenders and Mary Zournazi, as well as proceedings volumes arising from the international conferences.

In a broader historical perspective, this initiative may be viewed as a contemporary continuation

да се гледа како современо продолжување на традицијата воспоставена со Естетичката лабораторија на Институтот за филозофија, основана од Павао Вук-Павловиќ, која настојува да ја поврзе филозофската анализа со живото уметничко искуство и со конкретните културни практики.

of the tradition established by the Aesthetic Laboratory of the Institute of Philosophy, founded by Pavao Vuk-Pavlović, which sought to connect philosophical analysis with lived artistic experience and concrete cultural practices.

4.1.4. Други настани

На 15-16 ноември 2007 година, во организација на Институтот за филозофија и Филозофското друштво на Македонија, се одржува дводневна **Регионална конференција на Асоцијацијата на филозофите на Југоисточна Европа** насловена **„Зошто уште филозофијата?“**, што претставува значаен настан за меѓународното вмрежување на македонската филозофска средина. Конференцијата е особено важна бидејќи претставува прва поголема меѓународна филозофска средба со учество на филозофи од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Романија, Србија, Црна Гора, како и гости од Холандија и Русија. Претставници од Македонија како говорници се Ферид Мухиќ и Иван Џепароски.

4.1.4. Other Events

On 15–16 November 2007, the Institute of Philosophy and the Philosophical Society of Macedonia organized the two-day **Regional Conference of the Association of Southeast European Philosophers** entitled **“Why Philosophy Still?”**. The conference represented an important event for the international networking of the Macedonian philosophical community. It was particularly significant as the first major international philosophical gathering to bring together philosophers from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Macedonia, Romania, Serbia, and Montenegro, as well as guests from the Netherlands and Russia. Ferid Muhić and Ivan Džeparoski participated as speakers representing Macedonia.

2007 - Обраќање на Мирко Ѓошевски како Претседател на ФДМ на конференцијата „Зошто уште филозофија?“
Од лево кон десно: Иван Калчев (Софија), Трајан Гоцевски (Декан на Филозофскиот факултет - Скопје), Мирко Ѓошевски

2007 – Mirko Gjoševski, President of the Philosophical Society of Macedonia, addressing the conference “Why Philosophy Still?”. From leftto right: Ivan Kalchev (Sofia), Trajan Gocevski (Dean of the Faculty of Philosophy, Skopje), and Mirko Gjoševski.

Институтот за филозофија од 2019 година се приклучува и кон организацијата на **Меѓународниот филозофски дијалог „Исток–Запад“**, научна манифестација што ја организираат Филозофското друштво на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе. Вклучувањето на Институтот започнува со петтото издание на дијалогот, посветено на темата „Кризата на идејата за Европа“, со што се отвораат

Since 2019, the Institute of Philosophy has also participated in the organization of the **International Philosophical Dialogue East–West**, a scholarly event jointly organized by the Philosophical Society of Macedonia, the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU), and the International Slavic University in Sveti Nikole. The Institute became involved with the fifth edition of the Dialogue, devoted to the theme “The Crisis of the Idea of Europe”, which opened

2021 – Обраќање на Јордан Ѓорчев, претседателот на Управниот одбор на Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе на отворањето на конференцијата „Филозофијата и меморијата“ во МАНУ

2021 – Address by Jordan Gjorčev, Chair of the Board of Trustees of the International Slavic University in Sveti Nikole, at the opening of the conference “Philosophy and Memory” held at MANU

расправите за иднината на европскиот културен и политички проект од филозофска перспектива. Во следните години, конференцијата продолжува со теми што ги проблематизираат клучните прашања на современата филозофија и нејзиниот однос кон културните и цивилизациските традиции. Меѓу нив се издвојуваат симпозиумите „Филозофијата и меморијата“ (2021),

discussions on the future of the European cultural and political project from a philosophical perspective. In the following years, the conference continued with themes addressing key questions of contemporary philosophy and its relationship to cultural and civilizational traditions. Among the most notable were the symposia “Philosophy and Memory” (2021), “The Legacy of Ancient

„Наследството на античката филозофија како мост меѓу Исток и Запад“ (2022) и „Филозофијата и глобалните проблеми“ (2023).

Двете институции од 2022 година започнуваат да го одбележуваат и **Светскиот ден на логиката** (**14 јануари**), прогласен од УНЕСКО како Меѓународен ден посветен на значењето на логиката како една од темелните филозофски дисциплини за развојот на човековите знаења во сите области. Манифестацијата се организира во онлајн формат и вклучува предавања на домашни и странски истражувачи посветени на различни аспекти на современата логика и нејзините филозофски импликации. Во рамки на ова одбележување се одржани излагања на теми како: „Логиката на индетерминизмот – афирмација на слободната волја“ (Анета Маркоска-Чубриновска, 2022), „Директивна теорија на значењето“ (Радмила Јовановиќ Козловски, 2023), „Феномените на комплетноста и некомплетноста во математичка

Philosophy as a Bridge Between East and West” (2022), and “Philosophy and Global Problems” (2023).

Since 2022, the two institutions have also jointly celebrated **World Logic Day** (14 January), recognized by UNESCO as an international day dedicated to the importance of logic as one of the fundamental philosophical disciplines underpinning the development of human knowledge in all fields. Organized in an online format, the event features lectures by domestic and international scholars devoted to various aspects of contemporary logic and its philosophical implications. Presentations delivered within this framework have included topics such as “The Logic of Indeterminism: An Affirmation of Free Will” (Aneta Markoska-Čubrinovska, 2022), “Directival Theory of Meaning” (Radmila Jovanović Kozlowski, 2023), “The Phenomena of Completeness and Incompleteness in Mathematical Logic” (Danko Ilić, 2024), “Sci-

ката логика“ (Данко Илиќ, 2024), „Наука без логика: нужност или веројатност?“ (Максим Никофоровски, 2025) и „Втемелувањето и неговата епистемологија“ (Дамјан Алексиев, 2026).

Институтот за филозофија, исто така, од 2019 година дава институционална поддршка во организирањето на **акредитираните натпревари по филозофија за учениците од IV година средно образование**, што ги организира Филозофското друштво на Македонија. Овие натпревари претставуваат важен сегмент од афирмацијата на филозофијата во средното образование и создаваат можност за поттикнување на критичкото мислење и филозофската рефлексија кај младите.

ence without Logic: Necessity or Probability?” (Maksim Nikoforovski, 2025), and “Grounding and Its Epistemology” (Damjan Aleksiev, 2026).

Since 2019, the Institute of Philosophy has also provided institutional support for the organization of the accredited **Philosophy Competition for fourth-year secondary school students**, organized by the Philosophical Society of Macedonia. The competition constitutes an important instrument for promoting philosophy within secondary education and creates opportunities for fostering critical thinking and philosophical reflection among young people.

2026 – Учениците – учесници на натпреварот по филозофија и нивните ментори, како и претставници од ФДМ

2026 – Participants in the Philosophy Competition, their mentors, and representatives of the PSM

Од другите заеднички активности може да се споменат **„Месецот на филозофијата“** (ноември 2013), **„Месецот на француската филозофија“** (декември 2013), **„Месецот на**

Other joint activities include the **Month of Philosophy** (November 2013), the **Month of French Philosophy** (December 2013), the **Month of Francophonie** (March 2014), the **Month of**

франкофонијата“ (март 2014), **„Месец на германската филозофија“** (мај 2014), **„Месецот на источната филозофија“** (јуни 2014), **„Месец на британската филозофија“** (февруари 2015) одбележани со една конференција, предавања и промоции на книги.

4.2. Пошироко општествено и културно значење на Институтот

Покрај својата научна и наставна дејност, Институтот за филозофија има значаен придонес во поширокиот културен и општествен живот во Македонија. Неговите членови се меѓу видните интелектуалци на Универзитетот и во националната култура и уметност, а од нивните редови произлегле и членови на Македонската академија на науките и уметностите (MANU). Георги Старделов е член на МАНУ од 1986 до 2021 и во периодот 2008–2011 ја извршува функцијата претседател на МАНУ. Тој, исто така, е и почесен член на Друштвото на уметници на Шпанската кралска академија, редовен член на Европската академија на науките и уметностите, претседател на Друштвото на писателите на Македонија и претседател на македонскиот ПЕН-центар. Во меѓународни академски рамки, значајна афирмација има и Ферид Мухиќ, кој во 2011 година е избран за академик во Бо-

German Philosophy (May 2014), the **Month of Eastern Philosophy** (June 2014), and the **Month of British Philosophy** (February 2015), each marked by conferences, lectures, and book promotions.

4.2. The Institute's Broader Social and Cultural Significance

In addition to its academic activities, the Institute of Philosophy has made a significant contribution to the broader cultural and social life of Macedonia. Its members have been among the prominent intellectual figures of the University and of Macedonian cultural and artistic life, and their ranks have included members of the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU). Georgi Stardelov was a member of MANU from 1986 until 2021 and served as its President from 2008 to 2011. He was also an honorary member of the Society of Artists of the Royal Spanish Academy, a full member of the European Academy of Sciences and Arts, President of the Writers' Association of Macedonia, and President of the Macedonian PEN Centre. In the international academic sphere, Ferid Muhić has likewise achieved considerable recognition. In 2011, he was elected a member of the Bosniak Academy of Sciences and Arts (BANU) and became its first President. In 2017, he was elected a mem-

шњачката академија на науките и уметностите (БАНУ) и е нејзин прв претседател, во 2017 година станува член на Европската академија на науките и уметностите, а од 2019 е академик во Босанската академија на науките и уметностите „Кулин Бан“. Од 2025 година Иван Џепароски е избран за дописен член на МАНУ.

Значаен дел од културниот придонес на Институтот се и преводите на класични и современи филозофски дела на македонски јазик, со што се проширува филозофската култура и се збогатува филозофската терминологија на македонскиот јазик. Меѓу најзначајните преведувачи се Митко Илиевски (Ленин, Енгелс, Плеханов), Кирил Темков (Рене Декарт, Вилијам Џејмс, Џон Стјуарт Мил, Имануел Кант, Фридрих Ниче, Душан Недељковиќ, Лука Прошиќ, Миленко Пејовиќ), Мирко Ѓошевски (Ленин), Виолета Панзова (Томас Кун), Иван Џепароски (Дејвид Хјум, Едмунд Берк, Џорџ Сантајана), Бранислав Саркањац (Лудвиг Витгенштајн, Валтер Бенјамин), Ана Димишковска (Рене Декарт, Готфрид Вилхелм Лајбниц, Анри Бергсон, Жан-Франсоа Лиотар, Жак Дерида, Пјер Бурдје, Јулија Кристева), Дејан Донев (Фриц Јар, Теса Челуш и Џефри Брамер), Вангел Ноневски (Хана Арент, Франсоа Гарсон, Хони Ферн Хејбер, Шон Кабит, Виктор Жмегач, Стивен Пирс, Хејден Дуган,

ber of the European Academy of Sciences and Arts, and since 2019 he has been a member of the Bosnian Academy of Sciences and Arts “Kulin Ban.” In 2025, Ivan Džeparoski was elected a Corresponding Member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts.

An important dimension of the Institute’s cultural contribution is the translation of classical and contemporary philosophical works into Macedonian, thereby broadening philosophical culture and enriching the philosophical terminology of the Macedonian language. Among the most significant translators are Mitko Ilievski (Lenin, Engels, Plekhanov), Kiril Temkov (René Descartes, William James, John Stuart Mill, Immanuel Kant, Friedrich Nietzsche, Dušan Nedeljković, Luka Prošić, Milenko Pejović), Mirko Gjoševski (Lenin), Violeta Panzova (Thomas Kuhn), Ivan Džeparoski (David Hume, Edmund Burke, George Santayana), Branislav Sarkanjac (Ludwig Wittgenstein, Walter Benjamin), Ana Dimiškovska (René Descartes, Gottfried Wilhelm Leibniz, Henri Bergson, Jean-François Lyotard, Jacques Derrida, Pierre Bourdieu, Julia Kristeva), Dejan Donev (Fritz Jahr, Tessa Chelouche and Geoffrey Brahmer), Vangel Nonevski (Hannah Arendt, François Garçon, Honi Fern Haber, Sean Cubitt, Viktor Žmegač, Stephen Pearce, Hayden Duggan, Antho-

Ентони Гиденс, Вил Кимлика), Ристо Солунчев (Стивен Прист) и Јасмина Поповска (Џулија Анас).

Членовите на Институтот имаат и значајно присуство во книжевниот и уметничкиот живот. Поезија објавуваат: Павао Вук-Павловиќ („Повик“, „Урнатини“, „Растревожени стихови“), Ферид Мухиќ („Falco Peregrinus“, „Сто чекори над“, „Чадот од догорчето на сонот“, „Медот во крвта“), Иван Џепароски („Слики од изложбата“, „Еклоги“, „Песни“, „Волја за мисла“, „Грабнувањето на Европа“, „Светлината на Света Гора“, „Град“, „Посвети и пофалби“) и

ny Giddens, Will Kymlicka), Risto Solunčev (Stephen Priest), and Jasmina Popovska (Julia Annas).

Members of the Institute have also maintained a significant presence in Macedonian literary and artistic life. Among those who have published poetry are Pavao Vuk-Pavlović (“The Call”, “The Ruins”, “Flustered Verses”), Ferid Muhić (“Falco Peregrinus”, “A Hundred Steps Above”, “The Smoke From The Dream-ends”, “Honey in the Blood”), Ivan Džeparoski (“Pictures at an Exhibition”, “Eclogues”, “Poems”, “Will for Thought”, “The Abduction of Europe”, “The Light of



„Светлината на Света Гора“ од Иван Џепароски - добитник на наградата „Браќа Миладиновци“ во 2016

“The Light of Mount Athos” by Ivan Džeparoski, recipient of the “Brothers Miladinovci” Award in 2016.

Ана Димишковска („Соцветија“, „Приватна збирка“, „Пресадување на ружата“). Во областа на прозата се истакнуваат Ферид Мухиќ („Загарите на невидливиот ловец“, „Бигор шарпланинецот: приказни за пријателството и за храброста“, „Патувањето во

Mount Athos”, “The City”, “Dedications and Praises”), and Ana Dimiškovska (“Within-flowers”, “Private Collection”, “Transplanting the Rose”). In the field of prose, particular distinction belongs to Ferid Muhić (“The Hounds of the Invisible Hunter”, “Bigor the

Тајан“ и др.) и Љубомир Цуцуловски („Разни сказни“, „Роман во една ноќ“). Значајно место има и есеистичкото творештво, особено кај Мухиќ („Штитот од злато“, „Ex Catedra“, „Ноуменологија на телото“ и др.), Цуцуловски („Политички сказни“), Џепароски („Отаде системот“, „Филозофски приказни“, „Пандемија и постхуманизам: есеи“, „Сетилност и синестезија: есеи за македонската поезија и уметност“, и др.) и Солунчев („Философијата вчера“). Поетското и есеистичкото творештво на Џепароски е наградувано со повеќе значајни признанија („Млад борец“ 1984, „Димитар Митрев“ 1993, „Григор Прличев“ 1993, „Парадигма“ 2009, „Браќа Миладиновци“ 2016, „Книжевен жезол“ 2021 и „Ацо Шопов“ 2024). За неговото „богато, разновидно и содржајно творештво“, Мухиќ е добитник на меѓународната награда „Златен прстен“ (2009).

Значајно културно влијание имаат институционалните иницијативи поврзани со Институтот, како што се Естетичката лабораторија и Филозофскиот филмски фестивал, кои придонесуваат за поврзување на филозофијата со уметноста и современата култура. Фестивалите Млад отворен театар и Скопско културно лето се произлезени од идеите на членовите на Институтот за филозофија. (Темков, 1997) Во оваа насока особено се издвојува културниот и институционален ангажман на Кирил

Sharplaninec: Stories of Friendship and Courage”, “A Journey to Tayan”, etc.) and Ljubomir Cuculovski (“Different Tales”, “A Novel in One Night”). A prominent place is also occupied by essay writing, especially in the works of Muhić (“The Shield of Gold”, “Ex Cathedra”, “Noumenology of the Body”, etc.), Cuculovski (“Political Tales”), Džeparoski (“Beyond the System”, “Philosophical Stories”, “Pandemic and Posthumanism: Essays”, “Sensibility and Synesthesia: Essays on Macedonian Poetry and Art”, etc.), and Solunčev (“Philosophy Yesterday”). Džeparoski’s poetic and essayistic oeuvre has been recognized with numerous literary awards, including Mlad Borec (1984), Dimitar Mitrev (1993), Grigor Prličev (1993), Paradigma (2009), Brakja Miladinovci (2016), Knizheven Zhezol (2021), and Aco Shopov (2024). For his “rich, diverse, and substantial body of work,” Muhić received the international Golden Ring Award in 2009.

Institutional initiatives associated with the Institute, such as the Aesthetic Laboratory and the Philosophical Film Festival, have also exerted a significant cultural influence by fostering connections between philosophy, the arts, and contemporary culture. The festivals “Young Open Theatre” and “Skopje Summer Festival” likewise originated from ideas advanced by members of the Institute of Philosophy. (Темков,

Темков, кој е уредник на првата Младинска трибина во Домот на младите на Идадија (1959–1960), претседател на Културно-просветната заедница на Скопје, каде учествува во основањето на „Скопско културно лето“, манифестацијата „Тебе, граду мој“ и Дирекцијата за култура на град Скопје. Темков е и еден од основачите на „Скопскиот џез-фестивал“, а низ годините извршува и значајни функции во повеќе културни институции, меѓу кои Кинотеката на Македонија, Младинскиот културен центар, Културно-информативниот центар, Турскиот театар, Драмскиот театар, Академското друштво „Мирче Ацев“ и Театарот на Ромите „Пралипе“. (Темков, 2014, 571)

Филозофската мисла на членовите на Институтот често се поврзува и со современите уметнички практики; на пример, тие се куратори на уметнички проекти (Џепароски, 1998 и 2023, Саркањац, 2017)[14]. Во поновиот

[14] Иван Џепароски е куратор на уметничкиот проект „Портретот на Плотин“ на Искра Димитровска. Преку одливок од силикон на голото тело на уметницата поставен на земја пред sид на кој е испишан цитат од Плотиновите „Енеади“, проектот ја отвора филозофската проблематика на односот меѓу телото, душата, духот и Едното преку филозофијата на Плотин, филозоф, за кој се смета дека никогаш не дозволил да биде портретиран. (Џепароски, 2025, 188-189) Исто така, Џепароски е куратор на изложбата (заедно со Ана Франговска) „Од поинаков дискурс – Фауна во колекцијата на Националната галерија“, Скопје: Мала станица, 2023.
Бранислав Саркањац, пак, е куратор на проектот „Црвениот карневал“ на уметникот Томе Ациевски, претставен на 57. Венециско биенале во

1997) Particularly noteworthy in this regard is the cultural and institutional engagement of Kiril Temkov. He served as editor of the first Youth Forum at the Youth Centre in Idadija (1959–1960) and later as President of the Cultural and Educational Community of Skopje, where he participated in the establishment of “Skopje Summer Festival”, the cultural event “To You, My City”, and the Directorate for Culture of the City of Skopje. Temkov was also among the founders of the “Skopje Jazz Festival” and, over the years, held important positions in numerous cultural institutions, including the Cinematheque of Macedonia, the Youth Cultural Centre, the Cultural Information Centre, the Turkish Theatre, the Drama Theatre, the Academic Society “Mirče Acev”, and the Roma Theatre “Pralipe”. (Темков, 2014, 571)

The philosophical work of members of the Institute is frequently connected with contemporary artistic practices. For example, several members have served as curators of artistic projects (Џепароски, 1998, 2023; Саркањац, 2017)[14]. In recent

[14] Ivan Džeparoski served as curator of Iskra Dimitrovska’s artistic project “The Portrait of Plotinus”. Through a silicone cast of the artist’s nude body placed on the floor before a wall bearing a quotation from Plotinus’ Enneads, the project explores the philosophical relationship between body, soul, spirit, and the One, drawing on the philosophy of Plotinus—a thinker who is traditionally believed never to have permitted his portrait to be made. (Џепароски, 2025, 188–189) Džeparoski also

период, врската меѓу филозофијата и современата културна сцена се развива и преку активностите на Вангел Ноневски и организацијата „Аксиома“, платформа за современа уметност и културни практики, преку која се поттикнуваат интердисциплинарни проекти на пресекот меѓу уметноста, технологијата и критичката теорија – „Ремиксувај ја својата културна стварност“ (2018), „Ремиксувај го говорот на омраза“ (2019) и „Омнибустопија“ (2019-2024).

Присуството на членовите на Институтот во културниот живот се манифестира и во други форми на уметничко и јавно-културно дејствување. Така, Ристо Солунчев е член на култната македонска рок-рап група „Чиста околина“, основана во 1989 година, како и на црковно-византискиот хор „Хармосини“ кој остварува соработки со други значајни и влијателни музички групи, како што е гру-

years, the relationship between philosophy and the contemporary cultural scene has also been developed through the activities of Vangel Nonevski and the organization “Aksioma”, a platform for contemporary art and cultural practices that promotes interdisciplinary projects at the intersection of art, technology, and critical theory, including “Remix Your Cultural Reality” (2018), “Remix Hate Speech” (2019), and “Omnibustopia” (2019–2024).

The presence of the Institute’s members in cultural life is also manifested through other forms of artistic and cultural engagement. Risto Solunčev, for example, is a member of the influential Macedonian rock-rap group “Čista Okolina” (“Clean Environment”), founded in 1989, as well

Ристо Солунчев на концерт на „Чиста околина“

Risto Solunčev at a concert by “Clean Environment”

2017 година – мултимедиумска инсталација што критички ја преиспитува идејата за беневолентната глобална хегемонија.

co-curated, together with Ana Frangovska, the exhibition “From a Different Discourse: Fauna in the Collection of the National Gallery”, held at Mala Stanica, Skopje, in 2023.
Branislav Sarkanjac, in turn, served as curator of “The Red Carnival”, a project by the artist Tome Adzievski presented at the 57th Venice Biennale in 2017. Conceived as a multimedia installation, the project offers a critical examination of the idea of benevolent global hegemony.

пата „Мизар“. Неговата културна активност опфаќа и авторска и применета музика, учество во аудиовизуелни проекти – меѓу кои и сценариото за документарниот филм „Кеиф: Македонска чалгиска традиција“ (2019) – како и ангажман во културни институции и манифестации. Особено значајно е и неговото стручно усовршување во областа на византиската музика и култура на Конзерваториумот „Симон Карас“ во Атина (2016 – 2020).

Културното и идејно влијание на Институтот се проширува и преку директното учество на неговите членови во културните институции и медиумите, како што е случајот со Иван Џепароски, кој во периодот 1985–1993 година е уредник на Редакцијата за култура на Македонската радио телевизија, а од 1989 година извесно време и главен уредник на Културно-уметничката програма, со што придонесува за обликување на поширокиот културен сензибилитет на нашата јавност. Во овој период се занимава со продуцирање и реализирање на емисии од областа на културата, но се јавува и како автор и сценарист на бројни документарни и играни програми, прикажувани на фестивали во земјата и во странство. Автор е и на сценаријата за телевизиските драми „Сократ“ (1991) и „Талес“ (1992). Во оваа насока се вклучува и ангажманот на Дејан Донев, кој во текот на 1990-тите

as of the Byzantine church choir “Harmosini”, which has collaborated with other prominent musical groups, including “Mizar”. His cultural activities also encompass original and applied music, participation in audiovisual projects—including the screenplay for the documentary film “Keif: The Macedonian Čalgija Tradition” (2019)—as well as involvement in cultural institutions and events. Particularly noteworthy is his advanced training in Byzantine music and culture at the “Simon Karas” Conservatory in Athens (2016–2020).

The cultural and intellectual influence of the Institute has also been extended through the direct participation of its members in cultural institutions and the media. A notable example is Ivan Džeparoski, who served as editor of the Cultural Editorial Department of Macedonian Radio Television from 1985 to 1993 and, from 1989 onward, for a period of time as Editor-in-Chief of its Arts and Culture Programme. Through these roles, he contributed to shaping the broader cultural sensibility of the Macedonian public. During this period, he was involved in the production and realization of numerous cultural programmes and also worked as the author and scriptwriter of documentary and dramatic productions presented at festivals in Macedonia and abroad. He is also the author of the screenplays for

Сцена од телевизиската драма „Сократ“

Scene from the television drama "Socrates"

и почетокот на 2000-тите активно делува во медиумскиот и јавниот простор како новинар и уредник, особено преку својата работа во радијата „Гром“ и „Равел“, како и во културната редакција на дневниот весник „Вест“.

Членовите на Институтот имаат значајна улога и во образовниот систем преку авторство на предметни програми за основно и средно образование, како и на средношколски учебници по филозофија, етика и логика (Јонче Јосифовски, Митко Илиевски, Стојан Јордановски, Кирил Темков, Виолета Панзова), со што директно учествуваат во обликувањето на филозофското образование во Македонија. Во поширокиот општествен и професионален контекст, членовите на Институтот активно учествуваат и во работата на различни етички, образовни и стручни тела, комисии, форуми и организации, каде што придонесуваат со експертски мислења и јавни ангаж-

the television dramas “Socrates” (1991) and “Thales” (1992). A similar form of public engagement may be observed in the work of Dejan Donev, who was actively involved in the media and public sphere throughout the 1990s and the early 2000s as a journalist and editor, particularly through his work with Radio “Grom”, Radio “Ravel”, and the cultural section of the daily newspaper “Vest”.

Members of the Institute have also played an important role in the educational system through their authorship of curricula for primary and secondary education, as well as secondary-school textbooks in philosophy, ethics, and logic (Jonče Josifovski, Mitko Ilievski, Stojan Jordanovski, Kiril Temkov, and Violeta Panzova), thereby directly contributing to the development of philosophical education in Macedonia. In a broader social and professional context, members of the Institute have actively participated in the work of various ethics committees, educational and profession-

мани. Таквото учество се остварува во рамки на национални и меѓународни иницијативи и организации, меѓу кои и тела поврзани со УНЕСКО, Првата детска амбасада „Меѓаши“ и други институции и здруженија од областа на образованието, етиката, биоетиката и човековите права.

al bodies, commissions, forums, and organizations, contributing expert knowledge and public engagement. Such participation has taken place within both national and international initiatives and organizations, including bodies associated with UNESCO, the First Children's Embassy "Megjashi", and other institutions and

Темков учествува на јавна трибина организирана од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“

Temkov participating in a public forum organized by the First Children's Embassy in the World "Megjashi".

Во поширокиот општествен и меѓукултурен контекст се издвојува ангажманот на Бранислав Саркањац како прв македонски директор на Институтот „Конфуциј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

associations active in the fields of education, ethics, bioethics, and human rights.

In a broader social and intercultural context, special mention should be made of Branislav Sarkanjac's engagement as the first

2013 – Обраќање на Бранислав Саркањац на првиот час по кинески јазик на Институтот „Конфуциј“ при УКИМ

2013 – Branislav Sarkanjac at the opening of the first Chinese language class at the "Confucius" Institute at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Преку оваа функција тој придонесува за развојот на академската и културната соработка меѓу Македонија и Народна Република Кина, како и за афирмацијата на интеркултурниот дијалог, изучувањето на кинескиот јазик и запознавањето со кинеската филозофска и културна традиција.

4.3. Награди и признанија

Научната, педагошката и културната дејност на членовите на Институтот за филозофија е потврдена и преку бројни домашни и меѓународни признанија, доделени за нивниот истражувачки, наставен и општествен придонес.

Во 1979 година Естетичката лабораторија ја добива наградата „13 ноември“ на град Скопје од областа на културата „за

Macedonian Director of the Confucius Institute at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. Through this position, he contributed to the development of academic and cultural cooperation between Macedonia and the People's Republic of China, while also promoting intercultural dialogue, the study of the Chinese language, and greater familiarity with Chinese philosophical and cultural traditions.

4.3. Awards and Distinctions

The scholarly, educational, and cultural activities of the members of the Institute of Philosophy have been recognized through numerous national and international awards and distinctions granted in acknowledgement of their research, teaching, and public contributions.

1979 - Наградата „13 ноември“ на град Скопје од областа на културата

1979 - City of Skopje's "13 November Award" in the field of culture

плодна креативна активност во истражувањето на проблемите на естетиката, резултати во поврзувањето со здружениот труд и доближувањето на културн-

In 1979, the Aesthetic Laboratory received the City of Skopje's "13 November Award" in the field of culture, awarded "for its fruitful creative activity in the study of

но-уметничкото творештво до работните луѓе и граѓаните“.

Највисоката педагошка награда „Климент Охридски“ во 1989 година му е доделена на Митко Илиевски, додека Виолета Панзова е добитничка на наградата „11 Октомври“ во областа на науката и образованието (2006). Двајца членови на Институтот се добитници на француското одликување „Витез од редот на академските палми“, што Владата на Франција го доделува за посебни заслуги во областа на образованието и културата, а тоа се Кирил Темков (2004) и Ана Димишковска (2017).

Двотомниот речник на македонската филозофска терминологија, подготвен од Ана Димишковска и Иван Џепароски, е прв добитник на наградата „Константин Философ“ за филозофска книга на годината за 2023 која ја доделува Филозоф-

aesthetic problems, its achievements in establishing links with associated labour, and its efforts to bring artistic and cultural creativity closer to working people and citizens.”

The highest national award in education, the “Kliment Ohridski Award”, was conferred upon Mitko Ilievski in 1989, while Violeta Panzova received the “11 October Award” in the field of science and education in 2006. Two members of the Institute have been decorated as Chevaliers of the Order of Academic Palms, a distinction awarded by the French Government for outstanding contributions to education and culture: Kiril Temkov (2004) and Ana Dimiškovska (2017).

The two-volume Dictionary of Macedonian Philosophical Terminology, prepared by Ana Dimiškovska and Ivan Džeparoski, became the first recipient of the “Konstantin Filosof Award” for

2004 - Доделување на француското одликување „Витез од редовите на академските палми“ на Кирил Темков. Од лево кон десно: Н.Е. Вероник Бужон-Баре, Трајан Гоцевски, Милева Ѓуровска, Кирил Темков

2004 – Kiril Temkov receiving the French distinction “Chevalier of the Order of Academic Palms”. From left to right: H.E. Véronique Bujon-Barré, Trajan Gocevski, Mileva Gjurovska, and Kiril Temkov

2017 – Доделување на француското одлукување „Витез од редовите на академските палми“ на Ана Димишковска. Од лево кон десно: Н.Е. Кристиан Тимоние, Ана Димишковска

2017 – Ana Dimiškovska receiving the French distinction “Chevalier of the Order of Academic Palms”. From left to right: H.E. Christian Thimonier and Ana Dimiškovska.

ското друштво на Македонија. ФДМ ја доделува и наградата „Константин Философ“ за животно дело чии досегашни добитници од редовите на Институтот се: Ферид Мухиќ (2023), Мирко Ѓошевски (2024) и Љубомир Цуцуловски (2025).

За своите заложби во областа на биоетиката, Донев ја добива меѓународната годишна награда „Фриц Јар“ за истражување и промоција на европската биоетика за 2025 година. Истата година Дејан Донев ја добива и наградата „Константин Философ“ за филозофска книга за 2024 година за монографијата „За нашите етички основи“.

Philosophy Book of the Year in 2023, presented by the Philosophical Society of Macedonia. The Society also awards the “Konstantin Filosof Lifetime Achievement Award”, whose recipients from among the members of the Institute have thus far been Ferid Muhić (2023), Mirko Gjoševski (2024), and Ljubomir Cuculovski (2025).

For his contributions to the field of bioethics, Dejan Donev received the international annual “Fritz Jahr Award” for Research and Promotion of European Bioethics in 2025. In the same year, he was also awarded the “Konstantin Filosof Award” for Philosophy Book of the Year for his monograph “For Our Ethical Foundations”.

Меѓународна годишна награда „Фриц Јар“ за истражување и промоција на европската биоетика за 2025 година

International annual “Fritz Jahr Award” for Research and Promotion of European Bioethics in 2025

5. СТУДЕНТИ

Студиите по филозофија на Институтот уште од самото основање на Институтот се одвиваат во поширок контекст од формалната настава, како дел од една интензивна жива култура на јавна расправа, академски настани, проекти и активно учество во интелектуалниот и општествениот живот.

5. STUDENTS

From its very beginnings, the study of philosophy at the Institute has extended beyond the framework of formal instruction and has developed within a vibrant culture of public debate, academic events, research projects, and active participation in intellectual and social life.

ДОСИЕ бр. 2177

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ

ИНДЕКС

Индекс на Ивица (Иван) Џепарски запишан како студент на додипломски студии во учебната 1976/77

Student record book of Ivica (Ivan) Džeparoski, enrolled in the undergraduate philosophy programme in the 1976/77 academic year.

Студентите на Институтот континуирано се вклучени во организацијата и реализацијата на бројни научни, културни и јавни активности, почнувајќи од настаните организирани во рамки на Естетичката лабораторија и Филозофскиот филмски фестивал, до конференции, трибини, предавања и други настани што се организираат на Институтот и на Факултетот. Значајно место има и нивното учество во студентската секција на Филозофското друштво

Philosophy students have continuously taken part in the organization and implementation of numerous scholarly, cultural, and public activities, ranging from events associated with the Aesthetic Laboratory and the Philosophical Film Festival to conferences, forums, guest lectures, and other initiatives organized by the Institute and the Faculty. Particularly significant has been their participation in the Student Section of the Philosophical Society of Macedonia, which encour-

на Македонија, преку која се поттикнува нивната самостојна иницијатива.

Воедно, студентите по филозофија често се активно присутни и во поширокиte општествени и политички процеси, што покажува дека студирањето филозофија на Институтот претставува облик на интелектуално и граѓанско обликување. Пример за тоа е значајниот собир на студентите по филозофија од југословенските универзитети кој се одржува во Скопје во 1973 година. Според сведоштвата,

ages independent initiative and academic engagement.

At the same time, philosophy students have often been actively involved in broader social and political processes, demonstrating that the study of philosophy at the Institute has also served as a form of intellectual and civic formation. A notable example is the gathering of philosophy students from Yugoslav universities held in Skopje in 1973. Contemporary sources indicate that the gathering was marked by a pronounced critical spirit and a strong inter-

1973 - Собир на студентите по филозофија од југословенските универзитети во Скопје. На фотогрфаијата се Зоран Ѓинѓиќ, Горан Бреговиќ, Павле Згага, Обрад Савиќ, Ферид Мухиќ, Кирил Темков, Љубиша Никодиновски, Соња Гркова, Кица Барџиева-Колбе, Митко Илиевски, Витомир Митевски и др.

1973 – Meeting of philosophy students from Yugoslav universities held in Skopje. Among those pictured are Zoran Đinđić, Goran Bregović, Pavel Zgaga, Obrad Savić, Ferid Muhić, Kiril Temkov, Ljubiša Nikodinovski, Sonja Grkova, Kica Bardžieva-Kolbe, Mitko Ilievski, Vitomir Mitevski, and others.

собирот е обележан со изразен критички дух и силно интересирање за општествените промени, а меѓу учесниците се вбројуваат и личности кои подоцна ќе играат значајна културна и јавна улога во југословенскиот простор, како Зоран Ѓинѓиќ, Горан Бреговиќ, Павле Згага, Обрад Савиќ, Љубиша Никодиновски, и др. (Темков и сор., 2006, 59)

Статистичките показатели упатуваат на постепен пораст на интересот за студиите по филозофија низ различните фази од развојот на Институтот. Во првите децении (1946–1976), на студиите по филозофија се запишувал релативно мал број студенти, при што е карактеристично присуството на поголем број вонредни студенти, односно веќе вработени лица кои сакаат да се стекнат со образование од оваа дисциплина, како и кандидати кои претходно завршиле други студиски програми. (Темков, 1976, 22) Од втората половина на 1970-тите години интересирањето значително се зголемува, а во одделни периоди Институтот не бил во можност да ги прими сите заинтересирани кандидати поради ограничените уписни квоти. Во овој период на студиите по филозофија се запишуваат и студенти од други југословенски средини, особено од просториte на денешна Србија, Косово и Црна Гора, што сведочи за поширокаta регионална препознатливост на Институтот. Трендот на

est in social change. Among its participants were individuals who would later assume important cultural and public roles throughout the Yugoslav region, including Zoran Đinđić, Goran Bregović, Pavel Zgaga, Obrad Savić, Ljubiša Nikodinovski, and others. (Темков et al. 2006, 59)

Statistical indicators point to a gradual increase in interest in philosophy studies throughout the Institute's development. During the first decades (1946–1976), enrolment remained relatively modest, with a notable proportion of part-time students—already employed individuals seeking education in philosophy—as well as candidates who had previously completed other fields of study. (Темков, 1976, 22) From the second half of the 1970s onward, interest increased considerably, and in certain periods the Institute was unable to accommodate all applicants because of limited admission quotas. During these years, the philosophy programme also attracted students from other Yugoslav republics, particularly from the territories of present-day Serbia, Kosovo, and Montenegro, testifying to the Institute's broader regional reputation. The high level of interest continued throughout the 1990s and the first decade of the twenty-first century. In more recent years, however, a certain decline in enrolment has become evident, a development that may

висока заинтересираност се задржува и во текот на 1990-тите и првата деценија од 2000-тите години, додека во поновиот период се забележува извесно намалување на бројот на запишани студенти, што може да се поврзе и со пошироките демографски, општествени и образовни промени. Досега на Институтот за филозофија дипломирале повеќе од 1000 студенти, поточно 1031 студент.

Успехот и академската посветеност на студентите на Институтот се препознаваат и преку универзитетски и факултетски признанија. Уште во првите години од постоењето на студиите

2015 – Доделување на наградите за најдобри студенти на Филозофскиот факултет – Скопје, Ирена Велевска втора од десно кон лево

2015 – Presentation of awards to the top students of the Faculty of Philosophy, Skopje. Irena Velevska is pictured second from the right.

по филозофија, Јордан Поп Јорданов е награден од Ректоратот на Универзитетот во Скопје како најуспешен дипломиран студент на Групата за филозофија во учебната 1955/1956 година. Виктор Вангелов е добитник на наградата на Фондацијата „26 јули - Франк Маниг“ за најдобар сту-

be associated with broader demographic, social, and educational changes. To date, more than 1,000 students have graduated from the Institute of Philosophy, with the total number reaching 1,031 graduates.

The academic achievements and dedication of the Institute's students have also been recognized through university and faculty awards. In the early years, Jordan Pop Jordanov received a distinction from the University of Skopje Rectorate as the most successful graduate of the Philosophy Programme in the 1955/1956 academic year. Viktor Vangelov received the "26 July – Frank Manning Foundation Award" as the best final-year student of the Faculty of Philosophy in the 2006/2007 academic year, while Nikola Risteski received the same award in 2023/2024. Among the graduates recognized as the most successful students of Ss. Cyril and Methodius University

дент на завршната година студии на Филозофскиот факултет за учебната 2006/2007 година, а Никола Ристески за учебната 2023/2024 година. Меѓу студентите што се вброени меѓу најдобрите дипломирани студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се Ана Димишковска (1993/1994), Ирена Велевска (2014/2015), Никола Ристески (2023/2024) и Илија Вељаноски (2024/2025).

5.1. Истакнати студенти

На Институтот за филозофија дипломирале голем број прочуени македонски теоретичари и писатели (академик Димитар Митрев, академик Ацо Шопов, Томе Момировски), како и научници кои покрај филозофија завршиле и докторирале на други факултети: академик Јордан Поп Јорданов (електротехника), академик Витомир Митевски (класична филологија), Благоја Вељановски (физика).

Некои од завршените студенти по филозофија, како што се Димитар Димитров, Сејфедин Сулејмани и Коста Костов, подоцна се специјализирале во други дисциплини од областа на хуманистичките и на општествените науки. Значаен дел од студентите што ги завршиле студиите на Институтот за филозофија подоцна станале дел од други институти, факултети или универзитети. Меѓу нив се: Нелко Стојановски, Ѓорѓе Младенов-

are Ana Dimiškovska (1993/1994), Irena Velevska (2014/2015), Nikola Risteski (2023/2024), and Ilija Veljanoski (2024/2025).

5.1. Distinguished Students

The Institute of Philosophy has educated a number of distinguished Macedonian intellectuals, writers, and scholars, including Academician Dimitar Mitrev, Academician Aco Shopov, and Tome Momirovski. Among its graduates are also several prominent scholars who, after completing their studies in philosophy, pursued advanced degrees in other disciplines, including Academician Jordan Pop Jordanov (electrical engineering), Academician Vitomir Mitevski (classical philology), and Blagoja Veljanoski (physics).

Some philosophy graduates, such as Dimitar Dimitrov, Sejfedin Sulejmani, and Kosta Kostov, later specialized in other fields within the humanities and social sciences. A significant number of graduates of the Institute subsequently joined other institutes, faculties, and universities as members of their academic staff. Among them are Nelko Stojanovski, Gjorgje Mladenovski, Radomir Videnović, Ilija Aceski, Slobodanka Markovska, Denko Skalovski, Suzana Simonovska, Vladimir Davčev, Emilija Simovska, Trajče Stojanov, Valentina Gulevska, Maja Muhić, Sladjana

ски, Радомир Виденовиќ, Илија Ацевски, Слободанка Марковска, Денко Скаловски, Сузана Симоновска, Владимир Давчев, Емилија Симовска, Трајче Стојанов, Валентина Гулевска, Маја Мухиќ, Слаѓана Ристиќ-Горгиев, Светлана Камџијаш, Асан Џило, итн.

На Институтот за филозофија со образование се стекнале и поголем број министри, пратеници и амбасадори, како и голем број истакнати новинари, уредници, културни и општествени дејци и, секако, средношколски професори.

5.2. Студентски научен ангажман (истражувања, конференции, мобилност)

Еден од важните аспекти на студентскиот живот на Институтот е создавањето култура на ран истражувачки ангажман, преку кој студентите уште во текот на додипломските студии се охрабруваат кон самостојно филозофско промислување и јавно академско изразување. Оваа практика има и своја подолга традиција. Така, уште во 1970-тите години студентите од Институтот за филозофија активно учествуваат со свои соопштенија на југословенските научни средби на студентите по филозофија во Сараево, Загреб и Белград, а во април 1973 година организираат ваква средба и во Скопје, на тема „Марксизмот и човекувањето“. Во насока на

Ristić-Gorgiev, Svetlana Kamdžijaš, Asan Džilo, and many others.

The Institute has also educated numerous ministers, members of parliament, ambassadors, journalists, editors, cultural figures, public intellectuals, and, of course, secondary-school philosophy teachers.

5.2. Student Research Engagement (Research, Conferences, and Mobility)

One of the defining features of student life at the Institute has been the cultivation of a culture of early research engagement, encouraging students to develop independent philosophical reflection and public academic expression already during their undergraduate studies. This tradition has deep historical roots. As early as the 1970s, students of the Institute actively participated with their own presentations at Yugoslav student conferences in philosophy held in Sarajevo, Zagreb, and Belgrade. In April 1973, they organized such a gathering in Skopje under the title “Marxism and Humanization”. In order to encourage research activity, the Institute also organized student symposia, including “Freedom and Humanization” (May 1971) and “Some Aspects of Revolution” (May 1972). Students and junior associates were likewise actively involved in the activities of the School of Young

поттикнување на научноистражувачката работа, Институтот за филозофија организира и студентски симпозиуми, како оние одржани во мај 1971 („Слобода и човекување“) и мај 1972 година („Некои аспекти на револуцијата“). Студентите и младите соработници активно учествуваат и во работата на Школата на млади марксисти „Стив Наумов – Мите Богоевски“, каде наастапуваат со бројни реферати, како и во младинските списанија и во активностите на факултетските и универзитетските организации (Темков, 1976).

Во поновиот период, оваа традиција се задржува преку редовното одржување на студентската конференција, која претставува прв простор за научно обликување и презентација на истражувачки трудови. Студентската конференција се одржува континуирано од 2013 до 2025 година со тематски изданија посветени на клучни филозофски области и проблеми: „Метафизика“

Marxists “Stiv Naumov – Mite Bogoevski”, where they presented papers and participated in discussions, as well as in youth journals and the activities of faculty and university organizations. (Темков, 1976)

In recent decades, this tradition has continued through the regular organization of the Student Conference, which serves as an initial forum for the development and presentation of student research. The conference was held continuously between 2013 and 2025, with thematic editions devoted to major philosophical fields and problems: “Metaphysics” (2013), “Aesthetics” (2014), “Ethics” (2015), “Contemporary Issues in Philosophy” (2016), “Dualism” (2017), “Human Identity” (2018), “Existentialism” (2019), “Political Philosophy” (2021), “Skepticism” (2022), “Philosophy of Science” (2023), and “Philosophy of Language” (2024). The conferences were

2014 - Студентска конференција „Естетика“

2014 – Student Conference “Aesthetics”.

(2013), „Естетика“ (2014), „Етика“ (2015), „Актуелни прашања во современата филозофија“ (2016), „Дуализам“ (2017), „Идентитетот на човекот“ (2018), „Егзистенцијализам“ (2019), „Филозофија на политиката“ (2021), „Скептицизам“ (2022), „Филозофија на науката“ (2023) и „Филозофија на јазикот“ (2024). Организатори на конференцијата и ментори на излагањата се Јасмина Поповска и Марија Тодоровска. Дел од текстовите презентирани на конференциите се објавуваат во списанието „Филозофска трибина“, во рамки на секцијата „Студентски форум“, со што студентските истражувања добиваат и своја прва публицистичка и научна афирмација.

Покрај учеството во научни и конференциски активности, студентите на Институтот за филозофија активно се вклучуваат и во меѓународната академска мобилност, преку учество во програмите CEEPUS и ERASMUS+ преку кои стекнуваат искуство на странски универзитети и се вклучуваат во поширок академски и интеркултурни разменски мрежи.

organized and academically supervised by Jasmina Popovska and Marija Todorovska. A selection of papers presented at these conferences has been published in the journal “Filozofska Tribina” within the section “Student Forum”, providing students with an initial opportunity for scholarly publication and academic recognition.

In addition to their participation in conferences and research activities, students of the Institute of Philosophy have actively engaged in international academic mobility through the CEEPUS and ERASMUS+ programmes, gaining experience at foreign universities and becoming part of broader academic and intercultural exchange networks.

2025 - Додипломци и последипломци учествуваат на CEEPUS Летна школа по биоетикаво Печ, Унгарија

2025 – Undergraduate and graduate students participating in the CEEPUS Summer School in Bioethics in Pécs, Hungary.

5.3. Алумни

Институтот за филозофија континуирано ја негува врската со своите поранешни студенти, препознавајќи ја нивната улога како важен дел од неговата академска и професионална заедница. Така, значајна активност на Институтот за филозофија во соработка со ФДМ е циклусот алумни предавања, во чии рамки свои излагања одржуваат поранешни студенти на Институтот кои имаат изградено успешна меѓународна академска кариера и работат како предавачи и истражувачи на реномирани универзитети низ светот – од земјите на Далечниот Исток, преку Европа, до САД.

Во рамки на оваа иницијатива предавања одржаа: Александар Стаматов (Универзитет Минг Чуан, Тајван) на тема „Патот на Лаоце низ историјата, филозофијата и старите текстови“ (2022); Александар Ускоков (Универзитет Јеил, САД) на тема „За познанието: перцепција, заклучување и јазичко познание во Веданта“ (2022); Јорданчо Секуловски (Универзитет Темпл, Јапонија) на тема „Етиката на Тецуро Вацуџи: ката како мета-аксиома на знаењето во Јапонија“ (2023); како и Виктор Илиевски (Универзитет во Виена) со предавањето „Платоновата теодикеја и проблемот на материјата“ (2024).

5.3. Alumni

The Institute of Philosophy continuously cultivates its relationship with former students, recognizing them as an important part of its academic and professional community. A particularly significant initiative, organized in cooperation with the PSM, is the Alumni Lecture Series, within which former students of the Institute who have established successful international academic careers deliver lectures on their areas of expertise. The series brings together lecturers and researchers working at renowned universities across the world, from East Asia and Europe to the United States.

Within this initiative, lectures have been delivered by Aleksandar Stamatov (Ming Chuan University, Taiwan), on “The Path of Laozi through History, Philosophy, and Ancient Texts” (2022); Aleksandar Uskokov (Yale University, USA), on “Knowledge: Perception, Inference, and Linguistic Cognition in Vedanta” (2022); Jordančo Sekulovski (Temple University Japan), on “The Ethics of Tetsurō Watsuji: Kata as a Meta-Axiom of Knowledge in Japan” (2023); and Viktor Ilievski (University of Vienna), with the lecture “Plato’s Theodicy and the Problem of Matter” (2024).

6. БИБЛИОТЕКА

Институтот за филозофија располага со богата библиотека која е достапна за користење за сите студенти на Универзитетот. Во земјотресот од 1963 година нејзин голем дел е уништен. Во моментот, библиотеката располага со 7.692 наслови во 20.801 примероци.

Станислава Митова во депото на библиотеката

Stanislava Mitova in the library repository

До 1971 година со библиотеката раководи Вера Димовска, до 2012 година Станислава Митова, а оттогаш досега Фросина Новак, која воедно ја врши и функцијата координатор за ЕКТС. Од 2026 година таа ја извршува и должноста в.д. раководител на одделението за библиотечно работење на Филозофскиот факултет. Покрај редовното библи-

6. LIBRARY

The Institute of Philosophy maintains a rich library collection that is available to all students of the University. A substantial part of the collection was destroyed in the 1963 Skopje earthquake. At present, the library holds 7,692 titles in 20,801 copies.

Until 1971, the library was administered by Vera Dimovska; from 1971 until 2012 by Stanislava Mitova; and since then by Frosina Novak, who also serves as the Institute's ECTS coordinator. Since 2026, she has also held the position of Acting Head of the Department of Library Services at the Faculty of Philosophy. In addition to her regular library responsibil-

2024 - Фросина Новак држи обука наменета за запознавање на научната on-line инфраструктура и библиотечниот фонд кои се на располагање за сите студенти на Филозофскиот факултет

2024 – Frosina Novak delivering a training session on the scientific online infrastructure and library collections available to all students of the Faculty of Philosophy

отечно работење, Новак активно придонесува за модернизацијата и дигитализацијата на библиотечните услуги на Филозофскиот факултет. Како лиценциран корисник на системот COBISS3 за каталогизација, таа учествува во процесите на каталогизација и развој на заедничкиот библиотечно-информациски систем, како и во активностите поврзани со дигитализацијата и унапредувањето на библиотечната дејност на факултетско ниво. Нејзиниот ангажман опфаќа и организирање и реализирање обуки за студентите и наставниот кадар за користење на научната онлајн инфраструктура, електронските бази на податоци и библиотечните ресурси. Професионалната активност на Новак е надополнета со учество на домашни и меѓународни стручни обуки, конференции и проекти од областа на библиотекарството, дигитализацијата и современите информациски технологии.

Во рамки на Естетичката лабораторија припаѓа најголемата подарена библиотека на Универзитетот - онаа на Павао Вук-Павловиќ, со ретки 2000 филозофски книги од крајот на XIX и првата половина на XX век.

Ретко латинско-англиско издание на книгата „Теорија на природната филозофија“ од Руѓер Бошковиќ од 1922 година во посед на Библиотеката

Rare 1922 Latin–English edition of Ruđer Bošković's "A Theory of Natural Philosophy" from the Library's collection.

ities, Novak has actively contributed to the modernization and digitalization of library services at the Faculty of Philosophy. As a licensed user of the COBISS3 cataloguing system, she participates in the cataloguing process and in the development of the shared library-information system, as well as in activities related to the digitalization and advancement of library services at the faculty level. Her work also includes organizing and conducting training sessions for students and academic staff on the use of scholarly online infrastructure, electronic databases, and library resources. Novak's professional engagement is further complemented by participation in national and international training programmes, conferences, and projects in the fields of librarianship, digitalization, and contemporary information technologies.

The Aesthetic Laboratory also preserves the largest donated library collection at the University—the personal library of Pavao Vuk-Pavlović—comprising approximately 2,000 rare philosophical books dating from the late nineteenth and the first half of the twentieth century.



7. КУРИОЗИТЕТНИ ФАКТИ ЗА НАСТАВАТА И ЗА НАСТАВНИЦИТЕ НА ИНСТИТУТОТ

Зад институционалниот развој на Институтот за филозофија стои и една помалку видлива, но подеднакво значајна слоевитост на биографски и интелектуални куриозитети, што ја откриваат широчината на неговото културно и филозофско влијание. Токму овие куриозитети откриваат поинаква, пожива перспектива на институционалната и интелектуалната традиција.

Во тој контекст, особено впечатлива е биографијата на Загорка Миќиќ, која имала можност непосредно да работи со Едмунд Хусерл – најнапред како слушател на неговите предавања, а потоа и како учесник на работните состаноци што се одржувале во неговиот дом, заедно со имиња како Еуген Финк, Лудвиг Ландгребе, Роман Ингарден и Мартин Хајдегер. Под негово лично раководство, таа обработува одредена феноменолошка тема, а предговорот на нејзината книга „Феноменологијата на Едмунд Хусерл“ (1937), првата студија од овој вид на југословенските јазици, го пишува Еуген Финк (Мухиќ, 1982, 5–6).

Куриозитетна е и една помалку позната страна од дејноста на Јонче Јосифовски, кој е автор

7. CURIOUS FACTS ABOUT THE TEACHING AND FACULTY OF THE INSTITUTE

Behind the institutional development of the Institute of Philosophy lies a less visible, yet equally significant, layer of biographical and intellectual curiosities that reflect the many dimensions of its cultural and philosophical influence. These stories offer a different and more vivid perspective on the Institute's institutional and intellectual tradition.

In this regard, the biography of Zagorka Mićić is particularly remarkable. She had the opportunity to work directly with Edmund Husserl—first as a participant in his lectures and later as a member of the discussion circles held in his home, alongside figures such as Eugen Fink, Ludwig Landgrebe, Roman Ingarden, and Martin Heidegger. Under Husserl's personal supervision, she worked on a specific phenomenological topic, while the preface to her book "The Phenomenology of Edmund Husserl" (1937), the first study of its kind published in a South Slavic language, was written by Eugen Fink. (Мухиќ, 1982, 5–6)

A lesser-known aspect of Jonče Josifovski's work is his authorship of the children's poem "Čista Dana", published in the Primer for the First Grade in 1945. The

на детската песна „Чиста Дана“, објавена во Буквар со читанка за прво одделение во 1945 година. Песната подоцна се „онароднува“ и долго време се смета за народна, што претставува редок пример за премин на авторска книжевност во усна традиција (Насеска, 2024, 19).

poem subsequently entered popular circulation and for many years came to be regarded as a folk poem, representing a rare example of an authored literary work passing into oral tradition. (Насеска, 2024, 19)

ЧИСТА ДАНА

Изутрина штом си стана,
на бунарот браа Дана.
Вади вода и се мие,
лице, уши таа трие.

Гнасотија ич не трпи,
втора кофа ене црпи.
Знае Дана мома мила:
чистотата дава сила.

Ј. Јосифовски

Песната „Чиста Дана“ од Јонче Јосифовски

The poem “Čista Dana” by Jonče Josifovski

Врските меѓу наставата и поширокаата културна сцена се видливи и преку дејноста на Душан Недељковиќ, чии отворени семинари во 1930-тите години ги посетува и Кочо Рацин. Се смета дека предавањата на Недељковиќ ја насочуваат мислата на Рацин кон марксистичката филозофија и дека тие се инспирација за филозофско-марксистичките текстови на Рацин. (Темков, 1980, 21) Од нив може да се издвојат текстовите „Г. В.

The connections between teaching and the broader cultural milieu are also illustrated by the activities of Dušan Nedeljković, whose open seminars in the 1930s were attended by Kočo Racin. It is generally believed that Nedeljković’s lectures directed Racin’s thought toward Marxist philosophy and inspired his philosophical and Marxist writings. (Темков, 1980, 21) Among these are the essays “G. W. F. Hegel” (Literatura, Zagreb, 1931), “The Significance

Ф. Хегел“ („Литература“, Загреб, 1931), „Значењето на Хегеловата филозофија“ („Млада култура“, Белград, 1939), „Уметноста и работничката класа“ и др., како и песната „Огномет“ напишана во дијалектички манир. Недељковиќ подоцна ја издава книгата „Кочо Рацин – поет на револуцијата“ (1973).

Особено индикативен е и случајот со Павао Вук-Павловиќ, чие доаѓање во Скопје е резултат на сложени идеолошки околности. За време на Втората светска војна, од расни разлози, е исклучен од Универзитетот во Загреб, а имотот му е конфискуван. По војната, како жртва на фашизмот е реактивиран и од 1946 до 1948 година повторно предава на Филозофскиот факултет во Загреб, но таму се соочува со отпор и е отстранет од наставата. Дел од студентите членови на КПХ организираат преврат затоа што повеќе сакале да слушаат за Маркс, додека Вук-Павловиќ им предавал за Плотин. Сега, од идеолошки разлози, тој е преместен во Универзитетската библиотека, каде што го уредува стручниот каталог на филозофските дела, сè до пензионирањето во 1951 година. Во 1957 година, Филозофскиот факултет во Скопје му упатува покана да ја преземе Катедрата за филозофија и на 63-годишна возраст Вук-Павловиќ ја започнува неговата „златна доба“ во филозофска, уметничка и педа-

of Hegel's Philosophy" (Mlada Kultura, Belgrade, 1939), "Art and the Working Class", and others, as well as the poem "Fireworks", written in a distinctly dialectical spirit. Nedeljković later published the book "Kočo Racin – Poet of the Revolution" (1973).

The case of Pavao Vuk-Pavlović is especially noteworthy, as his arrival in Skopje was the result of complex ideological circumstances. During the Second World War, he was dismissed from the University of Zagreb on racial grounds and his property was confiscated. After the war, he was reinstated as a victim of fascism and taught again at the Faculty of Philosophy in Zagreb between 1946 and 1948. There, however, he encountered resistance and was eventually removed from teaching. According to contemporary accounts, a group of students affiliated with the Communist Party of Croatia protested against his lectures because they preferred to hear about Marx, whereas Vuk-Pavlović was lecturing on Plotinus. For ideological reasons, he was subsequently transferred to the University Library, where he worked on the catalogue of philosophical works until his retirement in 1951. In 1957, the Faculty of Philosophy in Skopje invited him to assume the Chair of Philosophy, and at the age of sixty-three he entered what would become the "golden age" of his philosophical, artistic, and

гошка смисла. (Виденовиќ, 5-6; 1998; Џепароски, 2012, 59)

Куриозитетите ја опфаќаат и институционалната историја: во 1985 година, од името на семејството на Душан Недељковиќ, авторскиот хонорар од издавањето на „Историја на филозофијата (Скопски предавања)“ е дониран на Институтот како фонд за награди за „творечки развој на македонската филозофска и марксистичка мисла“.

Конечно, меѓу впечатливите лични дострели се вбројува и подвигот на Ферид Мухиќ, кој како страстен планинар успева да ги искачи четирите највисоки планински врвови (со надморска височина од 2712, 2747, 2702 и 2763 метри) во Македонија

pedagogical activity. (Виденовиќ, 1998, 5–6; Џепароски, 2012, 59)

The curiosities of the Institute's history also extend to its institutional development. In 1985, the royalties from the publication of "History of Philosophy (Skopje Lectures)", donated on behalf of Dušan Nedeljković's family, were used to establish a fund for awards promoting the "creative development of Macedonian philosophical and Marxist thought".

Among the more striking personal achievements is that of Ferid Muhić, an avid mountaineer who succeeded in climbing Macedonia's four highest mountain peaks (at elevations of 2,712, 2,747, 2,702, and 2,763 metres) within a single day. (Мухиќ, 165)

Ферид Мухиќ (втор од лево кон десно) и негови студенти (Радомир Виденовиќ – прв, Љубиша Никодиновски – трет) на Црна Карпа на Попова Шапка

Ferid Muhić (second from the leftto right) with his students at Crna Karpa, Popova Šapka. Radomir Videnović is pictured first from the left, and Ljubiša Nikodinovski third.

во еден ден (Мухиќ, 165). Како страстен планинар, Мухиќ често организира заеднички искачувања и излети со студентите, особено на Скопска Црна Гора, негувајќи близок и непосреден однос со студентите и надвор од академскиот контекст. Со овие средби е поврзана и една од неговите препознатливи академски традиции. Инспириран од мислата на Ниче дека филозофот треба да живее над една милја надморска височина, Мухиќ за „Филозофски врв“ го прогласува врвот Рамно на Скопска Црна Гора, чија надморска височина изнесува токму 1609 метри. По последното предавање, студентите од четврта година ги води на овој врв, каде што симболично и свечено ги прогласува за „витези на филозофијата“.

His passion for mountaineering frequently led him to organize hikes and excursions with students, particularly in the Skopska Crna Gora mountain range, cultivating close and informal relationships beyond the classroom. One of his most distinctive academic traditions emerged from these excursions. Inspired by Nietzsche's claim that a philosopher should live at an altitude of more than one mile above sea level, Muhić declared the peak "Ramno" on Skopska Crna Gora to be the "Philosophers' Peak", as its elevation is precisely 1,609 metres. Following their final lecture, fourth-year students were traditionally led to the summit, where they were symbolically and ceremonially proclaimed "Knights of Philosophy".

Атанасовски, Иванчо (1963) се занимава со етика и историја на етиката, со особено интересирање за античките и источните етички традиции. Негови позначајни дела се: „Магија на егзистенцијализмот“ (2006), „Антички културолошки бедекер“ (I, 2011; II, 2014), „Појмовен бревијар на источната етика“ (2011) и „Етички поими и мисли на источните култури“ (2014). Преку неговите дела тој ја проширува етиката во историско-филозофска и интеркултурна насока преку компаративно истражување на античките и источните етички концепции и нивното концептуално систематизирање. Атанасовски работи на Институтот од 2002 до 2017 година.

Atanasovski, Ivančo (1963) specializes in ethics and the history of ethics, with particular interest in ancient and Eastern ethical traditions. His most significant works include “The Magic of Existentialism” (2006), “An Ancient Cultural Guidebook” (Vol. I, 2011; Vol. II, 2014), “A Conceptual Breviary of Eastern Ethics” (2011), and “Ethical Concepts and Ideas of Eastern Cultures” (2014). Through these works, he broadened the scope of ethical inquiry in both historico-philosophical and intercultural directions by undertaking comparative studies of ancient and Eastern ethical concepts and their systematic conceptual analysis. Atanasovski was a mem-

Магистерска теза: „Егзистенцијалистичкиот Opus Magnum“ (1994)

Докторска дисертација: „Естетичките, културолошките и литературно-критичките концепции на Георги Стардeлов“ (1997)

ber of the Institute of Philosophy from 2002 to 2017.

M.A. thesis: “The Existentialist Opus Magnum” (1994)

Ph.D. dissertation: “The Aesthetic, Cultural, and Literary-Critical Conceptions of Georgi Stardelov” (1997)

Барциева-Колбе, Кица (1951) се занимава со естетика и филозофија на културата, со особено интересирање за германската класична и модерна естетика. Во периодот 1976–1984 година работи како асистент на Институтот за филозофија и е неколкугодишен соработник во проектите на Естетичката лабораторија. Нејзината дејност се одликува со поврзувањето на естетиката со книжевната практика, со интерпретацијата на германската класична и современа филозофија преку преводите и студиите (Кант, Шелинг, Хегел, Шопенхауер, Шелер, Хајдегер, Адорно), како и со отворањето на прашањата за идентитетот, индивидуалната и колективната меморија и егзилот како централни

Bardžieva-Kolbe, Kica (1951) specializes in aesthetics and philosophy of culture, with particular interest in German classical and modern aesthetics. Between 1976 and 1984, she worked as a teaching assistant at the Institute of Philosophy and for several years participated in the projects of the Aesthetic Laboratory. Her work is characterized by the integration of aesthetics and literary practice, by interpretations of German classical and contemporary philosophy through translations and scholarly studies (Kant, Schelling, Hegel, Schopenhauer, Scheler, Heidegger, Adorno), and by her exploration of identity, individual and collective memory, and exile as central themes of her literary prose.

теми во нејзината прозна дејност.

Магистерска теза: „Естетиката на Теодор Адорно“ (1982)

Докторска дисертација: „Можностите и границите на естетиката“ (1985)

M.A. thesis: “The Aesthetics of Theodor Adorno” (1982)

Ph.D. dissertation: “The Possibilities and Limits of Aesthetics” (1985)

Вук-Павловиќ, Павао (1894-1976) е хрватски филозоф кој се занимава со естетика, филозофија на културата, историја на филозофијата и педагогија, развивајќи оригинална концепција заснована врз поимот на доживелицата како извор на познанието и вредностите. Негови позначајни дела се: „Познанието и теоријата на познанието“ (1926), „Личноста и воспитувањето“ (1932), „Оправдување на верата“ (1933), „Филозофиите и световите“ (1962) и „Душевноста и уметноста“ (1976). Неговото дело ја утврдува филозофијата како творечка и вредносно ориентирана дејност, развива аксиолошко-антрополошки пристап кон културата и уметноста и има значајна улога во поставувањето на темелите на „скопската филозофска

Vuk-Pavlović, Pavao (1894–1976) was a Croatian philosopher whose work encompassed aesthetics, philosophy of culture, history of philosophy, and pedagogy. He developed an original philosophical conception grounded in the notion of “lived experience” (doživelica) as the source of knowledge and values. His most significant works include “Knowledge and Theory of Knowledge” (1926), “Personality and Education” (1932), “Justification of Faith” (1933), “Philosophies and Worlds” (1962), and “The Spirituality and Art” (1976). His work established philosophy as a creative and value-oriented activity, developed an axiologico-anthropological approach to culture and art, and played an important role in laying the foundations of the “Skopje School of Philos-

школа“. Основач е на Естетичката лабораторија (1959/1960), под влијание на естетичко-психологистичките теории на Фолкелт и Вунт, како остварување на идејата за „отворена естетика“.

Докторска дисертација: „Сознание - Методолошки обид со посебен поглед на проблемот на очигледноста“ (1921)

ophy”. He was the founder of the Aesthetic Laboratory (1959/1960), inspired by the aesthetico-psychological theories of Johannes Volkelt and Wilhelm Wundt, as a realization of the idea of an “open aesthetics”.

Ph.D. dissertation: „Knowledge“ – A Methodological Essay with Special Reference to the Problem of Evidence” (1921)

Георгиева, Вера (1950) се занимава со историја на филозофијата - античката, средновековната и византиската филозофија, со особено интересирање за антрополошките димензии на исихазмот. Нејзини позначајни дела се: „Филозофија на исихазмот“ (1991), „Филозофија исихазма“ (1995), „Византиска филозофија“ (2001) и „Мудрост, логос, светост“ (2015). Особено се истакнува со воведувањето и концептуалното втемелување на византиската филозофија како автономно и релевантно поле на истражување, како и со проширувањето на историско-филозофскиот хоризонт кон традиции што поретко

Georgieva, Vera (1950) specializes in the history of philosophy, particularly ancient, medieval, and Byzantine philosophy, with a special interest in the anthropological dimensions of hesychasm. Her most significant works include “The Philosophy of Hesychasm” (1991, 1995), “Byzantine Philosophy” (2001), and “Wisdom, Logos, Holiness” (2015). Her scholarship is notable for introducing and conceptually establishing Byzantine philosophy as an autonomous and significant field of research, as well as for broadening the horizon of historico-philosophical inquiry toward traditions that had been less represented in

биле застапени во наставата и истражувањата (еврејска и арапска (исламска) филозофија), особено преку нивното вклучување во наставниот процес. Во своите истражувања Георгиева обработува теми од античката филозофија (Хераклит, Платон, стоицизмот), современата филозофија (Хајдегер, Ниче), византиската мисла и исихастичката традиција, како и прашања поврзани со мудроста, слободата, духовниот живот и односот меѓу филозофијата и религијата.

Магистерска теза: „Хајдегеровото толкување на Хераклитовиот логос“ (1982)

Докторска дисертација: „Антрополошките импликации на филозофијата на исихазмот“ (1991)

teaching and research, especially Jewish and Arabic (Islamic) philosophy, through their incorporation into the curriculum. Her research encompasses topics from ancient philosophy (Heraclitus, Plato, Stoicism), contemporary philosophy (Heidegger, Nietzsche), Byzantine thought and the hesychast tradition, as well as questions concerning wisdom, freedom, spiritual life, and the relationship between philosophy and religion.

M.A. thesis: “Heidegger’s Interpretation of Heraclitus’ Logos” (1982)

Ph.D. dissertation: “The Anthropological Implications of the Philosophy of Hesychasm” (1991)

Димишковска, Ана (1971) се занимава со логиката, теоријата на аргументацијата и филозофијата на јазикот, со особено интересирање за прагматички ориентираната логика, правното расудување и некласичните логички системи. Нејзини позначајни дела се:

Dimiškovska, Ana (1971) specializes in logic, argumentation theory, and philosophy of language, with particular interest in pragmatically oriented logic, legal reasoning, and non-classical logical systems. Her most significant works include “Pragmatics and Argumentation Theory” (2001),

„Прагматиката и теоријата на аргументацијата“ (2001), „Логиката на правното расудување: дијалошка перспектива“ (2011), „Основи на некласичните логики“ (2013) и „Терминолошкиот речник на македонската филозофска терминологија“ (2022, заедно со Иван Џепароски). Во нејзините дела таа ја развива теоријата на аргументацијата како интегрален дел од логиката, ги поврзува прагматиката и аргументацијата врз основа на интерсубјективната и дијалошката структура на расудувањето, го афирмира плуралистичкото разбирање на логиката преку систематска разработка на некласичните логички системи и преку третманот на правното расудување како едно од најзначајните полиња на практична примена на логичките принципи и техники, и учествува во обликувањето и стандардизирањето на македонската филозофска терминологија.

Магистерска теза: „Прагматиката и теоријата на аргументација“ (1999)

Докторска дисертација: „Логичките аспекти на правното расудување“ (2006)

“The Logic of Legal Reasoning: A Dialogical Perspective” (2011), “Foundations of Non-Classical Logics” (2013), and “A Dictionary of Macedonian Philosophical Terminology” (2022, co-authored with Ivan Džeparoski). In her work, she develops argumentation theory as an integral part of logic, connects pragmatics and argumentation through the intersubjective and dialogical structure of reasoning, promotes a pluralistic understanding of logic through the systematic treatment of non-classical logical systems, and approaches legal reasoning as one of the most significant fields for the practical application of logical principles and techniques. She has also made an important contribution to the development and standardization of Macedonian philosophical terminology.

M.A. thesis: “Pragmatics and Argumentation Theory” (1999)

Ph.D. dissertation: “Logical Aspects of Legal Reasoning” (2006)

Донев, Дејан (1976) се занимава со етика, особено со применетата етика - биоетиката, медиумската етика, менаџерската етика, еколошката етика и етичкото образование, со фокус на поврзувањето на нормативната анализа со конкретни општествени области како биомедицината, комуникацијата, медиумите и образованието. Негови позначајни дела се: „Етика во новинарството“ (2011), „Водство и етика“ (2017), „Вовед во етиката“ (2018), „Прирачник за етика“ (2020) и „За нашите етички основи“ (2024). Неговото дело ја профилира етиката како применета дисциплина, придонесува за развојот и институционализацијата на биоетиката (преку основањето и раководењето со Центарот за интегративна биоетика), и ги поврзува современите морални дилеми со историските и културните основи на етичката традиција.

Магистерска теза: „Етика на дејствувањето во невладините организации“ (2005)

Докторска дисертација: „Етичките вредности во менаџерството“ (2008)

Donev, Dejan (1976) specializes in ethics, particularly applied ethics—bioethics, media ethics, management ethics, environmental ethics, and ethics education—with a focus on connecting normative analysis to concrete social domains such as biomedicine, communication, the media, and education. His most significant works include “Ethics in Journalism” (2011), “Leadership and Ethics” (2017), “Introduction to Ethics” (2018), “Handbook of Ethic” (2020), and “On Our Ethical Foundations” (2024). His work has contributed to the development of ethics as an applied discipline, to the advancement and institutionalization of bioethics (through the establishment and leadership of the Centre for Integrative Bioethics), and to linking contemporary moral dilemmas with the historical and cultural foundations of ethical thought.

M.A. thesis: “The Ethics of Action in Non-Governmental Organizations” (2005)

Ph.D. dissertation: “Ethical Values in Management” (2008)

Ѓошевски, Мирко (1948) се занимава со теорија на познанието, онтологијата и филозофија на науката, со особено интересирање за категоријата „информација“ и нејзината улога во современите истражувања на човечкото знаење. Негови позначајни дела се: „Логика и егзистенција“ (2002), „Основи на теоријата на познанието“ (2009), „Онтологија – прилог кон системот на првата филозофија“ (2012) и „Информација и познание“ (2024). Значајно место во неговата дејност има систематската разработка на теоријата на познанието и нејзината поврзаност со логиката и филозофијата на науката, афирмацијата на онтологијата како темелна филозофска дисциплина, развојот на современи интерпретации на категоријата „информација“, како и критичката и интерпретативна разработка на марксистичката филозофија, особено преку анализата на дијалектиката, материјализмот и нивната примена во современите филозофски расправи.

Gjoševski, Mirko (1948) specializes in epistemology, ontology, and philosophy of science, with particular interest in the category of “information” and its role in contemporary investigations of human knowledge. His most significant works include “Logic and Existence” (2002), “Foundations of the Theory of Knowledge” (2009), “Ontology – A Contribution to the System of First Philosophy” (2012), and “Information and Knowledge” (2024). A significant aspect of his work is the systematic development of theory of knowledge and its relationship to logic and philosophy of science, the reaffirmation of ontology as a fundamental philosophical discipline, the development of contemporary interpretations of the category of “information”, and the critical and interpretative engagement with Marxist philosophy, particularly through analyses of dialectics, materialism, and their application in contemporary philosophical debates.

M.A. thesis: “Interpretations of the Concept of ‘Existence’ in

Магистерска теза: „Толкување на поимот ‘постоење’ во современата логика – некои филозофски прашања (1987)

Докторска дисертација: „Категоријата информација во современите истражувања на човечкото познание“ (1995)

Master's thesis: "Contemporary Logic: Some Philosophical Questions" (1987)

Ph.D. dissertation: "The Category of Information in Contemporary Studies on Human Knowledge" (1995)

Илиевски, Митко (1924-1993) се занимава со логиката, методологијата и теоријата на познанието, со особено интересирање за проблемот на дефиницијата како централен логички проблем. Негови позначајни трудови се: „Идеализам и материјализам“ (1961) и докторската дисертација „Дефиниција“ (1965), а е коавтор на делата „Основи на марксистичката филозофија“ (1975) и „Марксизам и самоуправување“ (1977). Преведувач е на дела од марксистичката литература (Ленин, Енгелс, Плеханов), како и на Хегел. Автор (заедно со Јонче Јосифоски) е на средношколски учебник по Логика. Неговото дело систематски ја разработува методологијата како логичка поддисциплина, концептуално ја втемелува теорија-

Ilievski, Mitko (1924–1993) specialized in logic, methodology, and theory of knowledge, with particular interest in the problem of definition as a central issue in logic. His most significant works include "Idealism and Materialism" (1961) and his doctoral dissertation "Definition" (1965). He was also co-author of "Foundations of Marxist Philosophy" (1975) and "Marxism and Self-Management" (1977). He translated works of Marxist literature (Lenin, Engels, and Plekhanov), as well as Hegel. Together with Jonče Josifovski, he co-authored a secondary-school textbook in logic. His work systematically developed methodology as a subdiscipline of logic, conceptually grounded theory of knowledge within an anthropological and humanist-ori-

та на познанието, во рамки на антрополошко-хуманистички ориентирана марксистичка праксис филозофија, и ја обликува филозофската терминологија.

Докторска дисертација: „Дефиниција“ (1965)

ented Marxist philosophy of praxis, and contributed significantly to the formation of Macedonian philosophical terminology.

Ph.D. dissertation: “Definition” (1965)



Јовановски, Коле (1945-2020) се занимава со дисциплините филозофска антропологија, аксиологија и филозофска терминологија, а и неговите најзначајни книги се поврзани токму со овие дисциплини: „Филозофска антропологија“ (2000), „Филозофски речник“ (2002), „Проблемот на смислата“ (2002). Тој е првиот завршен студент на последипломските студии на Институтот. Во своите истражувања Јовановски го поставува прашањето за смислата како централна антрополошка категорија, разгледувајќи ја човековата природа преку категориите потреба, опредметување, слобода, отуѓување и вредност. Поради тоа, се истакнува неговата улога во систематското развивање на филозофската антропологија и во теориското втемелување на аксиологијата.

Jovanovski, Kole (1945–2020) specialized in philosophical anthropology, axiology, and philosophical terminology. His most significant works are closely connected to these fields: “Philosophical Anthropology” (2000), “Philosophical Dictionary” (2002), and “The Problem of Meaning” (2002). He was the first graduate of the Institute’s postgraduate programme. In his research, Jovanovski approached meaning as a central anthropological category, examining human nature through the concepts of need, objectification, freedom, alienation, and value. His work is particularly important for the systematic development of philosophical anthropology and for the theoretical grounding of axiology within Macedonian philosophical thought.

Магистерска теза: „Марксовиот концепт за човековите потреби“ (1985)

Докторска дисертација: „Проблемот на смислата во југословенската филозофија“ (1989)

M.A. thesis: “Marx’s Concept of Human Needs” (1985)

Ph.D. dissertation: “The Problem of Meaning in Yugoslav Philosophy” (1989)

Јордановски, Стојан (1928–1997) се занимава со методиката на наставата по филозофија, филозофијата на образованието и општествено-политичката мисла, особено со проблемите на наставните програми, дидактичките пристапи и улогата на филозофските и марксистичките содржини во образованието. Негови позначајни дела се учебниците „Марксизам и самоуправување“ за I-IV клас средно образование (коавтор), како и голем број трудови од методско-педагошката проблематика. Неговата дејност придонесува во развојот и институционализацијата на методиката на наставата по филозофија, во унапредувањето на наставните програми и практики во средното образование, како и во поврзувањето на филозофското образование со поширокиte општествени и идејни контексти на своето време.

Jordanovski, Stojan (1928–1997) specialized in the methodics of teaching philosophy, philosophy of education, and social and political thought, with particular interest in curricular issues, didactic approaches, and the role of philosophical and Marxist content in education. His most significant works include the secondary-school textbook series “Marxism and Self-Management” for grades I–IV (co-authored), as well as numerous studies devoted to methodical and pedagogical questions. His work contributed to the development and institutionalization of the methodics of teaching philosophy, to the improvement of curricula and educational practices in secondary education, and to connecting philosophical education with the broader social and intellectual contexts of its time.



Јосифовски, Јонче (1920-2009) е основоположник на логиката како самостојна научна дисциплина во Македонија. Дипломира на Институтот за филозофија во 1951 година како прв завршен студент на додипломските студии на Институтот. Негови позначајни дела се: „Неопозитивизмот“ (1959), „Семантиката и семантичката филозофија“ (1962), „Што е метафизика“ (1964); универзитетските учебници „Увод во симболичката логика“ (1970) и „Историја на логиката“ (1973), како и средношколскиот учебник „Филозофија“ (1967), подоцна објавен како „Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови“ (1977). Заедно со Митко Илиевски е автор на гимназискиот учебник „Логика“ (1976). Иницијатор е и за основањето на филозофското списание „Филозофска трибина“. Се истакнува неговата улога во теориското втемелување на логиката како автономна научна дисциплина со сопствен предмет, како и во систематското развивање на

Josifovski, Jonče (1920–2009) was the founder of logic as an autonomous academic discipline in Macedonia. He graduated from the Institute of Philosophy in 1951 as the first student to complete its undergraduate programme. His most significant works include “Neopositivism” (1959), “Semantics and Semantic Philosophy” (1962), “What Is Metaphysics?” (1964), the university textbooks “Introduction to Symbolic Logic” (1970) and “History of Logic” (1973), as well as the secondary-school textbook “Philosophy” (1967), later republished as “Marxist Philosophy with an Overview of the History of Philosophy and Selected Texts” (1977). Together with Mitko Ilievski, he co-authored the secondary-school textbook “Logic” (1976). He was also the initiator of the philosophical journal “Filozofska Tribina”. His contribution is particularly significant in the theoretical grounding of logic as an autonomous discipline with its own subject matter, as well as in the systematic development of philosophy and logic curricula and research pro-

наставата и научната програма по филозофија и логика во македонската филозофско-образовна средина.

Докторска дисертација: „Теоријата на познанието и формалната логика кај Југословените од XIX век до Втората светска војна“ (1964)

grammes within the Macedonian philosophical and educational context.

Ph.D. dissertation: “Theory of Knowledge and Formal Logic among the Yugoslav Peoples from the Nineteenth Century to the Second World War” (1964)



Маркоска, Чубриновска Анета (1960) се занимава со логика, филозофија на јазикот и методологија, со особено интересирање за модалната, темпоралната и поливалентната логика, како и за семантиката на природниот јазик. Од 1984 до 1991 година работи како асистент на Институтот за филозофија, каде што е ангажирана во наставата по логика и методологија. Меѓу нејзините позначајни трудови се издвојува книгата „Логиката на јазикот“ (2011), како и повеќе научни статии посветени на модалната и темпоралната логика и нивната примена во семантиката на природниот јазик. Во нив таа ја развива формалната логика и нејзината примена во филозофијата на јазикот, ја продлабочу-

Markoska-Čubrinovska, Aneta (1960) specializes in logic, philosophy of language, and methodology, with particular interest in modal, temporal, and many-valued logics, as well as the semantics of natural language. Between 1984 and 1991, she worked as a teaching assistant at the Institute of Philosophy, where she was involved in teaching logic and methodology. Among her most significant works is the book “The Logic of Language” (2011), as well as numerous scholarly articles devoted to modal and temporal logic and their application to the semantics of natural language. In these works, she develops formal logic and its applications in philosophy of language, deepens the semantic analysis of natural language,

ва семантичката анализа на природниот јазик, и ги поврзува логичките системи со современите лингвистички и филозофски истражувања.

Магистерска теза: „Анализа на каузалноста во модалниот јазик ML^{v}“ (1989)

Докторска дисертација: „Логичката семантика како општа теорија на значенските јазички структури: еден систем на интензионална логика на македонскиот јазик“ (1998)

and connects logical systems with contemporary linguistic and philosophical research.

M.A. thesis: “An Analysis of Causality in the Modal Language ML^{v}” (1989)

Ph.D. dissertation: “Logical Semantics as a General Theory of Meaning Structures in Language: A System of Intensional Logic for the Macedonian Language” (1998)



Миќиќ, Загорка (1903–1982) се занимава со феноменологијата, логиката, историјата на филозофијата и теоријата на познанието, со особено интересирање за Хусерловата филозофија и за односот меѓу феноменологијата и марксизмот. Во периодот 1954–1972 година работи како професор на Институтот за филозофија, каде што предава логика и историја на филозофијата. Нејзини позначајни дела се: „Феноменологијата на Едмунд Хусерл“ (1937), „Германска класична филозофија“ (1958), „Увод во логиката“ (1961) и „Совреме-

Mićić, Zagorka (1903–1982) specialized in phenomenology, logic, the history of philosophy, and theory of knowledge, with particular interest in Husserl’s philosophy and the relationship between phenomenology and Marxism. Between 1954 and 1972, she served as professor at the Institute of Philosophy, where she taught logic and the history of philosophy. Her most significant works include “The Phenomenology of Edmund Husserl” (1937), “German Classical Philosophy” (1958), “Introduction to Logic” (1961), and “Contemporary Bourgeois Philosophers

ните граѓански филозофи за марксизмот“ (1976). Нејзиното дело го овозможува раното и систематско воведување на феноменологијата во југословенскиот и македонскиот филозофски контекст, го развива наставниот корпус по логика и историја на филозофијата и настојува критички да ги поврзе феноменологијата и марксизмот како комплементарни филозофски перспективи.

Докторска дисертација: „Феноменологијата на Едмунд Хусерл“ (1934)

on Marxism” (1976). Her work enabled the early and systematic introduction of phenomenology into the Yugoslav and Macedonian philosophical context, contributed to the development of teaching in logic and the history of philosophy, and advanced a critical dialogue between phenomenology and Marxism as complementary philosophical perspectives.

Ph.D. dissertation: “The Phenomenology of Edmund Husserl” (1934)

Мухиќ, Ферид (1943) се занимава со историја на филозофијата, особено со современата филозофија, како и со филозофска антропологија, филозофија на политиката, филозофија на религијата и филозофска методологија. На Институтот за филозофија ги воведува предметите Филозофска антропологија, и Филозофија на религијата. Негови позначајни дела се: „Критички методи“ (1977), „Филозофија на иконокластиката“ (1983), „Јазикот на филозофијата“ (1995), „До-

Muhić, Ferid (1943) specializes in the history of philosophy, particularly modern philosophy, as well as philosophical anthropology, political philosophy, philosophy of religion, and philosophical methodology. At the Institute of Philosophy, he introduced the courses Philosophical Anthropology and Philosophy of Religion. His most significant works include “Critical Methods” (1977), “The Philosophy of Iconoclasm” (1983), “The Language of Philosophy” (1995), “Domination and Revolution”

минација и револуција“ (2005), „Логос и/или хиерархија“ (2006), „Филозофијата на религијата во германскиот идеализам“ (2009), како и повеќетомниот проект „Расата на филозофите“ (од 2005-). Неговите дела нудат оригинално интерпретирање на историјата на филозофијата како духовна, егзистенцијална и културна историја на мислењето, придонесуваат за институционалното воведување на клучни филозофски дисциплини и развиваат антрополошко-херменевтички пристап во кој филозофијата се разбира како јазик на човечкиот однос кон светот и како жива духовна практика. Од 2011 година член е на Бошњачката академија на науките и уметностите (БАНУ) и е избран за нејзин прв претседател, од 2017 година на Европската академија на науките и уметностите, а од 2019 на Босанската академија на науките и уметностите „Кулин Бан“.

Магистерска теза: „Социолошки аспекти на општествените револуции“ (1970); „Проблемот на книжевна мотивација во делото на Жерар Женет“ (1972)

Докторска дисертација: „Негативна утопија на XX век“ (1980)

(2005), “Logos and/or Hierarchy” (2006), “The Philosophy of Religion in German Idealism” (2009), as well as the multi-volume project “The Race of Philosophers” (2005–). His work offers original interpretations of the history of philosophy as an intellectual, existential, and cultural history of thought, contributed to the institutional establishment of key philosophical disciplines, and developed an anthropologico-hermeneutical approach in which philosophy is understood as the language of humanity’s relation to the world and as a living spiritual practice. Since 2011, he has been a member of the Bosniak Academy of Sciences and Arts (BANU), serving as its first President; since 2017, a member of the European Academy of Sciences and Arts; and since 2019, a member of the Bosnian Academy of Sciences and Arts “Kulin Ban”.

M.A. theses: “Sociological Aspects of Social Revolutions” (1970); “The Problem of Literary Motivation in the Work of Gérard Genette” (1972)

Ph.D. dissertation: “Negative Utopia in the Twentieth Century” (1980)

Ноневски, Вангел (1977) се занимава со естетиката, филозофската антропологија и филозофијата на културата, со особено интересирање за медијалноста и технолошките трансформации на уметноста. Негови позначајни книги се: „Музички бриколаж“ (2003), „Грамофонот како метаинструмент“ (2014) и „Киборшка естетика“ (2018). Во неговите дела се конституира медиумската и техно-естетичката проблематика како легитимно поле на современата естетика, систематски се анализира уметничкото дело како технолошки посредувана структура и се отвора интердисциплинарен дијалог меѓу естетиката, културолошките студии и филозофијата на технологијата.

Магистерска теза: „Естетиката на директниот колажизам во современата урбана музика“ (2006)

Докторска дисертација: „Филозофските основи на дигиталната естетика“ (2012)

Nonevski, Vangel (1977) specializes in aesthetics, philosophical anthropology, and philosophy of culture, with particular interest in mediality and the technological transformations of art. His most significant books include “Musical Bricolage” (2003), “The Gramophone as a Metainstrument” (2014), and “Cyborg Aesthetics” (2018). His work establishes media and techno-aesthetic issues as a legitimate field of contemporary aesthetics, offers systematic analyses of the artwork as a technologically mediated structure, and opens an interdisciplinary dialogue between aesthetics, cultural studies, and the philosophy of technology.

M.A. thesis: “The Aesthetics of Direct Collagism in Contemporary Urban Music” (2006)

Ph.D. dissertation: “The Philosophical Foundations of Digital Aesthetics” (2012)

Панзова, Виолета (1948–2020) се занимава со логиката, епистемологијата, филозофијата на јазикот и методологијата на научно-истражувачката работа, особено со проблемите на семантиката, значењето, вистината, логичките парадокси и рационалноста на научното истражување. Нејзини позначајни дела се: „Универзалната граматика и македонскиот јазик“ (1996), „Логика – општа теорија на рационалноста“ (2000), „Науката како занает“ (2003) и „Вештината на истражувањето: општите постапки во научната работа“ (2018). Таа ја продлабочува современата логичка и семантичка анализа, придонесува во оформувањето на македонската логичка терминологија („Логички лексикон“, 2005), ја концептуализира логиката како општа теорија на рационалноста, и ја развива методологијата на научно-истражувачката работа преку систематизирање на логичко-методолошките постапки и унапредување на истражувачката култура во високото образование.

Panzova, Violeta (1948–2020) specialized in logic, epistemology, philosophy of language, and methodology of scientific research, particularly in the areas of semantics, meaning, truth, logical paradoxes, and the rationality of scientific inquiry. Her most significant works include “Universal Grammar and the Macedonian Language” (1996), “Logic – A General Theory of Rationality” (2000), “Science as a Craft” (2003), and “The Craft of Research: General Procedures in Scientific Work” (2018). She advanced contemporary logical and semantic analysis, contributed to the development of Macedonian logical terminology (“Logical Lexicon”, 2005), conceptualized logic as a general theory of rationality, and further developed research methodology through the systematization of logical and methodological procedures and the promotion of research culture in higher education.

M.A. thesis: “Semantic Paradoxes and Attempts at Their Resolution” (1981)

Магистерска теза: „Семантичките парадокси и обидите за нивно разрешување“ (1981)

Докторска дисертација „Можностите за примена на логичките конструкции — Монтеѓуовата граматика и македонскиот јазик“ (1989)

Ph.D. dissertation: “The Possibilities for Applying Logical Constructions: Montague Grammar and the Macedonian Language” (1989)

Пешевска-Заревска, Олга (1946–2023) се занимава со методиката на наставата по филозофија, филозофското образование и дидактиката, особено со прашањата на наставните методи, развојот на критичкото мислење и улогата на филозофијата во образованието. Меѓу нејзините позначајни трудови се издвојува книгата „Современа методика на наставата по филозофија“ (2010), како и повеќе статии посветени на филозофското образование и наставната практика. Со нејзината дејност таа ја афирмира и ја развива методиката на наставата по филозофија како научна дисциплина, развива современи дидактички пристапи засновани врз дијалошка настава и го унапредува филозофското образование во средното и високото образование.

Peševska-Zarevska, Olga (1946–2023) specialized in the methodics of teaching philosophy, philosophical education, and didactics, with particular interest in teaching methods, the development of critical thinking, and the role of philosophy in education. Among her most significant works is the book “Contemporary Methodics of Teaching Philosophy” (2010), as well as numerous articles devoted to philosophical education and teaching practice. Through her work, she promoted and developed the methodics of teaching philosophy as an academic discipline, advanced contemporary didactic approaches grounded in dialogical teaching, and contributed to the improvement of philosophical education at both secondary and higher levels.

Магистерска теза: „Тематско планирање и методичко подготвување на наставата по филозофија во средните училишта“ (1996)

Докторска дисертација: „Филозофската едукација во средните училишта“ (1998)

M.A. thesis: “Thematic Planning and Methodical Preparation of Philosophy Teaching in Secondary Schools” (1996)

Ph.D. dissertation: “Philosophical Education in Secondary Schools” (1998)



Поповска, Јасмина (1985) се занимава со историјата на филозофијата – античката, средновековната и византиската филозофија, особено со прашањата за методите и целите на историјата на филозофијата и со аристотеловиот концепт „phronesis“ и неговите интерпретации во различни историски контексти. Меѓу нејзините позначајни трудови се издвојува книгата „Целите и методите на историјата на филозофијата: Платон како парадигма“ (2023), како и повеќе научни трудови посветени на античката филозофија, етиката и филозофското образование. Таа го продлабочува развојот на метафилозофската анализа на историјата на филозофијата, го афирмира поимот „phronesis“ како клучна категорија за разбирање на етичкото расудување, и ги

Popovska, Jasmina (1985) specializes in the history of philosophy—ancient, medieval, and Byzantine philosophy—with particular interest in the aims and methods of the history of philosophy and in the Aristotelian concept of phronesis and its interpretations in different historical contexts. Among her most significant works is the book “The Aims and Methods of the History of Philosophy: Plato as a Paradigm” (2023), as well as numerous scholarly articles devoted to ancient philosophy, ethics, and philosophical education. Her work advances the metaphilosophical analysis of the history of philosophy, highlights phronesis as a key concept for understanding ethical reasoning, and connects historico-philosophical inquiry with con-

поврзува историско-филозофските истражувања со современите образовни и интердисциплинарни практики.

Магистерска теза: „Проблемот на познанието во стоичката и епикурејската филозофија“ (2010)

Докторска дисертација: „Проблемот на толкувањето на Платоновата филозофија“ (2013)

temporary educational and interdisciplinary practices.

M.A. thesis: “The Problem of Knowledge in Stoic and Epicurean Philosophy” (2010)

Ph.D. dissertation: “The Problem of Interpreting Plato’s Philosophy” (2013)

Радовиќ, Живорад (1907–1979) се занимава со логиката, филозофијата на науката и психологијата, со особено интересирање за научното откритие и развојот на логичката мисла. Во периодот 1948–1951 година работи како професор на Институтот за филозофија, каде што предава Логика и Историја на филозофијата. Негови позначајни дела се: „Филозофијата на Анри Поенкаре и нејзиното значење“ (дисертација) (1941), „За научното откритие“ (1951), „Поглед на главните моменти во развојот на логиката“ (1952), „Психологија со основи на логиката“ (учебник) (1962). Ја воведува наставата по логика и историја на филозофијата уште во раната фаза

Radović, Živorad (1907–1979) specialized in logic, philosophy of science, and psychology, with particular interest in scientific discovery and the development of logical thought. Between 1948 and 1951, he served as professor at the Institute of Philosophy, where he taught Logic and History of Philosophy. His most significant works include “Henri Poincaré’s Philosophy and Its Significance” (dissertation, 1941), “On Scientific Discovery” (1951), “An Overview of the Main Stages in the Development of Logic” (1952), and “Psychology with the Foundations of Logic” (textbook, 1962). He introduced the teaching of logic and the history of philosophy during the Institute’s formative years,

од развојот на Институтот, ја афирмира филозофијата на науката и проблемот на научното откритие и ги поставува основите на логичкото образование преку првите учебни и прегледни трудови од оваа област.

Докторска дисертација: „Филозофијата на Анри Поанкаре и нејзиното значење“ (1941)

promoted the philosophy of science and the problem of scientific discovery, and laid the foundations of logical education through some of the earliest textbooks and survey studies in the field.

Ph.D. dissertation: “Henri Poincaré’s Philosophy and Its Significance” (1941)



Саркањац, Бранислав (1958) се занимава со филозофијата на политиката, социологијата на медицината и социологијата на здравјето и болеста, со особено интересирање за односот меѓу идеологијата, поединецот, институциите и јавните политики во современиот транзициски и демократски контекст. Негови позначајни дела се: „Идеологијата и субјективитетот“ (1993), „Македонски катахрезис“ (2001), „Јавно здравје и здравствена реформа – политички и социолошки аспекти“ (2008), „По свое: македонски катахрезис или како да се зборува за Македонија“ (2009), „Идеологијата и поединецот“ (2009), „Дома: идејата на конзерватизмот“ (2011) и

Sarkanjac, Branislav (1958) specializes in political philosophy, the sociology of medicine, and the sociology of health and illness, with particular interest in the relationship between ideology, the individual, institutions, and public policy in contemporary transitional and democratic contexts. His most significant works include “Ideology and Subjectivity” (1993), “Macedonian Catachresis” (2001), “Public Health and Healthcare Reform: Political and Sociological Aspects” (2008), “In One’s Own Way: Macedonian Catachresis, or How to Speak about Macedonia” (2009), “Ideology and the Individual” (2009), “Home: The Idea of Conservatism” (2011), and “How to Understand a Hu-

„Како да разберам човек“ (2017). Ја развива филозофијата на политиката како критичка и интердисциплинарна анализа на транзициското општество, ја поврзува политичката теорија со социологијата на медицината и јавните политики, и ги продлабочува прашањата за идеологијата, субјективноста, домот, припадноста, легитимноста и јавната одговорност во современиот македонски контекст.

Магистерска теза: „Идеологијата и субјективитетот“ (1993)

Докторска дисертација: „Односот меѓу филозофијата на егзистенцијализмот и антипсихијатријата во списите на Жан-Пол Сартр и Роналд Дејвид Леинџ“ (1996)

man Being” (2017). His work develops political philosophy as a critical and interdisciplinary analysis of transitional society, connects political theory with the sociology of medicine and public policy, and deepens discussions of ideology, subjectivity, home, belonging, legitimacy, and public responsibility in the contemporary Macedonian context.

M.A. thesis: “Ideology and Subjectivity” (1993)

Ph.D. dissertation: “The Relationship between Existentialist Philosophy and Anti-Psychiatry in the Writings of Jean-Paul Sartre and Ronald David Laing” (1996)

Солунчев, Ристо (1976) се занимава со историјата на филозофија, современата филозофија и филозофија на постмодернизмот, со особено интересирање за филозофијата на Ниче, Фуко и современите континентални правци, како и за односот меѓу филозофијата, политиката и културата. Негови

Solunčev, Risto (1976) specializes in the history of philosophy, contemporary philosophy, and the philosophy of postmodernism, with particular interest in the philosophies of Nietzsche and Foucault, contemporary Continental thought, and the relationship between philosophy, politics, and culture. His most signifi-

позначајни дела се: „Археологија на субјектот“ (2020), „Философијата вчера“ (2021), „Ниче и постмодерната машина“ (2022) како и повеќе научни трудови посветени на проблемите на субјективноста, постмодернизмот, демократијата, револуцијата и трансхуманизмот. Ја развива современата филозофска рефлексија преку интерпретација на постмодерната и континенталната традиција, ги анализира поимите на субјектот, слободата и политичката егзистенција, и ја поврзува филозофијата со културните и уметничките практики.

Магистерска теза: „Субјектот во филозофијата на Мишел Фуко“ (2008)

Докторска дисертација: „Постмодернистичка интерпретација на философскиот опус на Фридрих Ниче (или за една нова терапевтика на субјективноста)“ (2010)

cant works include “Archaeology of the Subject” (2020), “Philosophy Yesterday” (2021), “Nietzsche and the Postmodern Machine” (2022), as well as numerous scholarly articles devoted to the problems of subjectivity, postmodernism, democracy, revolution, and transhumanism. His work advances contemporary philosophical reflection through interpretations of the postmodern and Continental traditions, analyzes the concepts of subjectivity, freedom, and political existence, and connects philosophy with cultural and artistic practices.

M.A. thesis: “The Subject in the Philosophy of Michel Foucault” (2008)

Ph.D. dissertation: “A Postmodern Interpretation of Friedrich Nietzsche’s Philosophical Oeuvre (or, Towards a New Therapeutics of Subjectivity)” (2010)



Старделов, Георги (1930–2021) се занимава со естетиката, филозофијата на културата и херменевтиката, со особено интересирање за уметноста, литературата и нивното

Stardelov, Georgi (1930–2021) specialized in aesthetics, philosophy of culture, and hermeneutics, with particular interest in art, literature, and their immediate experience

непосредно доживување и толкување. Негови позначајни дела се: „Experimentum Macedonicum“ (1983), повеќетомниот „Summa Aestheticae“ (1991), „Искушенијата на естетичкиот ум“ (2003), „Епоха Блаже Конески“ (2018), како и бројни студии и есеи посветени на македонската и европската естетика и култура. Неговите дела систематски ја развиваат естетиката и филозофијата на културата, го афирмираат херменевтичкиот пристап кон уметноста и литературата, и темелно ја истражуваат и интерпретираат македонската култура во поширок балкански и европски контекст. Член е на МАНУ од 1986, а од 2008–2011 е нејзин претседател.

Докторска дисертација: „Развитокот на естетиката кај југословенските народи“ (1965)

and interpretation. His most significant works include “Experimentum Macedonicum” (1983), the multi-volume “Summa Aestheticae” (1991), “The Temptations of the Aesthetic Mind” (2003), “The Blaže Koneski Epoch” (2018), as well as numerous studies and essays devoted to Macedonian and European aesthetics and culture. His work systematically developed aesthetics and the philosophy of culture, promoted a hermeneutical approach to art and literature, and offered extensive interpretations of Macedonian culture within a broader Balkan and European context. He was elected a member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts in 1986 and served as its President from 2008 to 2011.

Ph.D. dissertation: “The Development of Aesthetics among the Yugoslav Peoples” (1965)



Темков, Кирил (1943–2025) се занимава со етика, естетика, филозофија на културата и филозофија на образованието, со особено интересирање за моралот, вредностите и

Temkov, Kiril (1943–2025) specialized in ethics, aesthetics, philosophy of culture, and philosophy of education, with particular interest in morality, values, and responsibility.

одговорноста. Во периодот 1971–1994 година ја раководи Естетичката лабораторија, претставувајќи нејзин носечки и движечки фактор. На Институтот за филозофија ги воведува предметите Филозофија на политиката и Филозофија на менаџерството. Неговата работа ја насочува етиката кон современите општествени и воспитни контексти, како и кон интердисциплинарни подрачја како биоетиката, еколошката и професионалната етика. Негови позначајни дела се: „Отворен универзитет“ (1993), „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ (1997), „Етика“ (1998), „Етиката денес“ (1999), „Етика на културата“ (2009), „Професионална етика“ (2011), „Градот и етиката“ (2020), како и „Како да се биде добар: етика за млади“ (2007) и „Етички речник за младите“ (2001). Систематски ја разработува етиката како самостојна филозофска дисциплина, ја проширува кон современите морални и културни практики и има значајна улога во нејзината афирмација и институционализација во образовниот систем.

Докторска дисертација: „Теоретските погледи на Мито Хаџи Василев Јасмин“ (1982)

Between 1971 and 1994, he headed the Aesthetic Laboratory, serving as its leading figure and principal driving force. At the Institute of Philosophy, he introduced the courses Philosophy of Politics and Philosophy of Management. His work oriented ethics toward contemporary social and educational contexts, as well as toward interdisciplinary fields such as bioethics, environmental ethics, and professional ethics. His most significant works include “Open University” (1993), “Mito Hadži Vasilev-Jasmin” (1997), “Ethics” (1998), “Ethics Today” (1999), “The Ethics of Culture” (2009), “Professional Ethics” (2011), “The City and Ethics” (2020), as well as “How to Be Good: Ethics for Young People” (2007) and “An Ethical Dictionary for Young People” (2001). His work systematically developed ethics as an autonomous philosophical discipline, expanded its scope toward contemporary moral and cultural practices, and played a significant role in its affirmation and institutionalization within the educational system.

Ph.D. dissertation: “The Theoretical Views of Mito Hadži Vasilev-Jasmin” (1982)



Тодоровска, Марија (1987) се занимава со филозофија на религијата, особено со проблемите на светото, митот, ритуалот, апофатиката и злото. Нејзини позначајни дела се: „Митот како света сказна“ (2015), „Дијаболичната природа на светото“ (2016), „Неискажливата природа на божественото“ (2020), „Амбивалентноста на демонското во Месопотамија и во Стар Египет“ (2022) и „Падот на ангелите и потеклото на злото во раноxристијанските извори“ (2025), како и бројни научни трудови посветени на феноменологијата и теоријата на религијата и апофатичката традиција. Во нејзините дела таа ги продлабочува теориите за светото и религиските феномени преку интердисциплинарен пристап што ги поврзува филозофијата на религијата, антропологијата и културолошките студии.

Магистерска теза: „Митот како света сказна“ (2010)

Докторска дисертација: „Дијаболичната природа на светото“ (2013)

Todorovska, Marija (1987) specializes in philosophy of religion, particularly the problems of the sacred, myth, ritual, apophaticism, and evil. Her most significant works include “Myth as Sacred Tale” (2015), “The Diabolical Nature of the Sacred” (2016), “The Ineffable Nature of the Divine” (2020), “The Ambivalence of the Demonic in Mesopotamia and Ancient Egypt” (2022), and “The Fall of the Angels and the Origin of Evil in Early Christian Sources” (2025), as well as numerous scholarly studies devoted to the phenomenology and theory of religion and the apophatic tradition. Her work deepens theories of the sacred and religious phenomena through an interdisciplinary approach that brings together philosophy of religion, anthropology, and cultural studies.

M.A. thesis: “Myth as Sacred Tale” (2010)

Ph.D. dissertation: “The Diabolical Nature of the Sacred” (2013)

Хаџи-Пуља, Вера (1987) се занимава со онтологија, филозофска антропологија и феноменологија, со особено интересирање за прашањата на познанието, раната германска феноменологија и односот меѓу искуството, телесноста и раѓањето. Во периодот 2014–2020 година работи на Институтот за филозофија како асистент-докторанд. Таа го разработува феноменолошкиот пристап во онтологијата и филозофската антропологија, особено преку истражувањата на граничните проблеми на искуството, интерсубјективноста и телесноста, како и во поврзувањето на класичната феноменологија со современи интердисциплинарни истражувања.

Магистерски труд: „Трипати ништо. Првиот пат, за феноменологијата на ништото. Вториот пат, за аналитиката на тегобноста. Последниот, за фундаменталната онтологија. Истражувања тргнувајќи од Кјеркегор и Хајдегер.“ (2011)

Докторска дисертација: „Феноменологија и раѓање“ (2023)

Hadži-Pulja, Vera (1987) specializes in ontology, philosophical anthropology, and phenomenology, with particular interest in questions of knowledge, early German phenomenology, and the relationship between experience, embodiment, and birth. Between 2014 and 2020, she worked at the Institute of Philosophy as a teaching assistant – PhD candidate. Her work develops phenomenological approaches in ontology and philosophical anthropology, particularly through investigations of the limits of experience, intersubjectivity, and embodiment, as well as through connecting classical phenomenology with contemporary interdisciplinary research.

M.A. thesis: “Nothing Three Times. First, on the Phenomenology of Nothingness. Second, on the Analytic of Anxiety. Finally, on Fundamental Ontology. Investigations Beginning with Kierkegaard and Heidegger.” (2011)

Ph.D. dissertation: “Phenomenology and Birth” (2023)

